**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

**ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСЕН МЕНАЏМЕНТ**

# МАГИСТЕРСКИ ТРУД

**на тема:**

# Влијание на онлајн платформите за ширење насилен екстремизам, радикализација и регрутација за терористички цели


**Ментор**

**проф. д-р Тања Милошевска**

**Кандидат**

**Селмин Несимоски**


Скопје, 2023 година

На самиот почеток, сакам да изразам огромна благодарност до професорите од Институтот за безбедност, одбрана и мир, за нивната посветеност, мотивација и знаење кое ни го пренесоа. Понекогаш знаеше да биде тешко, макотрпно да се учи и работи, но во секој момент ќе најдевме некоја инспирација која произлегуваше токму од нив. Посебна и неизмерна благодарност до мојата менторка проф. д-р Тања Милошевска и проф. д-р Билјана Ванковска, кои во секој миг претставуваа извор на мотив да се твори во научната област. Личности кои секогаш ти давале инспирација за да продолжиш напред кога и да чувствуваш замор и исцрпеност. Кога ќе дојдат моменти во кои ќе те обземе помислата дека стагнираш, тие во вистинскиот момент ќе ги кажат вистинските зборови и ќе ја пламнат твојата мотивација.

*Тероризмот е, пред сè, насилство посветено на политички цели. Тоа, барем, повлекува линија помеѓу тероризмот и редовниот криминал, иако двете може да се преклопуваат. Нешто потешко е да се разликува тероризмот од другите форми на војување, а разликата не е во тоа што едниот го води владата, а другиот банди. Тероризмот може да биде извршен од бунтовници, од тајна полиција, па дури и од страна на војници...*

***Брајан Џенкинс (Terrorism works – sometimes 1974)***

*Посветено на моето семејство...*

1. Вовед ........................................................................................................5
1.1 Проблем на истражување.........................................................................8
1.2 Предмет на истражување........................................................................11
1.3. Досегашни истражувања........................................................................ 13
1.4. Цели и задачи......................................................................................... 15
1.5. Дефинирање на основните поими ......................................................... 17
1.6. Основна хипотетичка рамка...................................................................20
1.7. Научна и општествена оправданост на истражувањето ........................22
1.8. Методи и техники на истражувањето ....................................................23
2.1 Реконцепција на тероризмот како безбедносна закана..........................24
2.2 Дефинирање на тероризмот...................................................................27
2.2.1 (Не)можноста за дефинирање на тероризмот .......................................29
2.3 Меѓународен одговор на тероризамот ....................................................32
3. Трите златни карти на тероризмот – радикализација, регрутација и насилен екстремизам ........................................................................................................36
3.1 Реконцпеција на радикализацијата ........................................................36
3.2. Радикализацијата како инструмент на тероризмот ..............................38
3.2.1 Радикализацијата како процес ...............................................................40
3.3 Олеснувачки фактори кои ја зголемуваат радикализацијата во терористичките организации .........................................................................44
3.4 Регрутација на членови во терористичките организации......................45
3.5 Циклус на регрутирање терористи..........................................................47
3.6 Насилен екстремизам ...............................................................................50
3.6.1 Класификација на насилните екстремисти.............................................54
4. Влијанието на онлајн платформите за ширење на насилен екстремизам, радикализација и регрутрација за терористички цели .......................................55
4.1 Користењето на интернетот од страна на екстремистички групи ................57

*4.1.1 Интернетот како алатка за функционирање на насилните екстремистички групи* ....................60

4.2 Улогата на интернетот во реализирање на терористичките цели....................62

4.2.1 Како терористите шифрирано комуницираат преку интернет-платформи ....................67

4.3 Интернет-платформите како идеална арена за реализирање на терористичките цели ....................72

4.3.1 Почетокот и еволуцијата на симбиотската врска помеѓу тероризмот и (социјалните) медиуми(те) ....................75

4.3.2 Влијанието на (социјалните) медиуми во радикализацијата и регрутирањето .................... 80

4.3.3 Пропаганда....................84

4.4 Неисцрпната мотивација и инспирација за терористите – Al-Awlak....................89

4.5 Терористичките активности и темната страна на интернетот (дарк веб) ....94

5 Препораки за справување со тероризмот и насилниот екстремизам ....................98

6 ЗАКЛУЧОК....................104

БИБЛИОГРАФИЈА....................109

# 1. Вовед

Тероризмот отсекогаш ја поттикнувал, ја поттикнува и ќе ја поттикнува истражувачката љубопитност кај истражувачите од оваа област. Ова се должи на неговата деструктивност, односно изведувањето на терористичките напади, кое остава белег речиси на сите страни на светот. Сето ова се случува поради две причини: Прво, неселективниот и непредвидлив терористички акт, кој често знае да биде со голем број жртви, влева страв кај оние лица кои се присутни во непосредна близина на местото, како и оние кои се идентификуваат со жртвата (крвно сродство, пријатели и слично) – директен терор. Второ, често се смета дека целта на секој терорист, или, пак, целта на терористичките организации е да се предизвика голем број човечки жртви и материјална загуба. Но, ова би било премногу тесно гледиште за овој сложен феномен, недоволно разбрано и многу потценувачко бидејќи тероризмот и терористичките организации своите терористички акти ги изведуваат за да предизвикаат страв и врз пошироката јавност на сите делови од светот. За да се влее овој страв, потребно е пораката да биде пренесена на сите страни на светот. Ова задача е споделена помеѓу традиционалните медиуми, интернетот и онлајн платформите. Сите ја пополнуваат стрелката на мапата која е патоказ до вршење психолошки терор врз целокупната јавност – индиректен тероризам.

За тероризмот не постои единствено прифатена дефиниција, меѓутоа речиси целокупната академска заедница се согласува дека тој е насилен, морално презрен и политички мотивиран.

Иако ќе направиме обид да ја разрешиме дилемата за дефинирањето на тероризмот, фокус на овој труд не е изнаоѓање универзално прифатлива дефиниција, туку осознавање на променетата природа на тероризмот отелотворен преку промената на неговиот *modus operandi*.

Кога ќе се спомене поимот тероризам најверојатно прво нешто што ќе нè асоцира е токму настаните од 11 септември 2001 година. Доколку продолжиме да размислуваме за тероризмот во насока на извршителот на таквиот акт, ќе го посочиме најпрепознатливиот синоним за тероризмот, Ал Каеда. А ако продолжиме да размислуваме за личност која е злобна, бесчувствителна, дури за

некои можеби и психички растроена, тогаш прво што одекнува е второто име за тероризмот, Осама бин Ладен.

Ќе појдеме од констатацијата дека тероризмот ниту започнал со нападите од 11 септември, ниту Ал Каеда е неговиот најопасен застапник, а уште помалку тоа дека Осама бин Ладен е неговиот најголем опонент. Тероризмот постоел многу одамна, меѓутоа развојот на технологијата направи истиот да биде многу видлив, отвори многу нови можности за дејствување, негово проширување преку радикализација и регрутација на членови и што е најбитно дејствување надвор од државата во која е стационирана терористичката организација – резултат на онлајн платформите.

Терористите почнаа да учат од грешките на државните безбедносни служби (како онаа на Едвард Сноуден која ќе ја обработиме подолу во овој труд), така што тие од користење на обичните комуникациски врски преминаа на многу пософистицирани онлајн платформи, користејќи ги програмите и апликации кои овозможуваат да комуницираат терористите анонимно, нивните пораки да останат само помеѓу нив – како криптирани или шифрирана комуникација.

За да се спречи експанзијата на тероризмот и насилниот екстремизам државите и меѓународните институции одлучија да донесат стратешки документи за да се спротивстават на злото (тероризмот) кое добива место во листата на најголеми глобални закани со кој се соочува светот. Така државите формираа стратегија наречена „Контратерористичка“, но подоцна како резултат на новите безбедносни предизвици со кои се соочуваа државите се промени стратегијата за борба со тероризмот, односно се воведе и нова стратегија наречена како „Борба против насилниот екстремизам“, оваа стратегија се однесува на политика, програми и интервенции дизајнирани да ги спречат поединците да се вклучат во насилство поврзано со радикални политички, социјални, културни и религиозни идеологии и групи.

Пандемијата му овозможи на тероризмот да ги искористи сите рестрикции кои беа наметнати, револтот и незадоволството, како и обесправеноста на луѓето за свои цели. Повеќето трендови поврзани со пандемијата во областите на тероризмот и борбата против насилниот

екстремизам се преклопија низ регионите. Терористичките групи се обидоа да ги искористат социо-економските потреси и политичките тензии поврзани со пандемијата – честопати влошени поради ограничувањата, кои ги поткопаа човековите права, а терористичките групи ги искористија за да го прошират своето влијание, да ги поттикнат нивните напори за регрутирање и да ја поткопаат државната власт.

Тероризмот не само што не мирува туку и сè повеќе се модернизира и приспособува на новите трендови. Тероризмот активно почнува да манипулира со голем број луѓе, особено оние кои се угнетувани и маргинализирани, социо-економски нестабилни или лица кои имале тешко и болно минато. Терористичките организации активно почнаа да ги користат регрутирањето, радикализацијата и насилниот екстремизам како алатки за реализирање на својата кауза. Покрај тоа, станува тренд и искористувањето на женскиот пол како извор на финансии и искористување на децата од најмала возраст за обновување и одржување на идеологијата. Станува збор за постоење двоен калифат, едниот е оној „вистинскиот“ и „сајбер или онлајн“ калифат. Сето ова претставува голем предизвик на кој современото општество треба да даде одговор.

Во овој контекст тероризмот не може да биде разгледуван исклучиво само низ призма на насилството. Тој треба да се анализира и низ призма на пропагандата која се шири со масовна брзина преку онлајн платформите како што се социјалните медиуми, веб-сајтовите, форумите, „Јутјуб“ и слично. Насилството и пропагандата имаат нешто заедничко, нивната главна цел е да го променат однесувањето, насилството тоа го остварува преку употреба на сила, најчесто абнормалниот самоубиствен метод, додека, пак, пропагандата цели кон истото само со убедување.

Терористите не запреа тука, како што државите преземаа методи да го запрат нивниот кислород – публицитетот и пристапот до онлајн платформите, тие почнаа да мигрираат кон други онлајн платформи кои им нудат поголема заштита на нивните пораки, нивната локација, собирање финансии, дистрибуција на пропаганден материјал, планирање терористички акти и елиминирање на можноста да бидат уапсени од разузнавачко-безбедносните органи. Така, најдоа свој комфор во темната страна на интернетот – дарк веб.

## 1.1 Проблем на истражување

Низ историјата во различни историски епохи честопати се применувале и/или користеле терористички тактики. Тероризмот можеме да кажеме дека го следи развојот на човештвото од почетокот на неговата историја, идентично како и војната која го следи човекот од најстарите времиња па до ден-денес. Овој феномен го следи развојот на човековата цивилизација најнапред во форма на атентати, киднапирања и земање заложници. Колонијалното ропство во голем број држави во првата половина од дваесеттиот век ќе активира голем број на терористички групи чии мотив е ослободување од повеќевековниот колонијализам. Во овој период тероризмот стана важен фактор за субверзија на многу новопојавени држави, но и имитација на војна против демократските општества. Така, во периодот од 1950 до 1970 година тероризмот го добива својот епитет како современ тероризам каде што насилството постанува доминантна форма за остварување одредени планирани цели.

Користењето на тероризмот, односно неговите тактики не е карактеристично само за терористичките организации (кои во последните неколку децении избегнуваат да се нарекуваат терористички организации со цел да ја избегнат остринатa од домашната, но и светската јавност и себеси се претставуваат најчесто како борци за слободи и права, а со тоа го свртуваат вниманието на медиумите и добиваат сѐ повеќе симпатизери), туку корисници станаа и државите кои го користат за да се елиминираат нивните политички противници и како мошне евтино и ефективно средство во надворешната политика, како и организираните криминални групи кои се служат со терористички тактики за да ја заплашат или евентуално да ја променат власта која се спротивставува на нивното несметано делување и реализација на нивните големи наркооперации.

Нерамномерниот развој во светот предизвика свои последици и аномалии во функционирањето на државите во меѓународниот поредок. Како последица на ова, во научната литература низ текот на изминатите децении се зборуваше за поделба на државите врз географска, релиогиозна, континентална и слична основа. Се зборуваше за постоење на Исток и Запад, потоа се појавија и Север и Југ, Прв, втор и трет свет, па дури и земји во Центарот и Периферијата. Можеби

последната поделба на светот е најидеална за истражување на проблемот со насилниот екстремизам и тероризмот. Развојот на технологијата во центарот оди со многу голема брзина, додека пак во периферијата тој е многу слабо развиен. Оваа втора група е токму легло на терористичките организации, тие таму најдоа идеално засолниште во слабите држави кои немаат развиени правни и политички системи, ниту, пак, капацитет да се справат со модерниот начин на војување во кој технологијата зазема значајна улога. Меѓутоа, со развојот на технологијата и тероризмот почнува да ги користи бенефитите од таквиот развој, особено во делот на радикализација, регрутирање, ширење наративи и слично. Иако за тероризмот не постои единствено прифатлива дефиниција за тоа што претставува истиот, ако се земе предвид, речиси сите кои ја проучуваат оваа проблематика се сложни дека тероризмот е насилен, политички мотивиран и морално презрен.

По нападите на кулите близначки во 2001 година, државите се свртија да војуваат против тероризмот, па така се појави и синтагмата „Глобална војна против тероризмот". Се смета дека секој нејзин составен дел, како и целината на самата фраза се проблематични. И покрај тоа, во секојдневниот политички и безбедносен дискурс таа е најексплоатирана и најзастапена кога се сака да се одбележат (наводно) најголемото зло и најсериозната безбедносна закана која го погодува целото човештво.

Од сето наведено се остава простор да се направи една значајна разлика помеѓу тероризмот и екстремизмот, но и да се покаже нивната меѓусебна поврзаност. Така, екстремизмот и тероризмот, вклучувајќи ги и нивните етимологии, се користат во политичките и медиумските дискурси. Сепак, овие термини немаат исто значење. Екстремизмот се однесува на политички идеи или агенди кои не се прифатени од јавноста. Сепак, тероризмот означува употреба на насилство за да се постигне политичка агенда. Врз основа на дефинициите на двата поими, екстремизмот се претвора во тероризам преку употреба на насилство за да се постигнат неприфатливите агенди и цели. Како резултат на

оваа разлика, екстремизмот може да прерасне во насилен екстремизам, односно да доведе до тероризам и тероризмот повлекува екстремизам.[1]

Екстремизмот може многу лесно да премине во насилен екстремизам, со што доаѓа до примена на насилни методи кои се карактеристични како и оние методи кои ги користи тероризмот, со други зборови, насилниот екстремизам може да резултира во тероризам. Оттука, се јавува и потребата да изнесеме општа дефиниција за насилниот екстремизам како „поединци или групи кои се обидуваат да ги променат политиките на општеството или владата преку закана или употреба на насилство за да постигнат идеолошки, верски или политички цели“.[2]

Радикализацијата не е нов феномен, ама полека но сигурно станува сѐ поголем предизвик за државите, кое се должи на експанзијата на новите технологии, како и растечката поларизација на општеството.

Идеологијата е составен дел од процесот на радикализација, а во фокусот на самиот овој феномен стои религиозниот фундаментализам. Но, значајно е да се напомне дека овој феномен ретко е воден само од идеологијата или религијата. Од тука се поставува и прашањето, кои други фактори може да придонесат за експанзијата на овој феномен? Листата на фактори можеби е долга, а едни од позначајните фактори во овој современ свет се: поединци кои не се задоволни од нивните животи, начинот на кој го поминуваат нивното секојдневие, егзистенција, основни услови за живот и слично, незадоволни од општеството или внатрешната и надворешната политика на нивната влада; и лица од маргинализираните заедници кои трпат дискриминација или губење на идентитетот исто така се плодна почва за регрутирање.

Кога станува збор за радикализацијата и регрутирањето, во ера на растечка технологија и подемот на социјалните медиуми, тие речиси и да не може да се разгледуваат без притоа да се анализира и земе предвид улогата која

---

[1] Hatam El Zein, "*Is the internet the main medium of transmitting terrorism*?", Edith Cowan University, Joondalup Campus, Perth, Western Australia, 16th Australian Information Warfare Conference 2015 (pp. 24-28).

[2] Hutchinson, Jade. "Violent Extremism and Far-Right Radicalism in Australia: A Psychosocial Perspective", Counter Terrorist Trends and Analyses, vol. 9, no. 11, *International Centre for Political Violence and Terrorism Research*, 2017, pp. 16–19. Достапно на: http://www.jstor.org/stable/26351568 Последно пристапено 14.1.2022

ја имаат новите медиуми во постигнување на нивната цел. Баргер во својата анализа за Исламската држава истакнува дека во речиси секој американски случај во кој се обвинети лица за сторено кривично дело поддршка на терористичка група, социјалните медиуми одиграле одредена улога во процесот на регрутација и/или радикализација. Студијата за употребата на „Твитер" на Исламска држава, објавена од авторот на почетокот на 2015 година, откри најмалку 46 000 сметки на „Твитер" кои ја поддржувале организацијата кои биле во употреба во и околу октомври 2014 година. Оттогаш, „Твитер" ги суспендираше сметките на поддржувачите на Исламската држава во голем број, но многу корисници создаваат нови сметки и се враќаат. Тековниот мониторинг сугерира дека моментално има минимум околу 40 000 сметки кои активно ја поддржуваат Исламската држава.[3]

За да се спречи експанзијата на тероризмот и насилниот екстремизам, државите и меѓународните институции одлучија да донесат стратегиски документи за да се спротивстават на тероризмот кој добива место во листата на најголеми глобални закани со кои се соочува светот. Така државите формираа стратегија наречена „Контратерористичка" (CT), но, подоцна, како резултат на новите безбедносни предизвици со кои се соочуваа државите, се промени стратегијата за борба со тероризмот, односно се воведе и нова стратегија наречена „Борба против насилниот екстремизам" (CVE) – стратегија која се однесува на политика, програми и интервенции дизајнирани да ги спречат поединците да се вклучат во насилство поврзано со радикални политички, социјални, културни и религиозни идеологии и групи.

### 1.2 Предмет на истражување

Неспорен е фактот дека тероризмот направил своја еволуција паралелно со развојот и еволуцијата на светот особено неговата техника, технологија и воопшто информатичко-информацискиот развој. Од државно спонзориран тероризам, кој бил карактеристичен за време на Студената војна (некои го нарекуваа и како метод на специјално војување), тој отиде во насока на

---

[3] J.M. Berger, "Tailored Online Interventions: The Islamic State's Recruitment Strategy", *CTC Sentinel*, Vol 8, Issue 10, October 2015, pp. 19. https://www.ctc.usma.edu/wp-content/uploads/2015/10/CTCSentinel-Vol8Iss1036.pdf пристапено 16.1.2022

премисите на религијата и анархијата. Вмрежувањето на религиозно обоените терористички групи во услови на техничко-технолошки развој и експанзија на глобализацијата претставува сериозна закана за целокупниот мир и безбедност на светско ниво.

Интернетот нуди огромни можности за насилните екстремисти низ идеолошкиот спектар и на глобално ниво. Покрај пропагандата, дигиталните технологии ја трансформираа динамиката на радикална мобилизација, регрутирање и учество. Иако џихадистичката закана навидум се намали на Запад, постои опасност интернетот да биде средина каде што радикалните пораки може да преживеат, па дури и да напредуваат.

Глобалната информациско-комуникациска поврзаност во светот (глобализацијата и информациската револуција) му овозможи на тероризмот да добие глобален досег и влијание. Интернетот, кој беше дочекан како интегратор на промените, или нарекуван уште и како простор во кој т.н. „глобално село“ ќе може во секој момент да се собере и да ги решава глобалните проблеми и конфликти, не ги исполни очекувањата кои одеа до таму дека тој ќе биде и инструмент со кој ќе може да се одржуваат демократијата, мирот и стабилноста во светот. Тероризмот (како и другите недржавни вооружени актери) ги препозна значењето и улогата кои ги има во современото општество и започна со негово активно користење.

Во претходниот дел се обидовме накратко да ја доловиме еволуцијата низ која преминал тероризмот за да се дојде до главната проблематика која е цел на овој магистерски труд. Делумно беа теоретски образложени и претставени клучните поими (кои подетално ќе бидат дефинирани подолу), со цел да се разбере суштината на проблемот кој ќе го истражувам.

Ќе се навлезе во основата на тероризмот и насилниот екстремизам, процесите на радикализација и регрутација, причините кои доведуваат до насилен екстремизам и вклучување во извршување на терористичките акти, видови на екстремистички и терористички организации, методи, техники, алатки и оружја кои ги користат за остварување на нивните напади и цели.

Ќе се обработи и интернетот како средство преку кое се остварува процесот познат како „перење мозоци“, односно како преку пропагандата со помош на

интернетот, традиционалните медиуми и новите (првенствено социјални) медиуми се остварува регрутацијата на нови следбеници кои ќе се борат за нивната кауза. Понатаму, ќе се обработи и дарк веб како дел од интернет-просторот преку кој терористите успеваат да го искористат за снабдување со неопходните средства за реализација на нивните операции. Исто така ќе се обработи и изменетиот *Modus operandi* на терористичките организации, нарекнуван уште *„онлајн калифат“*.

Ќе се обработат и антитероризмот и контратероризмот, односно начинот, методите и средствата со кои државите се обидуваат да се справат со насилниот екстремизам, тероризмот, како и процесите на радикализација и регрутација. Меѓутоа, како што напомнав погоре, техничко-технолошкиот развој на светот му овозможи глобално поврзување, а на тероризмот глобално вмрежување и полесно ширење на нивната кауза, радикализација и регрутација на нови членови.

Исто така ќе бидат обработени стратегиите, методите и политиките кои се креирани од страна на меѓународните организации во борбата и справувањето со насилниот екстремизам во интернет-просторот, делувањето на терористите и искористување на интернетот за регрутирање, финансирање, радикализација и ширење на своите наративи преку пропаганда која е пренесена преку (новите) медиуми кои се присутни во онлајн просторот. Оттука, произлегува и потребата да се истражува и за проблемот на координацијата помеѓу разузнавачките служби во државата, но особено помеѓу разузнавачко-безбедносните институции на државите бидејќи тероризмот и насилниот екстремизам го добија приматот за закани од висок степен на безбедносната агенда.

### 1.3. Досегашни истражувања

Во научната литература на Македонија постојат трудови кои го проучуваат овој сложен, специфичен, па дури и во последните неколку години слободно може да му се пристапи и како софистициран феномен – тероризмот. Во современиот свет во кој заканите се многубројни, непредвидливи и постојано еволуираат, Ванковска Билјана прави извонреден обид да ја сублимира, односно да долови и дефинира што сè спаѓа во делокругот на меѓународната (светската) безбедност во делото „Меѓународна безбедност“. Во овој научен труд го става

тероризмот како дел од петте закани со кои се соочуваат државите и воопшто меѓународната безбедност во 21 век. Исто така, го обработува проблемот со наклонетоста на медиумите кон одредена страна недвосмислено истакнувајќи го комерцијалниот интерес на овие медиуми, кои ги нарекува, и со право, уште како корпоративни медиуми. Го обработува и проблемот со интернет-просторот кој беше очекуван да биде како гарант за мирот и безбедноста или како средство со кое полесно ќе се комуницира со прекуокеанските држави со цел да се решат овие глобални безбедносни проблеми. Сепак, државите заборавија и/или ги потценија недржавите актери во оваа приказна.

Милошевска Тања исто така во своето дело „Глобален тероризам“ го обработува тероризмот низ една феноменална призма. Во ова дело тероризмот авторката го третира како глобална закана со која секоја држава е погодена, било тоа да е на директен или индиректен начин. Влијанието на глобализацијата и искористување на нејзините предности и слабости заедно со техничко-технолошкиот развој, ни овозможуваат овој феномен да биде доловен во неговата вистинска форма, како софистицирана закана со која се соочуваат државите. Преку трансформацијата на неговата структура од хиерархиска во мрежна, па сè до концептот на волци самотници овој феномен станува сè поголема закана за државите, не бирајќи методи и средства во извршување на своите терористички цели.

Котовчевски Митко го обработува овој феномен во делата „Современ тероризам“ и „Менаџирање на терористички закани“. Јасно може да се долови потребата од координација, менаџирање и високата професионалност на безбедносните служби во справување со оваа закана, особено на разузнавачката заедница во борбата по стигнување до квалитетни, навремени и точни информации.

Постои јасен недостиг на опсервација, анализа и обработка на проблематиката со тероризмот и насилниот екстремизам и нивно дејствување во интернет-просторот. Терористичките организации почнаа да применуваат нови методи кои ќе им користат за нивно распространување. Процесот на радикализација и регрутирање е од клучно значење за обновување и наследување на структурата на самата организација. Тероризмот за да ги реализира своите терористички цели почна да ги користи современите

технологии речиси еднакво како и државите. Одредени странски автори зборуваат и за постоење на двоен калифат, едниот е оној „вистинскиот“ и вториот т.н. „сајбер“ калифат. Сето ова претставува голем предизвик на кој современото општество треба да даде одговор. Така, основната определба на овој труд е да даде придонес во разбирањето на тероризмот на еден поинаков начин, во неговата современа трансформирана форма. Овој труд ќе даде придонес кон постојаните истражувања на тероризмот, со додавање нови содржини и проблематики кои се тесноповрзани со реализацијата на терористичките цели.

## 1.4. Цели и задачи

Општата цел на истражувањето е преку научна дескрипција и анализа да се увиди изменетата природа на дејствувањето на тероризмот, односно како современиот техничко-технолошки и информатички развој (особено интернет-просторот) се користи од страна на тероризмот и насилниот екстремизам во реализација на нивните цели.

**Посебни цели:**

- Посебна цел на истражувањето е да даде одговор како интернет-платформите и/или самиот интернет-простор влијае за промовирање на насилниот екстремизам, радикализирање и регрутација на нови членови.
- Да се даде еден поинаков осврт на тероризмот, како и механизмите кои ги користи во реализацијата на својата кауза преку дејствување во интернет-просторот.
- Осознавање на процесите на радикализација кои ги користат терористичките организации, а кои водат кон насилен екстремизам;
- Анализа на онлајн процесите на регрутација на нови членови од страна на терористичките организации.
- Утврдување на безбедносните последици и негативните импликации врз државите од користењето на новите медиуми од страна на насилните екстремистички групи и терористичките организации.
- Истражување и анализа на влијанието и придонесот кој го имаат новите медиуми за ширење на каузата на терористичките организации,

оправдување и/или претворање од негативни во позитивни наративи за нивните терористички акции.

- Анализа на онлајн стратегијата која се користи од страна на тероризмот со цел да добијат симпатизери, радикализација и нивно регрутирање – онлајн калифат.
- Анализа на причините кои доведуваат до приклучување лица кон насилен екстремизам и тероризам.
- Како тероризмот го користи интернет и дарк веб-просторот за да обезбеди финансии и други услуги за извршување на терористичките цели.
- Анализа која ќе го покаже степенот на ефикасност на стратегиите за борба против тероризмот (CT) и борба против насилниот екстремизам (CVE) на државите, меѓународните организации и институции (како што се ЕУ, НАТО, ОБСЕ).
- Како може да се придонесе за намалување и спречување на насилниот екстремизам, радикализцијата и регрутирањето преку интернет-просторот.
- Меѓузависноста на тероризмот и (новите) медиуми(те) кои со пропагандата креираат симпатии од широката јавноста.

Врз основа на дефинираните цели, **задачи** на истражувањето се:

- Да се идентификуваат клучните фактори кои придонесуваат луѓето да се приклучуваат кон тероризмот и неговата кауза.
- Да се идентификува како процесите на мобилизација и радикализација се одвиваат на социјалните медиуми и под кои услови тие може да доведат до акти на насилство во реалниот свет.
- Да се идентификуваат начините и методите кои тероризмот и насилниот екстремизам ги користат во интернет-просторот.
- Да се утврди важноста на интернетот за тероризмот и насилниот екстремизам во промовирање и реализирање на терористичките цели.
- Да се утврдат разликите во справување со радикалниот екстремизам и тероризам помеѓу државите членки на ЕУ и државите кои не се членки на ЕУ.
- Да се објасни дали стратегиите и механизмите кои ги преземаат државите и меѓународните организации се ефикасни и дали тие во нив

го обработуваат проблемот со радикализација, регрутација и ширење на наративите од терористите преку користење на интернет-платформите.

- Да се согледа односот помеѓу современиот тероризам и социјалните медиуми.
- Да се обработи изменетиот *Modus operandi* на терористичките организации, нарекнуван уште *„онлајн калифат“*.
- Да се докаже важноста која ја има интернет-просторот во дејствувањето и реализирањето на терористичките цели, особено користејќи ја пропагандата како средство.
- Да се направи критичка анализа за начините на кои државите се справуваат со насилниот екстремизам и тероризам.
- Да се увиди дали стратегиите за борба против тероризам (CT) и стратегиите за борба против насилен екстремизам (CVE) вродуваат со плод за борбата против овие закани.
- Да се детектираат аномалиите на општествените системи на државите како причини кои доведуваат до поттикнување на лицата да се вклучат во деструкција во општеството наместо во негово градење.

## 1.5. Дефинирање на основните поими

### ➢ Тероризам

Тероризмот, во суштина, претставува криминална повреда на речиси секој национален и/или меѓународен правен кодекс.[4]

Џемс М. Поланд го определува тероризмот како противзаконска употреба на закани и насилство против лица и имот првенствено за реализирање понатамошни (идни) политички и социјални цели. Обично се настојува да се заплаши владата, поединци или групи, или да се измени нивното однесување и политика.[5]

---

[4] Милошевска Тања, *Глобален тероризам,* Филозофски факултет, Скопје, 2018 година, стр. 11.
[5] Котовчевски Митко, *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје, 2002 година, стр. 27.

Ќе ги изнесеме тврдењата на Брајан Ценкинс, кој категорично тврди дека „... тероризмот е производ на слободата, особено слободата на печатот."[6] Слично на Ценкинс изнесува и Биргит Л. Накос; „Привлекувањето на вниманието на масовните медиуми, јавноста и носителите на одлуки е главната причина за појавување на сè пошокантно насилство од страна на терористите."[7]

Валтер Лакер истакнал дека „медиумите се најдобри пријатели на терористот, чинот на терористите сам по себе не е ништо, публицитетот е сè."[8]

**Насилен екстремизам**

Во *American Heritage Dictionary* екстремистот се дефинира како „личност која се залага или прибегнува кон мерки надвор од нормата, особено во политиката." Нешто слично се дефинира и во *Oxford Learner's Dictionary* како „политички, верски итн. идеи или постапки кои се екстремни, неразумни или неприфатливи за повеќето луѓе."

Насилниот екстремизам може да се дефинира како „поединци или групи кои се обидуваат да ги променат политиките на општеството или владата преку закана или употреба на насилство за да постигнат идеолошки, верски или политички цели."[9]

- **Спротивставување на насилниот екстремизам**

Агендата за спротивставување на насилниот екстремизам е првенствено мотивирана од грижите за внатрешната политика и во развиените земји и во земјите во криза. Ова опфаќа креирање стратегии, планови, донесување законски регулативи и акциски планови кои имаат за цел да ја спречат трансформацијата од екстремизам во насилен екстремизам и приклучување кон терористичките акции. Исто така, овие документи може да се однесуваат на потребата од јакнење на капацитетите и подобрување на напорите помеѓу домашните безбедносно-разузнавачки служби, но и со другите засегнати

[6] Brian M. Jenkins, *The Study of Terrorism: Definitional Problems*, Santa Monica: RAND, 1980.
[7] Nacos, B. *Mass-Mediated Terrorism: The Central Role of the Media in Terrorism and Counter-Terrorism* (2nd edition) Rowman and Littlefield, Maryland, 2007.
[8] Lacquer, Walter "The futility of Terrorism" *Harper's,* March. 1976, p. 102
[9] Hutchinson, Jade. "Violent Extremism and Far-Rig*ht Radicalism in Australia: A Psychosocial Perspective",* Counter Terrorist Trends and Analyses, vol. 9, no. 11, International Centre for Political Violence and Terrorism Research, 2017, pp. 16–19. Достапно на: http://www.jstor.org/stable/26351568 Последно пристапено 14.1.2022

страни/институции (како што се другите држави и меѓународни организации), за справување, за поголема координација, размена на информации и соработка помеѓу засегнатите страни во полето на насилниот екстремизам и тероризам. Основната цел е спречување и превенирање на активностите кои се преземени од одредени лица или групи и нивно отстранување со примена на одредени дефинирани методи.

- **Радикализација**

Радикализацијата е процес со кој поединецот се социјализира во екстремистичка идеологија која се манифестира во тероризам. Процесот може да потрае од неколку месеци до неколку години и не е неизбежен. Аналитички гледано, можно да се направи разлика помеѓу двигатели на радикализација на микро, мезо и макрониво. Академските истражувања укажаа на важноста на индивидуалните промени во однос на надворешните настани и го потврдија постоењето на основните причини за тероризмот на структурно ниво, како и важноста на „радикалните средини“ во социјализацијата на поединците.

- **Онлајн платформи**

Онлајн платформите имаат различни форми и големини и постојано еволуираат, така што не постои консензус околу една дефиниција на онлајн платформите, со оглед на тоа дека секоја прецизна дефиниција веројатно ќе биде претесна или, обратно, ќе опфаќа премногу голем обем интернет-сервиси. Во отсуство на единствена дефиниција, се прават обиди концептот на онлајн платформи да се дефинира преку нивните активности: платформи за онлајн рекламирање, пазари, пребарувачи, социјални медиуми и аутлети за креативни содржини, платформи за дистрибуција на апликации, комуникациски услуги, платежни системи и платформи на колаборативна економија.[10]

---

[10] Комуникација на Европската комисија “Online Platforms and the Digital Single Market – Opportunities and Challenges for Europe”, 25.5.2016, стр. 2, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52016DC0288&from=EN

- **Регрутирање**

Денешната дигитална ера бара лицата кои ги користат суштинските аспекти на комуникациските платформи базирани на интернет, истовремено да препознаат и да избегнат содржини кои имаат за цел да доведат до ранливост од регрутирање потенцијални терористи и друга штетна содржина намерно дистрибуирана од злонамерни актери на интернет. Регрутирањето има за цел да привлече нови симпатизери и членови во терористичката организација со прифаќање и приклучување кон нивната кауза. Тоа ќе им овозможи повеќе членови кои ќе помогнат на патот за реализација на терористичките цели, но и ќе го продолжат овој процес на регрутирање на нивните блиски луѓе, но и другите кои ќе покажат склоност кон нивната кауза. Исто така, ова ќе им овозможи нивни наследници во функционирањето и опстојувањето на нивната терористичка организација. Така, терористите користат три методи за регрутирање, и тоа: создавање и ширење пропаганда; пренесување и претставување на пораката до публиката на глобално ниво; и директна, сигурна комуникација со потенцијални регрути.

## 1.6. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот за справување со насилниот екстремизам, тероризмот и неговите алатки, односно радикализацијата и регрутирањето во интернет-просторот, како и врз основа на веќе поставената општа и специфични цели на истражувањето, ќе ја поставам следната општа хипотеза: Со проучувањето на начинот на кој интернет-платформите имаат влијание и овозможуваат на терористичките организации нови механизми за да ги остварат своите терористички цели, како и осознавање нови начини на поттикнување насилен екстремизам, радикализација и регрутирање, ќе се идентификува потребата од проширување на гледиштата за тероризмот и потребата од преземање далеку посилни мерки и методи од страна на државите во справување со тероризмот, методи различни од оние досега традиционалните кои форсираат исклучиво борба со тероризмот преку употреба на сила.

**Посебни хипотези**

- Тероризмот делумно го променува својот *modus operandi* искористувајќи ги интернет-платформите како негово ново оружје за дејствување.
- Појавата на интернетот овозможи да се формираат многу нови медиуми кои исто така се достапни и на социјалните медиуми, а со тоа традиционалните медиуми добија конкуренција. На тој начин се создаде мртва трка во пронаоѓањето привлечни вести за сега веќе огромната публика, без притоа да се избираат нивните содржини, а терористичките организации го препознаа нивното значење за ширење на нивната кауза.
- Отсуството на законска регулатива за контролирање на појавата на медиуми во интернет-просторот (или пак слабите законски прописи) овозможи полесно ширење на терористичките и насилните екстремистички содржини.
- Ревидирањето на стратегиите за борба против насилен екстремизам (CVE) ќе обезбеди поголема усогласеност со Стратегијата на ЕУ за борба против радикализацијата и регрутирањето за терористички цели.
- Преку преиспитување на стратегиите за борба против тероризам и насилниот екстремизам (CT и CVE) ќе се обезбеди конзистентност и комплементарност со стратегиите за информатичка безбедност.
- Интернет-платформите му овозможуваат на тероризмот да добие поголеми симпатии од пошироката јавност, ширење на нивните пораки за приклучување кон нивната кауза, воедно олеснувајќи го процесот на радикализација и регрутирање, попрецизно, овој простор овозможува нова ера на тероризмот, а тоа е постоење на комбиниран калифат – „традиционален“ и „онлајн калифат“.
- Новите и традиционалните медиуми се кислород на тероризмот и истите придонесуваат за ширење насилни екстремистички и терористички идеологии.
- Тероризмот активно почна да ја користи и другата страна на интернетот, позната како дарк веб (dark web, invisible net) со цел да избегне откривање од страна на органите на прогонот, а дарк вебот им овозможува на терористите да комуницираат анонимно, собирање средства,

собирање/складирање потребни информации и размена на онлајн материјали без да се дознае изворот.

### 1.7. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната оправданост на ова истражување се согледува во придонесот на верификување на научно недоволно познати и проучени специфични факти и да даде насока на подобрување на истражувањето сѐ со цел справување со тероризмот и насилниот екстремизам. Речиси и да не постои терористичка организација која не го користи придонесот на онлајн платформите во нивна корист усовршувајќи ги нивните оперативни способности, прибирање информации, врбување, финансирање, ширење пропаганда и зачувување и ширење на нивната кауза преку процесите на радикализација и регрутирање во онлјан просторот.

Во периодот што ни претстои, онлајн платформите ќе им овозможат на терористичките организации да ги реализираат терористичките напади на полесен начин кој претходно беше незамислив или тешко да се предвиди. Терористичките организации во онлајн платформите, но и самиот интернет во целост, најдоа идеален партнер кој ќе им помогне да ја пламнат нивната кауза низ целиот свет, не познавајќи граници, слаби или моќни држави, средни или мали, копнено пристапни или непристапни и слично. Со други зборови, иднината ќе биде окарактеризирана со модерен начин на реализирање на терористичките организации кои нема да бидат ограничени во дејствувањето како досега, туку, напротив, делувањето ќе биде помасовно, посурово и подеструктивно отколку досега. За државите и нивната национална безбедност останува вистински предизвик да ги препознаат новите трендови, механизми, методи и трансформацијата на терористичките организации кои го следат развојот во општеството идентично, како и државните институции кои се задолжени за борба со овие феномени.

Општествената оправданост се состои во тоа што истражувањето би помогнало да се согледаат можностите за подобра превенција, проширување на погледот за начинот на кој функционира тероризмот, неговата еволуција и

модернизација, дополнување и надградување на стратегиите[11] со можностите кои им ги пружат онлајн платформите за реализација на терористичките цели (промена на дејствувањето на терористичките организации – *Modus operandi).*

## 1.8. Методи и техники на истражувањето

Во контекст на современите научно-методолошки пристапи на истражување со комбинирање повеќе истражувачки методи, во истражувањето ќе настојувам со примена на неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците да се добие една систематизирана целина.

Компаративниот метод на анализа се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа да се воопштат релевантните факти за потврдување или негирање на поставените тези.

Покрај квалитативната анализа на релевантни теориски извори, како основна методолошка постапка, односно техника за собирање податоци ќе се користи анализа на содржина на публикации, извештаи, конференциски материјали, статистички показатели, извештаи и анализи на невладини организации, агенции за испитување на јавното мислење, тинк-тенкови и државни институции итн., а како методолошки постапки за анализа и интерпретација на податоците ќе се применат аналитичко-синтетички метод и компаративен метод на анализа. Преку анализа и интерпретација на податоците во ова истражување се очекува да се добијат квантитативни и квалитативни податоци, со кои преку соодветна обработка ќе се добие верифкација на хипотезите и ќе се оствари целта на истражувањето.

[11] Забелешка: Се однесува на стратегиите за Борба против тероризам (CV) и стратегијата за Борба против насилен екстремизам (CVE). Ова се однесува на државите стратегии, како и на меѓународните организации и институции кои се директно или индиректно партиципираат во борбата против тероризмот и насилниот екстремизам, радикализацијата и регрутирањето.

# 2. Современ тероризам

## 2.1 Реконцепција на тероризмот како безбедносна закана

Тероризмот не е нова појава на 21 век, туку тој датира многу одамна, речиси идентично го следи човекот во неговиот развој од најстарите времиња па до денес. Ова произлегува од констатацијата која ја изнесуваат голем број експерти од оваа област, односно дека тероризмот е средство на војната. Или, попрецизно, тероризмот го замени класичното фронтовско војување помеѓу државите. Причините за ова се повеќебројни, но една од главните е развојот на воената опрема, особено нуклеарното, хемиското и биолошкото оружје (НХБ), во вакви услови и особено ако се земе предвид огромната разорна моќ на НХБ колективниот колапс на светот е неизбежен доколку дојде до употреба на ова оружје.

Со нападите на кулите близначки на 11 септември 2001 година во САД се отвори една дискусија околу истата ситуација. Овој терористички акт (но и другите кои ги погодија САД и другите држави) отвори неколку прашања и дилеми во научната заедница и во јавноста, и тоа:

- Како една голема суперсила како што е САД стана ранлива на терористички напади, односно како една терористичка организација успеа да го пробие безбедносниот систем на една суперсила без притоа таа да го спречи истиот обид?
- Кога една суперсила стана ранлива на тероризмот, дали другите држави ќе бидат окупирани и уценувани од терористичките организации, или, пак, тие ќе бидат плодна почва за нивно стационирање?
- И едно од најинтересните дискусии во научната заедница е таа за можното сценарио подготвено од страна на САД, односно дека овој терористички акт е дозволен и режиран од самата држава кој потоа ќе ѝ даде „меѓународно правен легитимитет“ на САД да започне глобална војна против тероризмот, сокривајќи ги природата и целта на војувањето – енергенсите.

Па така, со настаните од 11 септември 2001 година, американската, но и светската заедница стана свесна за моќта на тероризмот кој интензивно почна да се користи како алатка на војната. Според професорката Билјана Ванковска, тероризмот од овој настан, па натаму влезе на „голема врата“ на безбедносната агенда, односно, од тој момент тероризмот не само што беше дефиниран како глобална, регионална и национална безбедносна закана туку и како закана од највисок ранг.[12] По нападите на Светскиот трговски центар и Пентагон, кои се двата симбола на американскиот живот, реакцијата беше брза и екстензивна, доведувајќи до окончување на режимите (кои барем така ги нарекуваа западните демократии и САД) во две држави – Авганистан и Ирак. Меѓутоа, концентрирањето на инцидентите и реакцијата против движењата на Ал Каеда доведе до загриженост од тероризам кој можеби не е оправдан, имајќи ги на ум другите проблеми за човековата и за државната безбедност во светот.[13]

Денес концептуалната рамка во која појавата на тероризмот се проучува од 19 век станува многу ограничена. Со исчезнувањето на биполарниот светски поредок, тероризмот во голема мера мутирал и се оттргнал од доменот во кој тој е анализиран. Широкиот спектар на закани кои се појавија и го напаѓаат општеството по падот на Берлинскиот ѕид, криминални и други хибридни закани обезбедува соодветна рамка за редефинирање и реконцепција на тероризмот како безбедносна закана.[14]

Високиот степен на модернизација неминовно предизвика еден комплекс на меѓусебно поврзани фактори кои претставуваат значајна појдовна причина за појавата на тероризмот (зголемената комплексност на сите општествени и економски нивоа) што креира и можност за нивна ранливост.

Од друга страна, софистицираните мрежи на транспорт и комуникации им овозможуваат на терористите и нивните терористички организации зголемена мобилност, како и средства за поголем интензитет на нивните активности,[15] со што се доаѓа до витална разлика помеѓу традиционалниот и

---

[12] Ванковска Билјана, *Меѓународна безбедност*, Филозофски факултет – Скопје, 2011 година, стр.208-210.
[13] Пол Д. Вилијамс, *Студии по безбедност:Вовед,* Арс Ламина, Скопје, 2012 година, стр.173-174.
[14] Милошевска Тања, *Глобален тероризам*, Филозофски Факултет, Скопје, 2018 година, стр. 27.
[15] Котовчевски Митко, *Менаџирање на терористички закани,* Филозофски факултет, Скопје, 2011 година стр. 84.

новиот тероризам кој е поразорен и поубиствен во споредба со традиционалниот тероризам. Новите терористички организации постојано го усовршуваат и усогласуваат своето дејствување со современите процеси, достигнувањето во науката и со техниката, особено во користењето и примената на комуникациските технологии, како и употребата на интернетот за ширење пропаганда, регрутирање, индоктринација, собирање финансиски средства и водење психолошка војна[16] во која особено значајно средство се токму онлајн платформите, особено (социјалните) медиумите.

Една од круцијалните разлики, кога станува збор за современиот тероризам во однос на традиционалниот тероризам, се огледува во самата организациска структура и радиусот на дејствување на терористичките мрежи – променет е нивниот ***modus operandi***. Новите терористички организации се организирани на корпорациски систем на дејствување окарактеризиран со висок степен на внатрешна децентрализација, идентичен на принципите на мултинационалните корпорации, помала улога на лидерот а централната командна структура останува во сенка за безбедносните и разузнавачките служби. Ова овозможува централната командна структура да смислува нови мотивирачки идеи во сенка надвор од окото на безбедносните и разузнавачките структури креирајќи нови идеолошки платформи со кои се отвора можност тероризмот да стане прифатлив, па дури и рационален, за сè поголем број млади и образовани поединци.

Гледајќи ги доминантните методи, организациски форми и облици на манифестирање на современиот тероризам очигледно укажува на раѓањето на т.н. новиот тероризам, каде што современиот тероризам претставува нови форми и видови акции во кои терористите не користат класични терористички методи како во минатото. Денес терористите ги користат сите можни оружја[17] кои им се достапни само за да ја остварат нивната крајна цел. Терористичките самоубиствени напади ни укажуваат дека терористите (и воопшто тероризмот)

---

[16] Милошевска Тања, *Глобален тероризам*, Филозофски Факултет, Скопје, 2018 година, стр. 31.
[17] Забелешка: Се мисли не само на вооружувањето како оружје туку и на другите средства кои може да бидат употребени како оружје од страна на терористичките организации, како што на пример може да биде интернетот и медиумите кои ќе бидат искористени да шират страв кај поширината јавност, ширењето на својот главен наратив преку социјалните медиуми и оправдување на нивните терористички напади и дејства преку кој ќе се креира поволна слика за нивната кауза.

имаат абнормална самоубиствена ментална матрица, со што тие ни укажуваат дека располагаат и со овој абнормален метод, но и со фатално оружје. Со примената на овие самоубиствени терористички напади тие демонстрираат таква сила и насилство за кое современото општество сѐ уште нема ефикасен и ефективен одговор.[18]

## 2.2 Дефинирање на тероризмот

Уште на самиот почеток ќе напомнеме дека единствено прифатлива дефиниција за феноменот тероризам не постои, меѓутоа, постои широка лепеза на дефиниции кои се присутни во светската литература. Во продолжение ќе изнесеме дефиниции кои ни се од исклучителна важност за темата на истражување, односно оние кои ќе ни бидат добар вовед за деловите кои ќе се обработат подолу.

Потребата за определување и дефинирање на овој поим произлегува и од фактот дека е неопходно негово дефинирање поради разликувањето на тероризмот од другите видови насилни акти и неприфатливи криминални активности.

За одреден чин да биде окарактеризиран како тероризам, самиот чин на терор мора да има политичка цел. Тероризмот претставува спој на политика и насилство со тенденција да се добие моќ. Насилството е основен предуслов на тероризмот и на неговите актери кои мислат дека само преку насилство во општеството можат да ги постигнат нивните долгорочни политички цели.[19]

Тероризмот во суштина претставува криминална повреда на речиси секој национален или меѓународен правен кодекс.

Според Брајан Џенкинс, тероризмот се состои од нелегитимна употреба на сила за постигнување политичка цел, кога невини луѓе служат како мета.[20]

Мошне интересно е да се разгледа дефиницијата за тероризмот која се наоѓа во израелското законодавство. Џонатан Шанцер (Jonathan Schanzer)

---

[18] Мирослав М. Талијан, *Политика националне безбедности,* Универзитет одбране у Београду, Војна академија, Београд, 2016 година, стр. 195.
[19] Милошевска Тања, *Глобален Тероризам*, Филозофски факултет, Скопје, 2018, стр.11.
[20] Brian Michael Jenkins, “*The New Age of Terrorism*,” in David G. Kamien, The McGraw-Hill Homeland Security Handbook, New York: McGraw-Hill, 2006.

истакнува дека неговиот колега Клифорд Меј (Clifford May) е во право што смета дека најдоброто место за проучување на проблемот со тероризмот е Израел.

Законот во Израел ја нуди следната дефиниција за тероризам, односно „терористичката акција“ ја дефинира како акција која е: водена од политички, религиозни или идеолошки мотиви; извршено со цел да се всади страв или вознемиреност во јавноста, или да се принуди израелската влада или кој било друга влада да презема одредени активности; вистински чин или реална закана за нанесување на сериозна штета. Штетата е дефинирана како: телото на човекот или неговата слобода, јавната безбедност или здравјето; имот, вклучувајќи верски места, гробишта и религиозна придружба; инфраструктура, јавни системи, основни услуги, државна економија или животната средина.[21]

Според Волтер Леквер, тероризмот е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување, со цел да се предизвика страв кај невините луѓе за да се оствари политиката, или тактичката предност и вообичаено да се влијае врз јавноста.[22]

Она што може да се додаде за тероризмот, односно современиот начин на поимање (а кој е од значење за нашата тема на истражување) се научните анализи кои тероризмот го гледаат низ една поинаква призма. Еден од нив е и Брајан Џенкинс кој категорично тврди дека „тероризмот е производ на слободата, особено слободата на печатот.“[23] Слично на Џенкинс изнесува и Биргит Л. Накос; „привлекувањето на вниманието на масовните медиуми, јавноста и носителите на одлуки е главната причина за појавување на сѐ пошокантно насилство од страна на терористите“.[24] Во една статија од 1976 година во списанието Харперс, Валтер Лакер истакна дека „медиумите се најдобри пријатели на терористот, чинот на терористите сам по себе не е ништо, публицитетот е сѐ.“[25]

[21] "Israel: New Comprehensive Counterterrorism Legislation Adopted," Library of Congress: Global Legal Monitor, 15 June 2016.
Достапно на: http://www.loc.gov/law/foreign-news/article/israel-new-comprehensive-counterterrorism-legislation-adopted/ последно пристапено на 30.05.2021
[22] Laqueur, Walter. *The Age of Terrorism* (2nd ed.). Boston: Little & Brown, 1987, p. 143
[23] Brian M. Jenkins, *The Study of Terrorism: Definitional Problems*, Santa Monica: RAND, 1980.
[24] Nacos, B. *Mass-Mediated Terrorism: The Central Role of the Media in Terrorism and Counter-Terrorism* (2nd edition) Rowman and Littlefield, Maryland, 2007.
[25] Lacquer, Walter “*The futility of Terrorism*”, Harper’s, March. 1976, p. 102

### 2.2.1 (Не)можноста за дефинирање на тероризмот

Војната против тероризмот често беше нарекувана и како „првата војна на 21-виот век“. Во голем дел ги промени сфаќањата и перцепциите за безбедноста, војната и супериорноста на воената моќ. Многу стратези и експерти од почетокот на интервенцијата на НАТО алијансата во Авганистан почнаа да даваат свои погледи за тоа како да се води борбата против тероризмот, кои тактики да се применуваат и пред сѐ што всушност ни следува по почетокот на ваквата интервенција под името „глобална војна против тероризмот“. Во текот на борбата против тероризмот се направи една поделба: држави кои се против тероризмот и активно учествуваат во борбата против ова зло (особено со воена поддршка на мисиите на Блискиот Исток); и држави кои не соработуваат со Алијансата во оваа борба (а тие често се окарактеризирани и како државни спонзори на тероризмот). Или, со други зборови, како што истакнува Ванковска Билјана, дефинирана е дилема која мнозина ги враќа во старите комунистички времиња, кога важи девизата дека секој кој не е со нас е против нас. Затоа, се смета, денес главниот предизвик како да не е тероризмот, туку односот кон него.[26]

Ако се направи историски поглед може јасно да се увиди дека во минатото терористите беа многу покооперативни и помалку „плашливи“ за себеси да се дефинираат и окарактеризираат како терористи. Само за пример, анархистите од 19 век себе се нарекувале терористи, додека, пак, својата тактика недвосмислено и јавно ја прогласувале за тероризам. Лехи се смета за една од последните терористички групи кои јавно своите терористички акти ги окарактеризирала како тероризам.

По тоа следуваат терористички организации кои се обидуваат да ја избегнат употребата на зборот тероризам, со цел да добијат поголема привлечност и симпатиите од пошироката јавност, како и оправданост за своите терористички активности. Со други зборови, мошне умешно и смислено современите терористички организации почнаа да се оддалечуваат од употребата на овие поими, користејќи ги медиумите (во поново време социјалните медиуми, онлајн

[26] Ванковска Билјана, *Меѓународната безбедност во 21 век: војанта е мир, мирот е војна,* Бомат графикс, Скопје, 2007 година, стр. 44.

платформите и целокупниот интернет-простор) за да ја оправдаат нивната кауза и да ја претстават пред публиката како исправна.

Во оваа насока интересни се погледите на Брајан Ценкинс, според него она што се нарекува тероризам како да зависи од која гледна точка го набљудуваме. Употребата на овој термин подразбира морален суд. Доколку едната страна успее да ја залепи етикетата „терорист“ или „тероризам“ на другата страна, тогаш таа индиректно ја означува другата страна како неморална, односно својата акција ја оправдува и го свртува погледот само исклучиво од нејзина страна – Тероризмот е тоа што лошите го прават.[27]

Понатаму, ако определен човек се поистоветува со жртвата на насилството, тогаш тој чин е тероризам, но, доколку се поистоветува со извршителите, насилниот чин се набљудува од друга светлина и конотација, и тој чин за нив не е тероризам. Голема улога за тоа кој и како ќе биде означен се токму медиумите, како средство со кое информацијата најбрзо стигнува до граѓаните и во голема мера го формира јавното мислење. Така, терористите мошне смислено и умешно почнаа да облекуваат војнички униформи кои ќе им овозможат на самите терористи кога ќе се појават на ТВ-екраните, или во интернет-просторот, пред очите на публиката да изгледаат поблиску до она што го кажуваат, „борци за слобода“, „борци за човекови права“ „герилци“, со што би се придобиле симпатиите и се олеснува патот за радикализација и регрутација на идни членови (најчесто од група на луѓе кои имаат и покажуваат одредени симпатии кон актите кои ги преземаат овие терористички организации). Затоа може да констатираме дека терористите мошне умешно ја облекуваат војничката униформа, односно комплетно се облекуваат во терминологијата на војничкиот жаргон, со единствена цел избегнување да бидат означени како терористи и да придобијат одредени симпатии.[28]

Дека униформата игра добра улога за сето ова што го напомнавме погоре, говори и акцијата која ја спроведоа безбедносните органи на Шпанија во 2016 година. Во оваа акција беа уапсени неколку лица кои биле дел од мрежата која ја поддржува ИСИС. Главниот осомничен бил Амар Терманин, кој бил роден во

---

[27] Brian M. Jenkins, “*The Study of Terrorism: Definitional problems*“, Santa Monica: RAND, 1980.
[28] Котовчевски Митко, *Современ тероризам,* Македонска цивилизација, Скопје. 2003 година, стр. 70-71.

Сирија (1972), кој во Шпанија основал компанија *Tigre Negro SL (Black Tiger Ltd.)* која се бавела со увоз и извоз на текстилни производи. Интересно е тоа што како изговор, односно штит таа дејствувала под закрилата на обезбедување хуманитарна помош и на тој начин биле испратени голем број пакети за Сирија. Полицијата во контејнери запленила над 20 000 парчиња војничка униформа, а главниот осомничен не криел на чија страна е и објавил фотографија со автоматско оружје на неговите социјални мрежи, со што полицијата почнала да го прислушкува и се потврдил фактот дека тој својата верност од Ал Каеда ја префрлил кон ИСИС.[29]

Последниот терористички напад кој се случи во Турција на 13 ноември може да се поврзе дури и со облекувањето на симулациски униформи. Жената која е главна осомничена за детонација на бомбата во Истанбул на главната улица „Таксим" на снимките се забележува како носи облека која ги носи боите и дизајнот на војничките униформи.[30]

Од овој терористички напад останаа да се земат предвид при обработување на тероризмот две клучни работи (од кои ние едната ќе ја обработиме во ова наше истражување): Прво, улогата на жените во терористичките акции се зголемува и треба да се разгледаат можностите за идни терористички акти кои би биле изведени од страна на женски лица. Една од причините за сомнеж дека во иднина ќе бидат жените поактивни во тероризмот е тоа што тие многу често се занемарени и потценети од полициските службеници и не го привлекуваат нивното внимание[31], но исто така со нив е полесно емоционално да се манипулира (особено ако тоа лице претрпело загуба на своето дете или сопруг во напади од страна на државните полициски сили); Второ, можеби треба да се анализира и да се посвети посебно внимание на начинот на кој терористите се

---

[29] Извор: EL PAIS, Spain. Достапно на: https://english.elpais.com/elpais/2016/04/11/inenglish/1460370181_128829.html последно посетено на: 15.11.2022

[30] Извор: New's papers, The Irish Sun, достапно на: https://www.thesun.ie/news/9723936/istanbul-bomb-suspect-confesses-paraded/ последно посетено на: 15.11.2022

[31] Како аргумент за ова е истиот терористички напад кој ја погоди Република Турција. Главната осомничена за овој напад стоела 40 минути на клупа откако ја поставила бомбата и чекала најверојатно најголема фреквенција во движење за да предизвика поголема штета и да однесе повеќе човечки животи, а од полициските службеници никој не ја забележал најверојатно поради фактот што до сега најголем дел од нападите ги извршувале машки лица, па, следствено на ова, логично е дека полициските службеници својот фокус го ставиле на трагање по машко лице.

облекуваат пред изведувањето на терористичките напади, со што, доколку се воочат одредени детали, би биле од корист за полициските службеници кои ќе бидат во близина. Исто така треба да го поставиме прашањето дали терористичките активности на одредени организации ќе почнат да се изведуваат како во минатото преку детонирање на бомбите со далечинско, како што беше овој случај кој не беше како до сега познатиот начин на изведување терористички акт – бомбаш самоубиец или волк самотник.

### 2.3 Меѓународен одговор на тероризмот

До неодамна се споменуваа два вида тероризам: **екстремно сепаратистички** и **државен тероризам**. Првиот одамна е присутен на европското тло, но и во рамките на САД. Исто така и вториот вид тероризам е присутен одамна во човештвото, најчесто објаснуван како нацистички и сталинистички, па дури и користејќи ги како синоним за државен тероризам. Глобализацијата како нова рожба донесе и свои плодови, односно ветровите на глобализацијата донесоа нов вирус на тероризам *„Меѓународниот вирус на тероризам“* или *„Глобален тероризам“,* кој денес се манифестира преку две спротивставени варијанти:

- Едниот е во скутот на исламскиот фундаментализам со главна цел за создавање „светска исламска заедница“, со што овој тероризам е илегален, утописки, крајно религиозен и одмаздољубив, па оттука и го добива својот епитет како „верски тероризам“.
- Другиот се огледува во борбата за „приоритетен американски простор“ или „новиот светски поредок“, олицетворен преку фразата наречена демократија кој е амблем на НАТО војската предводена од САД. Како дел од економската и политичката воена експанзија, американскиот Стејт департмент исто така применува терористички тактики, честопати поради поголема ефикасност, но и поради ниското ниво на финансиски средства кои се потребни во однос на ангажирањето воени сили да спроведат целосна воена операција.

Така се прави разлика меѓу „лош“ и наводно „добар“ тероризам. Она што сега се случува пред нашите очи е нивна конфронтација, со тенденција да се

претвори во некаква војна.[32] Оваа поделба може да ја окарактеризираме како најосновна поделба на самиот тероризам, но подетално видовите и современите поделби на тероризмот ќе ги обработиме во понатамошниот дел што следува.

Терористичките организации денес поседуваат огромни суми пари, па дури и тргувањето на берзата не им е непознато, преку кои ги зголемуваат своите терористички фондови. Речиси и да не постои област и средства со кои терористите не се запознаени, низ годиниве наназад тие асимилираа сè, почнувајќи од користењето информациско-комуникациски системи и воздухопловни технологии, мултимедијални мрежи во кои дејствуваат и во онлајн просторот, па сè до управувањето и менаџирањето на свои веб-сајтови и профили на социјалните медиуми итн. Сето ова има главна цел – уништување на непријателот. Мошне интересно е да се разгледа и нивниот оперативен напредок, односно обучувањето на нивните членови во терористичките организации (нивните мрежи и ќелии). Имено, голем дел од литературата го опишува нивниот напредок на оперативен план, па така, тие ги усовршија и успеаја да ги применат најсовремените тајни и агентски методи кои ги користат најсовремените државни разузнавачки и безбедносни структури. Еден од тие методи е токму методот наречен „конзервиран“ агент или оперативец кои „спијат“ на терен без да бидат забележани, прибирајќи информации и чекајќи дополнителни наредби и инструкции од нивниот претпоставен/водич, или, во духот на идејата на лидерот, терористите на овој начин се темелно подготвени да ги применат сите методи за извршување на терористичкиот акт, дури и абнормалниот метод на самоубиство.

Терористичките напади кои се спроведени од субдржавни актери низ целиот свет доведуваат до неколку илјади загинати секоја година. Иако несомнено дека ова е мрачна и ужасна слика како за жртвите така и за нивните семејства и пријатели, не значи дека тероризмот со сите негови карактеристики е споредна причина за страдање во светот. Меѓутоа, далеку поголеми се последиците од сиромаштијата, неразвиеноста, природните непогоди, војните, организираниот криминал, па дури и од сообраќајни незгоди. И покрај многубројните проблеми и последици со кои се соочува човештвото, нападите

---

[32] Rankovic Miodrag, “*Savremeni/globalni terorizam: socioloski pristup*“, Beograd, 2005.

од 11 септември резултираа со невообичаена концентрација во форма на меѓународно политичко насилство, фокусирајќи се главно на движењето на Ал Каеда и на другите терористички групи кои се појавија.[33]

Во продолжение ќе изнесеме аргументи за тоа дека контекстот на „опасноста од глобален тероризам" и „глобална војна/борба против тероризмот" е многу погоден за манипулации. За ова покажуваат и податоците за смртноста на американската популација од 2001 година, во споредба со смртноста од терористичкиот напад на 11 септември: истата година од сообраќајни несреќи загинале 42 илјади, 3,5 од неухранетост, 14 илјади од сида, најголемиот „убиец" (срцевите болести) однеле дури 700 илјади луѓе, а од убиства загинале дури 20 илјади луѓе.[34]

Ако овие напади се сметаа за тригер во борбата против тероризмот да прерасне во глобална, тогаш е потребно да ја разгледаме и сиромаштијата како една од глобалните безбедносни закани на безбедносната агенда. Така, во 1990 година речиси две милијарди луѓе живееле во екстремна сиромаштија, во 2010 година 16 % од светската популација живееле во екстремна сиромаштија, или 1,1 милијарда луѓе. Помеѓу 2019 и 2020 година, бројот на луѓе кои живеат во екстремна сиромаштија се зголеми за околу 50 милиони поради пандемијата Ковид-19 и како резултат на глобалниот економски пад. Се проценува дека бројот на луѓе кои живеат во екстремна сиромаштија паднал во текот на 2021 година, бидејќи глобалната економија почна да закрепнува, но се проценува дека денес остануваат околу осум милиони повеќе луѓе кои живеат во сиромаштија отколку во 2019 година. Во 2021 година, околу 698 милиони луѓе, или 9 % од светската популација, живеат во екстремна сиромаштија – односно живеат со помалку од 1,90 долари на ден.[35]

---

33 Пол Д. Вилијамс, *Студии по безбедност:Вовед,* Арс Ламина, Скопје, 2012 година, стр.172
34 Ванковска Билјана, *Меѓународна безбедност*, Филозофски факултет – Скопје, 2011 година, стр.208-210.
35 Development Initiatives, Poverty trends: global, regional and national, November, 2021, p. 7-10




*Слика 1. Бројот на луѓе по региони кои живеат во екстремна сиромаштија*

Најчесто луѓето најмногу се плашат од директното насилство,[36] како на пример директниот тероризам, односно терористичкиот акт на бомбашот самоубиец, кое е видливо и мошне деструктивно со тенденција да му нанесе повреди на човечкото тело (било тоа да е преку употреба на груба физичка сила или пак употреба на оружје и други експлозивни, хемиски, биолошки или конвенционално оружје). Но, индиректното или *структурно насилство* е далеку посуптилно иако тоа на прв поглед изгледа дека нема тенденција да му наштети на човекот „убивајќи тивко и полека“, но и тоа како тоа може да биде еднакво деструктивно, ако не и повеќе. И покрај сето ова, граѓаните и државите остануваат најмногу загрижени од можна терористичка закана. Овие констатации нè носат до потреба од разгледување на причините за пристапување кон тероризмот кои ќе ги анализираме во точките подолу.

Како за крај на оваа поглавје, но и како еден мал влез во следната глава, со сигурност може да кажеме дека трагедијата од 11 септември, по многу нешта, е силен удар врз човештвото и пораз на хуманоста. Глобалниот свет стана неверојатно ранлив, многу повеќе од стариот свет (пред брзиот развој на технологијата): луѓето – патниците може да бидат искористени како убиствено оружје против други луѓе, нападот на една земја може да однесе животи на државјани на различни земји, а уривањето неколку згради може да биде вовед во глобална економска криза и рецесија.[37]

[36] Апасиев Димитар, „За нумерологијата на неолибералистичкиот глобализам – сиромаштијата второто име на структурното насилство“, *Безбедносни дијалози* бр.3, Филозофски факултет – Скопје, 2011 година стр. 1-3.
[37] Ванковска Билјана, *Меѓународната безбедност во 21 век: војната е мир, мирот е војна,* Бомат графикс, Скопје, 2007 година, стр. 45-46.

# 3. Трите златни карти на тероризмот – радикализација, регрутација и насилен екстремизам

## 3.1 Реконцепција на радикализацијата

За да преминеме на другите елементи како неопходност се јавува осознавање на радикализацијата, регрутирањето и насилниот екстремизам, односно како овие процеси започнуваат, развиваат и кулминираат.

Во последните неколку години радикализацијата, како и терминот тероризам, станаа погодни за политичкиот речник. Овие два термини стана речиси целосно политизирани, односно истите многу често се користат за етикетирање на спротивната страна и/или препишување на вина (а неретко се случува и двете заедно).

По џихадистичките терористички напади во Мадрид, Амстердам и Лондон во раните 2000-ти, „радикализацијата" се појави како главен наратив за разбирање на процесот што води до вмешаност во тероризмот, меѓу академиците, како и поширокото општество.[38] Свој придонес имаат и аналитичарите, односно тие доаѓаат до повеќе дефиниции за овој поим, но со недоволна прецизност. За да се илустрира поентата, ќе наведеме како пример дефиниции од академската заедница:

- Радикализацијата е препознаена како инхерентно сложен процес кој не се приспособува на поедноставени или генерализирани објаснувања и е суштински зависен од контекстот. Хорган наведува дека „вклучувањето во тероризам е сложен психосоцијален процес."[39]
- Младите претставуваат особено сложена група за разбирање на поимот радикализација, а со тоа и ризикот од екстремистичко насилство.[40]

---

[38] Schuurman, Bart. "Non-Involvement in Terrorist Violence: Understanding the Most Common Outcome of Radicalization Processes." *Perspectives on Terrorism*, vol. 14, no. 6, 2020, pp. 14–26. JSTOR, https://www.jstor.org/stable/26964722.

[39] West, Levi J. "#jihad: Understanding Social Media as a Weapon." *Security Challenges,* vol. 12, no. 2, 2016, pp. 9–26. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/26465604.

[40] LOWE, PETA. "*Youth and Violent Extremism.*" COUNTERTERRORISM YEARBOOK 2020, edited by Isaac Kfir and John Coyne, Australian Strategic Policy Institute, 2020, pp. 29–32. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/resrep25133.9.

- Радикализацијата е широко сфатена како процес преку кој поединецот прифаќа светоглед кој е спротивен на мејнстрим мислата и може да ја поддржи употребата на насилство за да ги реализира неговите или нејзините идеи.[41]
- Веројатно, првиот чекор за испитување и разбирање на радикализацијата е да се разбере дека радикализацијата не е нешто сама по себе. Луѓето усвојуваат светогледи, идеологии и практики кои може да се сметаат за радикални, а некои од нив продолжуваат да извршуваат акти на терор. Сепак, јас би тврдел дека не постои посебна практика и посебно подрачје на мислата што може да се означи како радикализација.[42]

И покрај широката лепеза на обиди (и изнесени дефиниции) да се дефинира радикализацијата од различни дисциплини, секој од својата перспектива, сепак за концептот на радикализацијата и нејзиното значење, најрационален поглед на истата се чини дека е оној на Алекс П. Шмид. Ќе ја издвоиме дефинцијата на Шмид за да дадеме еден попрецизен поглед на овој концепт, особено за да се разбере посуштински самата радикализација. Радикализацијата може да ја реконцептуализираме како:

*„Индивидуален или колективен (групен) процес со кој, вообичаено во ситуација на политичка поларизација, нормалните практики на дијалог, компромиси и толеранција меѓу политичките актери и групи со различни интереси се напуштаат од едната или двете страни во конфликтната дијада во корист на растечката посветеност да се вклучат во конфронтирачки тактики на конфликт – водење. Тие може да вклучуваат или (1) употреба на (ненасилен) притисок и принуда, (2) различни форми на политичко насилство освен тероризам или (3) акти на насилен екстремизам во форма на тероризам и воени злосторства. Процесот е, на страната на бунтовничките фракции, генерално придружен со идеолошка социјализација далеку од мејнстрим или статус квоориентирани позиции кон порадикални*

---

[41] Bennett, Nell. "One Man's Radical: The Radicalisation Debate and Australian Counterterrorism Policy." *Security Challenges*, vol. 15, no. 1, 2019, pp. 47–62. JSTOR, https://www.jstor.org/stable/26644517.
[42] Hedges, Paul. "Radicalisation: Examining a Concept, Its Use and Abuse." *Counter Terrorist Trends and Analyses*, vol. 9, no. 10, 2017, pp. 12–18. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/26351560.

*или екстремистички позиции кои вклучуваат дихотомен поглед на светот и прифаќање алтернативна фокусна точка на политичка мобилизација надвор од доминантниот политички поредок бидејќи постојниот систем веќе не се препознава како соодветен или легитимен.“*[43]

Недвосмислено може да се согласиме со констатацијата на Гемерли Тобијас дека радикализацијата е политички измислен концепт. Таа се заснова на обид да се разбере, објасни и спречи таканаречениот домашен тероризам, идејата дека некои млади луѓе кои пораснале во мирни, западни општества на благосостојба завршуваат со политички или религиозно мотивирано насилство. Значењето и употребата на концептот стануваат сѐ посеопфатни. Со текот на времето, тој се прошири за да вклучи сѐ, од странски борци и незадоволни млади до радикални *идеолози.*[44]

## 3.2. Радикализацијата како инструмент на тероризмот

Споменавме дека терористичките организации постојано го следат современиот развој на човештвото, особено техничко-технолошкиот развој кој е особено значаен предмет на нашето истражување. Пред да продолжиме со разгледување на проблемот со радикализацијата, ќе споменеме, како што знаеме, феноменот на тероризмот не започна со терористичките напади од 11 септември, ниту пак Ал Каеда е неговиот најопасен пропонент[45], а уште помалку Осама бин Ладен најголем креатор и инспиратор за креирање поддршка за терористичката идеологија. Уште во 1980-тите години поранешната британска премиерка Маргарет Тачер во еден од своите говори предупреди дека „публицитетот на тероризмот е како кислород“ и дека мора што поскоро да им се ограничи медиумскиот пристап на терористичките организации, односно да се запре кислородот за нив.

---

[43] Alex P. Schmid, *Radicalisation, De-Radicalisation, Counter-Radicalisation: A conceptual Discussion and Literature Review*, International Centre for Counter-Terorrism – The Hague, 2013, p. 17-18. Достапно на: https://www.icct.nl/app/uploads/download/file/ICCT-Schmid-Radicalisation-De-Radicalisation-Counter-Radicalisation-March-2013.pdf Пристапено на 22.01.2023
[44] Gemmerli, Tobias “RADICALISATION: A POLITICALLY CONTRIVED CONCEPT“, Danish Institute for International Studies, 2015. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/resrep13232.
[45] Ванковска Билјана, *Меѓународна безбедност – критички пристап,* Филозофски факултет, Скопје, 2011 година, стр. 209.

Наједноставно радикализацијата може да ја дефинираме како инструмент кој се користи за да се промени мислењето на другите (кои се цел, било тоа да е поединец и група) со цел да се направат поекстремни и радикални во нивните размислувања и постапки. Според *Oxford Dictionary* радикализацијата се дефинира како „Акција или процес каде што некој се прави поекстремен и радикален во неговите размислувања, било тоа да е за политички, социјални или религиозни прашања.“[46]

Европската Унија преку своите документи на Европската комисија за справување со тероризмот, радикализацијата ја дефинира како: „Сложен процес кој се одвива во фази преку што поединец или група прифаќаат радикална идеологија или верување што прифаќа, користи или одобрува насилство, вклучително и терористички акти, за да постигне одредена политичка или идеолошка цел.“[47]

Понатаму, важно е да се забележи дека радикализацијата од страна на терористичките организации речиси и да не познава граници.

Неспорно е дека радикализацијата не е нов феномен, но трендовите, средствата и моделите на радикализација постојано се развиваат и следствено на тоа треба и да се приспособат соодветни и конкретни одговори на истите. Како што се наведува во стратегискиот документ за заеднички пристап на ЕУ во спречувањето на радикализацијата за 2022 – 2023,[48] интернет-платформите и социјалните медиуми може да бидат злоупотребени од страна на насилните екстремисти, терористички групи или нивни симпатизери како начин со кој ќе се обезбедат нови можности за мобилизација, регрутација и комуникација.

Заканите и опасностите од насилниот екстремизам и тероризмот претставуваат реалност, овој вид опасност не познава граници, простор, време и

---

[46] Oxford Dictionary, "Definition of radicalisation", достапно на: https://www.oxfordlearnersdictionaries.com/definition/english/radicalization?q=radicalisation последно пристапено на 18.11.2022 година.
[47] European Comission, "Counter terrorism and radicalisation", достапно на: https://home-affairs.ec.europa.eu/policies/internal-security/counter-terrorism-and-radicalisation/prevention-radicalisation_en последно пристапено на 18.11.2022
[48] European Comission, *„Strategic Orientations on a coordinated EU approach to prevention of radicalisation 2022-2023"*, достапно на: https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/2022-03/2022-2023%20Strategic%20orientations%20on%20a%20coordinated%20EU%20approach%20to%20prevention%20of%20radicalisation_en.pdf Последно пристапено на 18.11.2022

место во кое човекот може да биде изложен на опасност од нивните штетни последици. Оттука, може да констатираме дека радикализацијата не познава возраст, односно терористичките организации не бираат кои возрасни групи ќе ги искористат за нивните радикално-екстремистички цели, па дури ниту малолетниците – децата.

Децата се особен интерес на терористичките организации од неколку причини, како на пример: недоволната зрелост и сугестибилноста. Радикализацијата на деца често се врши на неколку начини, и тоа: преку киднапирање, измама, насилство, со ветување пари или други материјални придобивки, или, пак, она што најчесто може да биде како главна и најчеста причина – следењето на нивните родители (или на еден од родителите што е врбуван во одредена терористичка организација). Ризиците за радикализација се многукратно зголемени и како резултат од влијанието на интернетот и на социјалните медиуми.[49]

### 3.2.1 Радикализацијата како процес

Во 2005 година Европската комисија во својот извештај насловен како „Регрутирање на терористи: решавање на факторите кои придонесуваат за насилна радикализација" го употребува поимот „насилна радикализација" која вклучува прифаќање мислења, ставови и идеи кои би можеле да доведат до терористички акти.[50] Всушност терминот „насилна радикализација" е поставен во политичките кругови на ЕУ по нападите во Мадрид на 11 март 2004 година. Овој термин речиси и да нема примена во современата литература, односно тој ретко се користи во научните кругови во општествените и хуманистичките науки. Нов термин кој доминира е насилниот екстремизам (кој ќе го обработиме подолу). Со овој термин се опишува радикализацијата, како процес кој има цел за социјализација која ќе доведе до насилство. Или, со други зборови, оние што денес се одвоени како два посебни концепта „радикализацијата" и „насилниот

---

[49] Лажетиќ Гордана, Нанев Лазар, Кошевалиска Олга, Петровска Невена, „Меморандумот од НУШТЕЛ: Добри практики за правда за децата во антитерористички контекст", Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 2019 година, стр. 1 Достапно на: https://eprints.ugd.edu.mk/23433/1/Lazetic%20Nanev%20Kosevaliska%20Petreska.pdf
[50] Commission of the European Communities, "Terrorist recruitment: addressing the factors contributing to violent radicalisation", Brussels, 21.9.2005, стр. 1-3, достапно на: https://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2005:0313:FIN:EN:PDF

екстремизам“, првиот води кон социјализација која има исклучиво радикални погледи, со што се употребува насилство за да се остварат идеолошките радикални цели – насилен екстремизам.

Погледите кон овие прашања на експертите се поделени. Едни автори го употребуваат изразот на насилна радикализација бидејќи ја третираат радикализацијата како пат кој инхерентно вклучува конкретно насилно однесување, додека, пак, други автори сметаат дека самото прифаќање одредени идеи кои го оправдуваат насилството како показател за таа насилна радикализација. Трети, пак, сметаат дека патот до насилната радикализација е индивидуален, за други, пак, тој е колективен процес.[51]

Поединците со радикални убедувања обично сакаат драстична промена во општеството. Иако различните верувања се дел од живеењето во мултикултурно општество, има моменти кога радикалните верувања може да промовираат терор и насилство како легитимни или прифатливи начини за постигнување идеолошки, политички или социјални промени. Ова се нарекува насилен екстремизам.[52]

Ако радикализацијата ја разбереме како процес на менување на системот на верување на една личност од релативно конвенционален во радикален или екстремен по природа, тогаш овој процес мора да се одвива во одредени етапи. Исто така, радикализацијата која преминува во насилен екстремизам е сложен и повеќеслоен процес кој може да се одвива на различни нивоа (индивидуално, оганизациско и системско). Сепак значајно е да се напомне дека експертите од оваа област не се обединети околу единствена дефиниција за самата радикализација, но единствено нешто во што се сите согласни е фактот дека радикализацијата е процес.[53]

---

[51]European Commission's Expert Group on Violent Radicalisation, “Radicalisation Processes Leading to Acts of Terrorism“, Report for the European commission, 2008, стр. 5.
[52] Australian Government, “Psychologists: Understanding radicalisation to violent extremism”, Living Safe Together helping communitis counter violent extremism, достапно на: https://www.livingsafetogether.gov.au/Documents/fact-sheet-psychologist-understanding-radicalisation-extremism.pdf Последно пристапено на 19.11.2022
[53] P. Schmid Alex, *Radicalisation, De-Radicalisation, Counter-Radicalisation: A Conceptual Discussion and Literature Review,* International Center for Counter-terrorism – The Hague, 2013, стр. 1

Радиализацијата како процес се состои од четири одделни, но меѓусебно поврзани етапи или фази.

Првата фаза е **идеолошко ангажирање**, потоа следува радикализацијата, третата фаза е опишана како **катализатор,** односно одреден настан кој ќе има улога на катализатор. И последната четврта фаза е преминувањето во **насилен екстремизам или тероризам.**




*Слика 2. Процес на радикализација*

Според ова, радикализацијата најдобро се гледа како процес на промена, лична и политичка трансформација од една состојба во друга. За една личност да стане радикална, потребно е време, тоа е процес кој бара прогресија низ различни состојби и не се случува толку брзо и едноставно. Настанот на катализаторот, или третата фаза, е како „когнитивно отворање" што го прави лицето поприемливо за можноста за нови идеи и погледи на светот. Овој шокантен настан или лична криза ја разнишува сигурноста на поединецот во претходно одржаните верувања, ги поттикнува да го преоценат целиот свој живот и да станат отворени за радикална промена на вредностите и однесувањето.

Тука се поставува и прашањето што може да придонесе лицата да стигнат до последната фаза од овој процес? Делумно погоре наведовме дека фазата која може да се нарече когнитивно отворање, или, пак, со други зборови, одредена кризна ситуација која ја доживеала самата индивидуа. Кога поединецот ќе ја доживее оваа лична криза, тогаш се разнишува и сигурноста на поединецот во претходно дадените ветувања или верувања во однос на самото општество, неговата позиција во него или, пак, општественото опкружување. Тука се отвора таа можност тој да го преоцени целиот свој живот и да стане отворен за променување на неговите вредности, верување и однесување. Имено, сето ова може да се илустрира преку два примери.

Прво, на пример новите регрути на ИРА и ЕТА го оправдуваат приклучувањето кон етнонационалистичките терористички групи наведувајќи како причина убивање, мачење и малтретирање нивни роднини и блиски пријатели од страна на државата. Затоа, според ова, може да претпоставиме дека нивното приклучување кон тероризмот е чин на одмазда.

Второ, во поново време често се зборува за поврзаноста на тероризмот и организираниот криминал, меѓутоа, не само оваа врска која егзистира подолго време, во последните години често се случува криминалците кои им се приклучуваат на ИСИС и Ал Каеда тоа да го сторат како резултат дека тие сфатиле дека нивното криминално однесување било штетно и треба да прекинат со таквото минато и да се искупат или да ги исчистат своите „гревови“. Оваа „точка од која нема враќање“ го обезбеди образложението за нивното свртување кон религијата и ја оправда вмешаноста со салафистите следбеници на ултраконзервативната сунитска гранка на исламот.

Катализаторот може да има повеќе форми:

- ✓ економски (губење работа, блокирана социјална мобилност),
- ✓ социјален (дискриминација при отуѓување, расизам),
- ✓ политички (меѓународни конфликти) и
- ✓ личен (смрт на некој близок).

Дополнително, постои долга листа на предизвикувачи (вистински или согледани) кои можат да го иницираат прогресивното движење кон насилен екстремизам. Накратко, не е тешко да се најдат поединци кои се лишени од нешто на што чувствуваат право.[54]

---

[54] Diego Muro, „WHAT DOES RADICALISATION LOOK LIKE? Four visualisations of socialisation into violent extremism“, Barcelona Centre for International Affairs, December 2016, стр. 2-5. Достапно на: https://www.cidob.org/publicaciones/serie_de_publicacion/notes_internacionals_cidob/n1_163/what_does_radicalisation_look_like_four_visualisations_of_socialisation_into_violent_extremism последно пристапено на: 6.12.2022

## 3.3 Олеснувачки фактори кои ја зголемуваат радикализацијата во терористичките организации

Наодите на четири истражувачки тимови спонзорирани од Националниот институт за правда во САД *(National Institutes for Justice)* ја нагласуваат важноста на неколку олеснувачки фактори кои можат да го охрабрат, поддржат или да дадат значаен придонес во процесот на радикализацијата. Пред да ги наведеме тие олеснувачи, ќе ги разгледаме анализите и резултатите до кои дошле овие четири тимови. Потенцијалната улога на терористичките системи и наративите на верувања во процесот на радикализацијата до тероризам беше силно поддржуван во дел од истражувањата кои биле спроведени од тимовите, но и изнесени како значајни во процесот на радикализација кој ќе ги одведе засегнатите лица до тероризам. На пример, во една од анализите, користејќи ја базата на податоци ПИРУС, тимот на СТАРАТ ја испитуваше врската помеѓу мерките за јачина на екстремистичките верувања на поединците и различните екстремистички однесувања и откри дека 74 % (од вкупно 675) лица кои обучувале или биле поврзани со тероризам биле длабоко посветени на терористичката идеологија.

Демонстрирајќи дека кристализацијата на рамката (т. е. идентификување и договор за тоа кој е виновен за ситуацијата и што треба да се направи за да се реши) е олеснувач на тероризмот, тимот од Универзитетот во Арканзас констатира дека наративите на терористичките групи може да имаат исклучителна значајна улога во процесот на радикализација. Иако сите наоди од истражувањата на овие проекти покажуваат дека верувањата и наративите кај поединците се важни за разбирање, истите укажуваат и согласност со останатите истражувања кои тврдат дека прифаќањето на терористичките убедувања и/или наративите не е ниту неопходен, ниту пак сами по себе се доволен услов за радикализација која води до тероризам.[55]

Табеларно ќе ги прикажеме и т.н. **„олеснувачи“** кои играат важна улога, покрај верувањата и наративите, и на тероричките организации им даваат

---

[55] Alison G. Smith, “How Radicalization to Terrorism Occurs in the United States: What Research Sponsored by the National Institute of Justice Tells Us”, National Institute of Justice, June 2018, p. 13-14. Достапно на: https://www.ojp.gov/pdffiles1/nij/250171.pdf Пристапено 12.1.2023

голема предност во процесот на радикализацијата. Или, пак, тие може да се сметаат како причина радикализацијата да биде поголема, поефикасна и во краен случај тероризмот и терористичките организации да станат попривлечни.

| **Олеснувачи** |
|---|
| Системи или наративи на терористички верувања |
| Идентитетски процеси |
| Активности кои покажуваат посветеност на терористичка група или кауза |
| Врски со терористи во нечија офлајн социјална мрежа |
| Врски со терористи преку интернет и/или социјални медиуми |
| Динамика на групата |
| Незадоволство |
| Предизвикувачки настани |

*Табела бр.1 Извор: National Institute of Justice*[56]

### 3.4 Регрутација на членови во терористичките организации

Секоја организација за да опстои (а особено ако сака да се прошири) потребно е да ја одржува истата, како со материјални средства така и со човечки капацитети. Ако на ова се додаде фактот дека терористичките организации најчесто го применуваат методот на самоубиствени напади како главно средство за постигнување на нивната кауза, тогаш регрутирањето нови членови кои ќе бидат од полза е исклучиво значајно за современиот тероризам. Она што е карактеристично во современиот тероризам е самиот факт дека новите регрути се спремни да го употребат ова оружје, абнормалниот метод, со што ова го прави тероризмот уште посуров, далеку подеструктивен и истиот претставува голема опасност за целокупната меѓународна безбедност.

Еден од првите одговори кои надоаѓаат кога ќе се постави следното прашање: која таргет група е најчесто подложна на регрутирање? Речиси секогаш помислуваме дека тоа се лица кои не се доволно едуцирани, сиромашни, живеат

[56] Ibid, 13

во недемократски држави, лица со радикални религиозни сфаќања и слично. Овој одговор не е целосно погрешен, туку се изоставa една важна компонента во регрутацијата – односно дека секој може да биде мета на терористичките регрути особено во ерата на технологија и масовните комуникации. Софистицираните мрежи на транспорт и комуникации им овозможуваат на терористите зголемена мобилност и средства за поголем интензитет на нивните активности[57] меѓу кои спаѓа и регрутацијата како битна алатка во синџирот на тероризмот.

Како и за останатите концепти така и за регрутирањето во тероризмот не постои единствено прифатлива дефиниција. Сепак, голем дел од литературата за регрутирање во тероризмот се потпира на различни социолошки, политички, економски, идеолошки, религиозни и психолошки стратегии и тактики што ги користат терористичките организации за да придобијат нови членови и/или следбеници. Овие стратегии може да бидат насилни или ненасилни, како и интеграција на различните социо-културни, економски, идеолошки, психолошки и политички услови кои ги мотивираат поединците да се приклучат на терористичките групи.

Повеќето теоретски дискусии за регрутирање терористи ги поставуваат нивните наративи врз основа на Пристапот на социјалното движење. Тоа е затоа што теоријата става акцент на наративот дека повеќето терористички организации започнале како неформални и полуструктурирани групи кои се фокусирале на одредени општествени прашања и предизвици кои ги засегаат општествата. Овие предизвици им овозможија да создадат лажна перцепција меѓу поединците и целните групи што ги наведува да веруваат дека можат да обезбедат подобра алтернатива. Овие движења создаваат можност и простор за терористичките организации да мобилизираат и регрутираат членови со оглед на тоа што нивните пораки резонираат одредено ниво на општествена свест што ги повикува поединците и групите со поплаки против естаблишментот.[58]

---

57 Котовчевски Митко, *Менаџирање на терористички закани*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 84.

58 Maza, K.D.; Koldas, U.; Aksit, S. *Challenges of Countering Terrorist Recruitment in the Lake Chad Region: The Case of Boko Haram*. Peace, Politics, and Religion: Volume 1, 2020, p.3-4 Достапно на: https://doi.org/10.3390/rel11020096 Последно пристапено на: 24.1.2023

Осама бин Ладен во 80-тите години на минатиот век отпатувал во Авганистан со цел да се бори против советските „неверници“ во авганистанско-советската војна (1979 – 1989). Таму тој добил широка поддршка од голем број Арапи кои подоцна му користеле во формирањето на Ал Каеда. Меѓутоа, тој се запознал и воспоставил соработка со египетскиот лекар Ајман ал Завахири, заедно преземале координирани терористички акции и подоцна ги споиле своите организации создавајќи ја Ал Каеда. Многу битен е фактот како тие двајца станале радикални во своите размислувања и погледи. За ова е заслужен Саид Кутб, кој бил еден од водечките исламски идеолози во 20-тиот век. Во првата половина од својот возрасен живот бил дел од секуларното книжевно движење во Египет како поет, литературен и социјален критичар. Она што е важно за него тоа што во текот на своите двегодишни студии во Америка (1948 – 1950) тој само го зацврстил своето мислење дека Америка е технолошки голема држава, но морално банкротирана. Во 1954 година бил затворен заедно со други членови на муслиманските браќа и останал во затвор десет години. Меѓутоа, на Кутб му беше дозволено да пишува, а неговите списи од затвор станаа сè повеќе радикални, па дури и револуционерни, тврдејќи дека сите таканаречени муслимански општества се антиисламски (џахили). Она што е значајно за нас е тоа дека неговите подоцнежни дела беа нашироко читани и помогнаа да се инспирираат неколку насилни радикални групи во Египет и на други места, вклучително и Ал Каеда и другите „џихадисти“.[59]

### 3.5 Циклус на регрутирање терористи

Кејн Отс *(Kent Oots)* прави извонредна компарација на терористичките групи со политичките организации. Тој идентификувал и констатирал дека овие два вида организации имаат исти организациски проблеми, и како примери ги посочува: регрутирањето, финансирањето, конкуренција меѓу ривалите и

---

[59] Она што е значајно дека радикализацијата може да се спроведе на овој начин како што е опишано, односно ваквите лица кои преку пишување и нивните радикални погледи им помагаат на регрутите многу полесно да ја изведат регрутацијата на членови. Или, со други зборови, тие успеваат да ги намалат времето и просторот за радикализација кој е потребен, односно лицата пред да стапат во контакт со самите регрути веќе се запознаени, но и уверени, со идеологијата на терористичката организација. Тоа е само еден дополнителен поттик за т.н. радикализација која станува трајна или непресушна со помош на онлајн платформите, за која ќе зборуваме во следната глава.

потребата да се обезбедат селективни стимулации.[60] Со радикализацијата на младите, нивно регрутирање и искористување (како за политички така и за терористички цели), одговараат и анализите за состојбите и предизвиците со тероризмот во Кенија. Како што се наведува во студијата, во Кенија искористувањето на младите за нелегални активности не е новост за овој простор. Политичарите со години ја искористуваат најмладата популација, особено за време на избори, покрај другото и за: купување гласови, заплашување на опозицијата, нарушувања, страв и нестабилност, па дури и да организираат насилни напади врз противниците и нивните поддржувачи. Во контекст на она што го говори Кејн Отс, терористичките организации Ал Шабаб и ИСИС ги искористиле сите случувања во овој регион и не оставиле само политичките партии да ги искористуваат младите за нивните интереси. Во 2007 година сите овие практики доведоа до зголемено насилство низ целата земја, така тие создадоа простор во наредните години радикализацијата и регрутирањето на младите да станат уште позаканувачки и алармантни поради сѐ поголемите активности на терористичките организации.[61]

Циклусот на регрутирање може да се каже дека ја следи логиката на Роберт Гилпин во однос на концептот за растот и падот на цели национални економии и односите меѓу овој економски циклус, националната моќ и меѓународната политика, како и „Циклусот на производ(и)" на Џејмс Курт, кој изнесува дека иновациите се од суштинско значење за да се избегне стагнација, така што изворите на капитал и работна сила го менуваат правецот на фирмите. Особено на почеток, терористичките организации треба да дадат приоритет на финансиите и регрутирањето за да можат да ја зајакнат својата сила.[62] Терористичките организации се потпираат на луѓе и работна сила за

[60] Kent Layne Oots, "*Organizational Perspectives on the Formation and Disintegration of Terrorist Groups,*" Terrorism – Critical concepts in political science, Routledge, Volume III, 2006, p. 69. Достапно на: https://books.google.mk/books?id=kdGlbkQm5bgC&pg=PA64&lpg=PA64&dq=Kent+Layne+Oots,+Organizational+Perspectives+on+the+Formation+and+Disintegration+of+Terrorist+Groups&source=bl&ots=CbKYk2ZoiV&sig=ACfU3U0EAEUncrTwjcx0IYYlpNyv4y8Xcw&hl=en&sa=X&ved=2ahUKEwih97CClOj8AhXOl4sKHdGoABcQ6AF6BAgIEAM#v=onepage&q=Kent%20Layne%20Oots%2C%20Organizational%20Perspectives%20on%20the%20Formation%20and%20Disintegration%20of%20Terrorist%20Groups&f=false Пристапено на 27.1.2022

[61] Sirkku Hellsten, "*Radicalisation and terrorist recruitment among Kenya's*", Nordic Africa Institute, 2016, p. 3.

[62] Bloom Mia, Constructing Expertise: Terrorist Recruitment and "Talent Spotting" in the PIRA, Al Qaeda, and ISIS, *Studies in Conflict & Terrorism*, 2016, 40:7, p. 603-623.

извршување на нивните активности. Боко Харам, како и повеќето терористички организации, имаат неколку стратегии за регрутирање поединци. Овие стратегии вклучуваат техники како што се принуда, согласност, хипноза и ветувањето за финансиски стимулации.[63]

На Слика 3 е прикажан циклусот на регрутација кој може да донесе голем број можности или ограничувања. Ваквите промени во регрутирањето се рефлектираат во различните пораки и пропаганди кои ги користат терористите. Овој контраст може особено да се забележи во „двојниот пропаганден пристап“ кој го применува ИСИС. Едниот по својата природа е графички, насилен и е насочен кон најмал заеднички именител, додека, пак, другиот со себе порака ја заснова во концептот на алтруизам и добри дела – со позитивни пораки. Ова е доста применливо во практика од проста причина што тие не може да нудат еден ист вид пропаганда на различен тип на луѓе. Само за илустрација, видовите пораки и слики кои се користат за регрутирање затвореници и бандити се далеку различни од оние кои имаат за цел да привлечат образовани луѓе со високи достигнувања. За затворениците честопати тоа може да биде „понуда“ за да биде заштитен во затворот, како и да му се пружи духовна поддршка. Како пример може да ни послужат и затворите во Обединетото Кралство, каде што некои затворени терористи усвоија проактивна стратегија за да ја искористат оваа неизвесност нудејќи храна, пријателство и духовна поддршка на новодојдените во затвор. Во Либан исто така има слична стратегија каде што влијателните затвореници на новите кои ќе пристигнат им нудат безбедносен амбиент со цел да ја добијат нивната доверба.




*Слика бр. 3 Циклус на регрутирање на терористичките организации*

[63]Kangdim Dingji Maza, Umut Koldas and Sait Aksit, “Challenges of Countering Terrorist Recruitment in the Lake Chad Region: The Case of Boko Haram“, *Religions 2020*, 11, 96, p.5.

Во анализата на Томас Хегхамер, се поставува „постоењето на „култура за регрутирање"; што имплицира хоризонтални обрасци на регрутирање, во кои тврдокорните, главно политички водени, џихадистички активисти со врски со познати групи, доста агресивно допираат до потенцијалните регрути преку нивните социјални мрежи".[64] Ова го повторува тврдењето на другите научници за постоењето на ехо комора во која пријателите се радикализираат еден со друг.[65]

Она што е значајно да се забележи за терористичките организации (најчесто користено од ИСИС) е дека тие користат пропаганда составена од неколку видови шеми кои може да се сведат во две категории, и тоа: бруталност која Чарлс Х. Витер ја нарекува и црвена херинга[66] и утопизмот. Иако бруталноста е најчестиот истакнат метод кој го применува ИСИС на запад, утопизмот не е ништо помалку важен, односно тој е најкруцијалниот наратив во пропагандата на ИСИС. Утописката понуда на организацијата е најпривлечна за новите регрути.

## 3.6 Насилен екстремизам

Најпрво ќе изнесеме дефиниција за тоа што претставува екстремизмот со цел да биде полесно да се опишат насилниот екстремизам и тероризмот. Во *American Heritage Dictionary* тој се дефинира како „личност која се залага или прибегнува кон мерки надвор од нормата, особено во политиката". Нешто слично се дефинира и во *Oxford Learner's Dictionary* како „политички, верски и сични идеи или постапки кои се екстремни и не се нормални, разумни или прифатливи за повеќето луѓе".

Така, екстремизмот и тероризмот, вклучувајќи ги и нивните етимологии, се користат во политичките и медиумските дискурси. Сепак, овие термини немаат исто значење. Екстремизмот се однесува на политички идеи или агенди кои не

---

[64] Bloom Mia, Constructing Expertise: Terrorist Recruitment and "Talent Spotting" in the PIRA, Al Qaeda, and ISIS, *Studies in Conflict & Terrorism,* 2016, 40:7, p. 603-623.

[65] Charlie Winter, *The Virtual 'Caliphate': Understanding Islamic State's Propaganda Strategy*, Quilliam, 2015, p.6 Достапно на: https://core.ac.uk/download/pdf/30671634.pdf Последно пристапено на 30.1.2023

[66] Поимот црвена херинга е логична заблуда во која ирелевантни информации се претставени заедно со релевантни информации, одвлекувајќи го вниманието од тие релевантни информации. Ова може да се направи намерно или ненамерно. Во случајов терористите во својата пропаганда го користат намерно.

се прифатени од јавноста без притоа да бидат преземени какви било насилни акти кои го карактеризираат тероризмот. Сепак, за тероризмот речиси целокупната литература се согласува дека е политички мотивиран, насилен и морално презрен, со што екстремизмот и тероризмот се сврзуваат на точката за политички мотивирани, но тероризмот главно означува употреба на насилство за да се постигне политичка агенда. Врз основа на дефинициите на двата поими, екстремизмот се претвора во тероризам преку употреба на насилство за да се постигнат неприфатливите агенди и цели. Како резултат на оваа разлика, екстремизмот може да прерасне во насилен екстремизам, односно да доведе до тероризам кој повлекува екстремизам.[67]

Во превентивната стратегија на Обединетото Кралство се нагласува дека при процената на двигателите и патиштата кон радикализацијата, линијата помеѓу екстремизмот и тероризмот често е нејасна. Терористичките групи од секаков вид многу често се потпираат на идеологии кои биле развиени, ширени и популаризирани од екстремистички организации кои се чини дека се ненасилни (како што се групи кои ниту користат насилство, ниту конкретно и отворено ја поддржуваат неговата употреба од други).[68]

Насилниот екстремизам во документите на Канада е дефиниран како „местото каде што прекршокот е „првенствено мотивиран од екстремни политички, религиозни или идеолошки ставови.“ Некои дефиниции експлицитно забележуваат дека радикалните ставови во никој случај не се проблем сами по себе, туку дека тие стануваат закана за националната безбедност кога таквите ставови се ставаат во насилна акција.[69]

Шведската влада во својот документ за борба против насилниот екстремизам не изнесува конкретна дефиниција за тоа што е насилниот екстремизам, односно тие го дефинираат концептот на насилен екстремист. Така, насилен екстремист „е некој за кој постојано се смета дека покажал однесување кое не само што

---

[67] Hatam El Zein, "Is the internet the main medium of transmitting terrorism?", 2015, Edith Cowan University, Joondalup Campus, Perth, Western Australia, 16th Australian Information Warfare Conference 2015 (pp. 24-28).
[68] Home Office, *Prevent Strategy*, The Stationery Office Limited, United Kingdom, 2011, p.19 Достапно на https://www.gov.uk/government/publications/prevent-strategy-2011 Последно пристапено 30.1.2023
[69] Public Safety Canada, " Assessing the Risk of Violent Extremists", *Research Summary,* vol. 14,2009 no. 4.

прифаќа употреба на насилство, туку поддржува или врши идеолошки мотивирано насилство за да промовира нешто.“[70]

За нас е најприфатлива првата разлика која ја констатиравме погоре, од причина што, иако при процената на двигателите и патиштата кон радикализација, таа линија помеѓу екстремизмот и тероризмот често е опишувана како нејасна. Сепак, многу е евидентна поврзаноста на насилниот екстремизам со терористичките организации. Како пример ќе го наведеме Бангладеш кој последниве години беше сведок и директна мета на терористичките организации, преку низа на напади кои беа реализирани врз одредени малцинства, блогери, активисти за правата на хомосексуалците и универзитетски професори. Иако беа ограничени, повеќето од домашните насилни екстремистички тимови добија идеолошка и тактичка поддршка од транснационалните мрежи за тероризам, како што се ИСИЛ и Ал Каеда во индискиот потконтинент.[71]

И во водичот за насилен екстремизам на Обединети нации се констатира дека не постои меѓународно договорена дефиниција за насилен екстремизам. Но, се дава една дефиниција која се користи во самиот водич, а тоа е: „Насилниот екстремизам се однесува на верувањата и постапките на луѓето кои поддржуваат или користат насилство за да постигнат идеолошки, верски или политички цели. Ова вклучува тероризам и други форми на политички мотивирано и секташко насилство. Типично, „насилниот екстремизам“ исто така идентификува непријател или непријатели кои се предмет на омраза и насилство. Концептуалното јадро на насилниот екстремизам е тоа што тој е идеолошки мотивирано прибегнување кон употреба на насилство, најчесто засновано на теории на заговор“.[72]

---

[70] Government of Sweden, *Action plan to safeguard democracy against violence promoting extremism, Government communication 2011/12:44, p. 9*. Достапно на: https://www.government.se/49b75d/contentassets/b94f163a3c5941aebaeb78174ea27a29/action-plan-to-safeguard-democracy-against-violence-promoting-extremism-skr.-20111244 Пристапено 1.2.2023

[71] BHULAI, RAFIA. “EXAMINING LOCAL PERCEPTIONS OF DRIVERS OF VIOLENT EXTREMISM.” GOING LOCAL: Supporting Community-Based Initiatives to Prevent and Counter Violent Extremism in South and Central Asia, Global Center on Cooperative Security, 2017, pp. 5–9. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/resrep20260.6.

[72] United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization, *Preventing violent extremism through education,* Paris, 2017, p.19. Достапно на https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000247764

Насилниот екстремизам може да се толкува пошироко од тероризмот и да вклучува поширок опсег на групи. На пример, во својата Стратегија за спречување/превенција од 2011 година, владата на Обединетото Кралство го дефинира екстремизмот како „гласно или активно противење на основните британски вредности, вклучувајќи демократија, владеење на правото, индивидуална слобода и меѓусебно почитување и толеранција на различни вери и верувања. Исто така, во дефиницијата за екстремизам се вклучени повици за смрт на членовите на нивните вооружени сили, без разлика дали се во оваа земја или во странство“.[73]

Глобалните терористички мрежи може да влијаат и како акцелератори во малите конфликтни зони, преку обезбедување финансии, оружје и борци. Често финансирањето на овие транснационални терористички групи, претежно со антизападни цели од светски размери, се финансирани од богати поединци во светот, особено од регионот на Заливот. Влијанието на нивните идеолози и финансиери од глобалните терористички мрежи може да ги обликува идентитетот, верноста и практиките на локалните милитанти и бунтовници. Не само што транснационалните актери интервенираат во локалните борби, локалните бунтовници исто така може да побараат поддршка од глобалните терористички организации. Заемната привлечност помеѓу локалните бунтовници и транснационалните џихадистички мрежи е важен фактор што придонесува за ширење на насилниот екстремизам.[74]

Конфликтот во Мали и неговата дифузија во регионот Сахел дава уште еден пример за тоа како транснационалните екстремистички мрежи можат да ги редефинираат локалните конфликти кои произлегуваат од сепаратистички или етнички поплаки. Терористичката организација AQIM се прошири во Мали со кооптирање на локални актери. Овој потег доведе до остра ескалација на конфликтот помеѓу државата и локалните племенски и етнички групи на север. Во 2017 година дојде до спојување на AQIM и етничките групи во овој регион во една организација која стана позната како Група за поддршка на исламот и

[73] Norwegian Refugee council, “Countering Violent Extremism and Humanitarian Action Countering Violent Extremism and Humanitarian Action“, 2016, p.2. Достапно на: https://www.nrc.no/globalassets/pdf/position-papers/170622-nrc-position-paper_cve-and-humanitarian-action---fv.pdf Пристапено 30.1.2023

[74] Martha Crenshaw, “Rethinking Transnational Terrorism an integrated approach“, *United States Institute of Peace*, Peaceworks No. 158, 2020, p. 13.

муслиманите или Jama'a Nusrat ul-Islam wa al-Muslimin. Нејзиниот водич Ијад Аг Гали, бунтовник кој бил активен од 1980 година, вети верност на Ал Каеда и талибанците.[75]

Сето ова ни ја потврдува нашата прва хипотеза дека екстремизмот може да прерасне во насилен екстремизам, односно да доведе до тероризам, тероризмот кој повлекува води кон екстремизам.

### 3.6.1 Класификација на насилните екстремисти

Постојат повеќе видови насилен екстремизам. Европските и другите држави во светот беа подложени на различни видови насилен екстремизам во изминатите децении. Ова насилство беше спроведено од десницата, левичарското насилство и други видови политичко, социјално, верско и друго идеолошко поврзано насилство. Заедничко за сите овие видови насилни дејства е фактот што овие незаконски насилни дејства се преземаат за да се реализира и/или продолжува одредена идеолошка цел.

Не сите насилни екстремисти имаат исти карактеристики. Како што е наведено погоре, некои можеби биле осамени актери, додека други можеби биле членови на екстремистичка група. Некои можеби имале историја на претходна обука и ангажирање во насилни екстремистички акти, додека други можеби биле уапсени поради планирање да се вклучат во некоја насилна акција дома или во странство, без претходно искуство или капацитет во однос на насилни дејства. Некои насилни екстремисти се харизматични лидери. Другите се следбеници. Некои имаат капацитет да регрутираат, додека други се ранливи на таква активност за регрутирање. Некои насилни екстремисти претходно биле криминални престапници; други немаат познато криминално минато. Разбирањето на овие индивидуални карактеристики е важно за ефективно реагирање на поединечни насилни екстремистички престапници.

Ќе напомнеме дека постојат различни видови класификација на екстремистите, односно постои различна класификација за различни цели. Меѓутоа, како една од поважните класификации на насилните екстремисти

[75] Ibid, 14

може да ја издвоиме онаа од Советот на Европа,[76] па така во својот прирачник за радикализација и насилен екстремизам, екстремистите се делат најмалку на три категории, и тоа:

1) оние кои се идеолози и водачи и кои може да бидат лица за радикализирање;
2) оние кои се следбеници и се ранливи на зголемена радикализација;
3) оние кои се криминални опортунисти и заинтересирани за сопствена добивка и се здружуваат со насилни екстремисти со цел на некој начин да се здобијат со лична корист.

Иако дефиницијата за насилен екстремизам вклучува придржување до идеолошки цели, некои поединци се повеќе мотивирани од потрагата по смисла во нивните животи, други се принудени од други да се вклучат или можеби имаат потреба од социјална припадност.

## 4. Влијанието на онлајн платформите за ширење насилен екстремизам, радикализација и регрутација за терористички цели

По елаборирањето на клучните проблеми на истражувањето, како неопходност се наметнува потребата да дадеме објаснување што всушност во нашето истражување подразбираме под поимот „онлајн платформи“. Самиот термин онлајн платформа го користиме со цел да опишеме низа на услуги кои се достапни во (или на) интернет-просторот. Во оваа т.н. кошница на платформи може да ги ставиме: пребарувачите, социјалните медиуми, одредени места за креативна содржина, комуникациски услуги, системи за наплата и слично.[77] Во оваа низа и во текот на нашата анализа во следните точки ќе ги вклучиме и традиционалните медиуми бидејќи со развојот на современата технологија тие се трансформираа, односно најголем дел од нив се присутни и на овие онлајн платформи.

---

[76] COUNCIL OF EUROPE HANDBOOK, *For prison and probation services regarding radicalization and violent extremism*, Strasbourg, 1 December 2016, p.10 Достапно на: https://rm.coe.int/16806f9aa9 Последно пристапено на 5.1.2022

[77] Organisation for Economic Co-operation and Development, *An Introduction to Online Platforms and Their Role in the Digital Transformation,* OECD publishing, Paris, 2019, p. 20 Достапно на: https://read.oecd-ilibrary.org/science-and-technology/an-introduction-to-online-platforms-and-their-role-in-the-digital-transformation_53e5f593-en#page4 Последно пристапено на 2.2.2023

Пандемијата со КОВИД-19 донесе релативно нови промени во однос на функционирањето на недржавните актери, како што се, насилниот екстремизам, терористичките организации, организираниот криминал и слично. Заканите од насилниот екстремизам и тероризмот се комбинирани и меѓусебно се испреплетуваат, а се среќаваат на специфични геополитички локации во рамки и надвор од границите на националните држави (т. е. на просторите на клучните „јазли“ и во недоволно регулирани простори) претставувајќи транснационални и трансрегионални проблеми што ги надминуваат границите.[78]

Рестриктивните мерки (особно забраната за патување, ограничување на правото на движење и префрлање на работа од дома) доведоа до зголемено користење на интернетот. Терористичките групи и поединци се обидоа во текот на пандемијата да ги интегрираат своите долгогодишни наративи. Како резултат на забраните кои беа воспоставени со цел да се справиме со заканата од КОВИД-19, влијаеше на зголемување на терористичката и екстремистичката содржина во онлајн просторот, а со тоа се зголеми и изложеноста на луѓето на терористичката и екстремистичка пропаганда која циркулираше масовно во онлајн просторот.

Ситуацијата создадена од пандемијата може да биде дополнителен фактор на стрес, потенцијално охрабрувајќи ги ранливите поединци да се свртат кон насилство. КОВИД-19 ја зголеми поларизацијата во општеството, а со тоа го зголеми прифаќањето на насилните мерки кај поголемите делови од населението. Во извештајот на ЕВРОПОЛ се потврдува оваа констатација наведувајќи дека пропагандната содржина во онлајн просторот се зголеми драстично во текот на пандемијата. Така, џихадистичката пропаганда стана пораспространета низ различни платформи и имаше јасен обид на поддржувачите на ИД да обезбедат пораките на ИД да стигнат до целната публика.[79]

---

[78] Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018-2022), Влада на Република Македонија“, Скопје, 2018, стр. 11.
[79] EUROPOL, “*European Union Terrorism Situation and Trend report*“, Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2021, p. 1-8.

### 4.1 Користењето на интернетот од страна на екстремистички групи

На глобално ниво, поларизирачките тенденции и процеси на радикализација може да се забележат речиси во многу религиозни, етнички и културни групи на населението. Во шарениот свет, кој честопати одредени држави или носители на значајни функции во државите и/или меѓународните организации ни го претставуваат како розов свет, се карактеризира исто така со многу широко распространети чувства на нееднаквост и неправда каде што постои многу акутно чувство на маргинализација и понижување, кое најчесто е во некои муслимански заедници во светот, како и меѓу имигрантските заедници со муслиманско потекло, основани во европските земји.

Денешната верска и политичка радикализација сепак не треба да се меша. Првата е тесно испреплетена со динамиката на идентитетот, додека втората е поттикната од гореспоменатите чувства на нееднаквост без разлика дали се вистински или перципирани. И двата изрази на процесите на радикализација се резултат на многу различна индивидуална и колективна динамика. Распространетото чувство на понижување и неизвесност во основа почива на цела низа на широко различни специфични локални околности. Како и во минатото, им нуди можност на граничните групи да го оправдаат своето прибегнување кон тероризмот. И Канада како една од причините за насилниот екстремизам и тероризам (индиректно) ја наоѓа вината токму во розовиот свет, односно се наведува дека намалување на довербата на поединците и групите е една од причините која води кон терористички акти. Имено, некои студии за влијанието на тероризмот откриваат дека терористичките напади се поврзани со пониски нивоа на доверба во сограѓаните, националните институции и правниот систем.[80]

Од крајот на 19 век до денес, сите такви разновидни значајни бранови на политичка радикализација што резултираа со терористичка акција споделуваат голем број структурни карактеристики. Прво, сите тие напредуваат во овозможувачка средина која во суштина се карактеризира со широко споделено

[80] Government of Canada, *National Strategy on Countering Radicalization to Violence,* Canada centre for community engagement and prevention of violence, 2018, p. 13. Достапно на: https://www.publicsafety.gc.ca/cnt/rsrcs/pblctns/ntnl-strtg-cntrng-rdclztn-vlnc/ntnl-strtg-cntrng-rdclztn-vlnc-en.pdf Последно пристапено на: 7.2.2023

чувство на неправда, без разлика дали е реално или перципирано, меѓу засегнатите сегменти од населението или цели општества.[81]

Ниту една деценија по ситуацијата не е сменета, односно овие структурни карактеристики останаа аномалија на општествените и државни системи кои терориститичките организации и насилните екстремистички групи ја користат мошне умешно.

Користењето на онлајн платформите за комуникација за ширење терористичка и насилна екстремистичка пропаганда е релативно ново средство. Една од најосновните воедно и главни причини зошто онлајн платформите се значајни за овие групи е брзината на ширењето на нивната порака, така таа се пробива многу полесно до потенцијалните регрути во онлајн сферата за разлика од офлајн активностите за регрутирање. Друг начин на кој може да се искористи интернетот е рекламирањето. Постои рекламирање на нивните веб страници со цел да се дознае постоењето на групата, но и да се прошири нивната порака. Пораките кои се шират таргетираат своја публика, може да бидат на различни јазици во зависност од групата која треба да се регрутира. Социјалните медиуми, електронските пошти, виртуелните платформи за разговор, електрпнските групи, видеоснимки, како и други апликации се особено популарни алатки за регрутирање. [82]

Во принцип ние може да издвоиме два начини или исклучива предност која им ја нуди интернетот на екстремистичките и терористичките органзации, и тоа:

**Прво,** овој метод може да се дефинира како „дотерување“ и се заснова на тоа што екстремистите или терористите го истражиле поединецот во интернет-просторот (неговите профили на социјалните мрежи и слично) и научиле многу работи за поединецот и неговите полиња на интерес. На овој начин тие ќе го приспособат нивниот пристап соодветно на неговиот профил и ќе се обидат да ја добијат неговата доверба.

[81] European Commission’s Exprets Group on Violent Radicalisation, “Radicalisation Processes Leading to Act of Terorrism”, Report 15 May, 2008, p. 9

[82] Структурните фактори, односно аномалиите на општествнеите и државните системи и после една деценија остануваат речиси исти, а за тоа како потврда за нашата констатација ќе го наведеме следниот извор: UNODC, “E4J University Module Series: Counter-Terrorism”, 2018, Достапно на: https://www.unodc.org/e4j/en/terrorism/module-2/key-issues/drivers-of-violent-extremism.html Пристапено на 7.2.2023

**Второ,** оваа техника се однесува на „таргетирано рекламирање“ со следење на онлајн однесувањето на корисниците на интернет, односно, групата може да ги идентификува оние кои се ранливи на нејзината пропаганда и да го приспособи наративот за да одговара на својата целна публика.[83]

Комбинацијата на социјална изолација и повеќе време поминато на интернет за време на пандемијата ги влоши ризиците од насилната екстремистичка пропаганда и терористичката содржина на интернет, особено кај помладите луѓе и малолетниците. Платформите и услугите за игри сè почесто се користат од десничарските терористи за канализирање на терористичката пропаганда насочена кон помладата генерација корисници.

На 15 март 2019 година, 28-годишниот австралиски државјанин нападнал две џамии во Крајстчрч (Нов Зеланд) за време на петочната молитва, користејќи неколку огнени оружја, вклучително и пушки. Во нападите загинаа 51 лице, а десетици беа повредени. Сторителот емитувал еден од нападите преку 17-минутен пренос во живо на „Фејсбук“ од акција – камера што ја носел. На видеото, напаѓачот го коментирал текот на нападот и го покажал своето оружје на кое биле испишани имиња на историски личности и битки во борба од страна на европските сили против Отоманската Империја. Видеото исто така било направено со српска воена песна за време на југословенските војни. Непосредно пред нападот, поединецот објавил „манифест“ со наслов „Големата замена“ и линк до видеото во живо на таблата за онлајн пораки 8Chan. Во „манифестот“ тој тврдел дека нападите се одмазда за терористички напади во Европа и наводниот геноцид на „белите Европејци“. Тој истакнал дека користел интернет за примање, истражување и развој на своите убедувања и дека играл игри на интернет за да се обучи.[84]

---

[83] UNODC, *Handbook on Children Recruited and Exploited by Terrorist and Violent Extremist Groups: The Role of the Justice System,* Viena, 2017. p.13 Достапно на https://www.unodc.org/documents/terrorism/Publications/HB%20Children/Handbook_on_Children_Recruited_and_Exploited_by_Terrorist_and_Violent_Extremist_Groups_the_Role_of_the_Justice_System.E.pdf последно пристапено на 7.2.2023

[84] Gerry Doyle, New Zealand mosque attacker's plan began and ended online, *Reuters,* 2019. Достапно на: https://www.reuters.com/article/us-newzealand-shootout-internet-idUSKCN1QW1MV

Ограничувањата поврзани со пандемијата, исто така, имаат потенцијал да ги влошат веќе постојните проблеми со менталното здравје, потенцијално да поттикнат насилни акти – терористички или насилни екстремистички напади.[85]

### 4.1.1 Интернетот како алатка за функционирање на насилните екстремистички групи

И насилните екстремистички групи и терористите го користат интернетот на многу начини исто како и сите нас – да комуницираат, да соработуваат и да постигнат критична маса. [86] Уште во раните 1990-ти, истражувачите, невладините и меѓународните организации, како и владините агенции, истакнуваа сознанија како разни екстремистички и терористички групи го користат интернетот за да ги реплицираат, а дури понекогаш и да ги заменат функциите (активностите) кои претходно ги реализирале во физичкиот или офлајн простор. Овие студии покажаа како социјалните медиуми, сајтовите за прикачување датотеки, шифрираните апликации за комуникација и другите платформи кои се базирани на интернет можат да им помогнат (и продолжуваат да им помагаат) на екстремистичките движења во: намалување на нивните трошоци, генерирање и зголемување на нивната ефикасност, зголемување на пристапот до нова публика и анонимност во голема мера. Со други зборови, овие платформи им овозможија намалување или прескокнување на традиционалните бариери за олеснување или непречено нивно функционирање и организирање.

Иако различните терористички и екстремистички групи користат различни стратегии за начинот на употреба на интернетот, Александра Т. Еванс и Хетер Џ. Вилијамс изнесуваат дека интернетот како алатка која ја употребуваат овие организации може да послужи генерално за извршување на следните нивни функции, и тоа:

1) Финансирање;
2) Вмрежување и координација;

---

[85] EUROPOL, *European Union Terrorism Situation and Trend Report,* Report 2022, достапно на: https://www.europol.europa.eu/publication-events/main-reports/european-union-terrorism-situation-and-trend-report-2022-te-sat Пристапено на 7.2.2023

[86] J.M Berger, "Internet prvides terrorists with tools – just like everyone else", News IntelWire, Jully, 2011 Достапно на: http://news.intelwire.com/2011/07/internet-provides-terrorists-with-tools.html Пристапено 7.2.2023

3) Регрутирање и радикализација;
4) Пренесување знаење меѓу и внатре во групата; и
5) Мобилизација за преземање акција.[87]

„Оние кои можат да ве натераат да верувате во апсурдите, можат да ве натераат да извршите злосторства“ – Волтер.[88]

Онлајн активностите на насилните екстремистички и терористички организации се одвиваат во т.н. екосистем од различни типови на платформи кои го олеснуваат комуницирањето (директно и индиректно), нивната координација, ширењето на пропагандата, планирањето на нивните акции, насочување на членовите, финансирање, регрутирање, ширење пропаганда, набавка на оружје и слично.

Овие платформи во информацискиот екосистем се движат од отворени и централизирани како што се „Фејсбук“, „Твитер“, „Јутјуб“, па сè до шифрирани сервери и групи, на пример „Телеграм“, и други децентрализирани платформи па сè до дарк веб, или познат и како темната страна на интернетот.

Особено, употребата на шифрирани, децентрализирани или базирани на дарк веб платформи ги олеснува тајноста и дополнителното прикривање на активностите. Овој тренд, исто така, ги отежнува напорите за следење на онлајн активностите кои се поврзани со насилни групи и предизвикуваат значителни безбедносни закани. Студиите за тероризам покажуваат дека, соочени со репресии од големи платформи, се зголемува тенденцијата меѓу екстремистичките групи да користат такви алтернативни рамки како дарк вебот[89], односно да се впуштат во барање услуги кои ќе им овозможат поголема тајност во оперирањето.

Екстремистичките групи често знаат да прибегнат од традиционалните начини на финансирање, односно применуваат нови форми на е-трговија, со што би се зголемил нивниот прелив на средства. Не само екстремистичките

---

[87] Evans T. Aleksandra, Williams J. Heather, *How extremism operates online: A primer*, RAND Corporation, 2022, p.3-4
[88] Randy Borum, *Psychology of Terrorism,* University of South Florida, 2004, p. 60. Достапно на: https://www.ojp.gov/pdffiles1/nij/grants/208552.pdf Пристапено 8.2.2023
[89] Kirdemir Baris, EVOLUTION OF VIOLENT EXTREMIST AND TERRORIST THREATS ON SOCIAL WEB, Centre for Economics and Foreign Policy Studies, 2020, p.3-6. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/resrep26085. Accessed 8 Feb. 2023.

групи, туку и терористичките организации може да го применуваат овој начин на самофинансирање. Некои од овие групи формирале свои веб-страници и вршеле продажба на стоки преку истите со цел да се здобијат со финансии, но не е непознат фактот дека истите овие групи преку посредници („Ebay“, „Amozon“, „Etsy“) собираат финансиски средства. Исто така, екстремистите профитирале и од услугите за самообјавување, како што е „CrateSpace“, но и од услугите за стримање на музика „Spotify“ и „iTunes“. Мошне значајно е да се спомене дека овие платформи не само што служат за прибирање финансиски средства туку тие се мошне ефикасни за ширење на радикалните идеи.

Не сите екстремистички поединци или групи се вклучуваат во овие активности. На пример, повеќето екстремно десничарски напади се самофинансирани од нивните извршители, делумно затоа што тие бараа малку ресурси и беа спроведени преку децентрализирани мрежи или од поединци кои дејствуваат сами.[90]

## 4.2 Улогата на интернетот во реализирање на терористичките цели

Терористите многу одамна го користат интернетот во нивното работење, речиси идентично како и секој од нас, дури можеби и подобро го владеат од многумина од нас. Тие ги користат новите софтвери, веб-апликации и сајтови многу одамна како што споменавме, далеку пред познатиот тригер 11 септември 2001 година, кој се смета за настан кој на тероризмот му ја отвори големата врата на безбедносната агенда. Прва терористичка организација која го искористила ефикасно интернетот, или јас спознала неговата важност во секојдневното функционирање на секоја индивидуа е токму Ал Каеда. Приматот ѝ го даваме на оваа терористичка организација од причина што таа прва ја лансирала својата веб-страница во 2001 година. Страницата била статична или основна која немала мноштво на функции, но им служела да ги објават своите вести до пошироката публика. Иако оваа веб-страница беше затворена од страна на безбедносно-разузнавачките служби, пристигна многу голем наплив на форуми

---

[90] The Financial Action Task Force, “Annual Report 2020-2021”, FATF, Достапно на: https://www.fatf-gafi.org/en/publications/Fatfgeneral/Annual-report-2020-2021.html Пристапено на: 8.2.2023.

и социјални мрежи (профили) кои почнаа да се појавуваат како резултат на овој чекор од Ал Каеда.

Важно е да се напомне дека тие форуми и сраници на социјалните мрежи не беа директно поврзани или креирани од Ал Каеда, туку тие произлегоа како резултат на зголемување на бројот на симпатизери кои ја поддржуваат каузата на Ал Каеда. Ова резултираше, како на пример, со формирање страници на социјалните медиуми во знак на поддршка (најчесто кон лидерите) на каузата која ја предводеше Мохамед Ата, но и други кои се бореа во џихадистичката борба, здружувајќи ги истомислениците да ја споделуваат и шират нивната идеологија.[91]

Од воведувањето на првата генерација на интернет, терористичките организации ги искористија онлајн просторите за мноштво оперативни и стратегиски цели.[92] Џихадистичката мрежа нѐ предизвикува најголема грижа кога врските воспоставени на интернет стануваат односи во реалниот свет.




*Слика бр.4 Пример: Како изгледале првите терористички форуми*[93]

---

[91] Ibid,
[92] Bradly Arthur, Shadnia Deeba, *Examining online migration to terrorist and violent extremist – owned domains*, Tech Against Terrorism, Program on Extremism THE GEORGE WASHINGTON UNIVERSITY, 2022, p. 8. Достапно на: https://extremism.gwu.edu/sites/g/files/zaxdzs2191/f/Examining_Online_Migration_to_Terrorist_and_Violent_Extremist-Owned_Domains_TATFinal.pdf Пристапено на 8.2.2023
[93] Извор: News paper Vice mediua group, “How Jihadists Use The Internet”, 2014. Достапно на https://www.vice.com/en/article/7b7bmx/how-jihadists-use-the-internet Пристапено на: 8.2.2023

Има огромна количина радикална активност на интернет. Многу малку од таа активност ќе се претвори во закани од реалниот свет. Интернетот исто така се гледа, правилно, како инкубатор за почетниот радикализам и канал за пренос на терористичка пропаганда. Ова се важни фактори, но не толку важни како односите. Односите создадени на интернет доведоа до обиди за терористички напади и насилни радикални активности во голем број случаи.[94]

Со самото појавување на интернетот, тој беше сметан за интегратор на промените, решавањето на проблемите од секаков вид на сите страни од светот ќе биде олеснето, брзо и ефикасно ќе се дејствува. Демократијата и човековите права и слободата ќе може да се уживаат многу повеќе за разлика од минатиот век. Но, човештвото како да ги потцени или игнорира негативните страни на интернетот, односно дека истиот ќе ги нуди истите можности и на недржавните актери и дека и тие еднакво ќе имаат можности како и другите. Терористичките организации тоа го докажаа и продолжија да го експлоатираат интернетот во реализирање на нивните цели.

Во студијата од 2019 на Али Фишер, Нико Пруча и Емили Винтерботам се идентификувани три главни начини на кој интернетот е користен од страна на терористичките организации:[95]

- **Светилници** (*Beacons):* Овие платформи им овозможуваат на терористите да ја проектираат својата содржина до најшироката можна публика. Тие овозможуваат „секогаш вклучен“ проток на комуникација, со што информациите можат многу брзо да се шират. Светилниците дејствуваат како извори на сообраќај, првенствено обезбедувајќи „патоказ“ кој ги упатува корисниците на локациите до кои можат да пристапат до материјалот на џихадистите. Примери за светилник може да бидат канал на апликација за пораки како што се „Telegram“ или „Element Messenger“.

[94] News paper Vice mediua group, “How Jihadists Use The Internet”, 2014. Достапно на https://www.vice.com/en/article/7b7bmx/how-jihadists-use-the-internet Пристапено на: 8.2.2023
[95] Ali Fisher, Nico Prucha and Emily Winterbotham, “Mapping the Jihadist Information Ecosystem“, Global Research Network on Terrorism and Technology: Paper No. 6. p.19-20. Достапно на: https://static.rusi.org/20190716_grntt_paper_06.pdf Последно пристапено на 5.2.2023

- **Продавници за содржини** *(content stores)*: локации каде што содржините се поставуваат за корисниците да пристапат со врска обезбедена од агрегатори или светилници. Ова се однесува на платформи на кои се хостираат содржините на терористичките организации, вклучувајќи текстуални и аудиодатотеки, како и аудиовизуелен материјал. Во ова се вклучени услуги кои овозможуваат споделување датотеки, како што се „Dropbox“ или „Files..fm“.
- **Агрегатори на содржини** *(Content aggregators)*: Ова се сајтови кои собираат голем број терористички и/или екстремистички материјали, така што на корисниците им обезбедуваат збирка на линкови од каде што може да се преземат одредени содржини (видеа, книги, аудио и слично). Овие архиви на видеа често имаат форма на блог, користејќи IP адреси, домени со латински знаци или сајтови од типот блог, како што се „Wordpress“, „Blogger“ и „Tumblr“.[96]




*Слика бр.5. Начини на употреба на интернетот*

Ние ќе додадеме уште една категорија која е многу важна, особено во услови кога се користи интернетот за работи кои се противзаконски и подлежат на санкции и казни од страна на надлежните органи. Во последните години едни

[96] Пример: Ансар Ал-Хилафа: ansarukhilafah.wordpress.com и amaqnews.tumblr.com.

од најупотребуваните апликации се токму т.н. Сокривачи на матичната адреса. Четвртата категорија е:

- **Заобиколувачи** *(circumventors)* се платформи кои им овозможуваат на терористите или пак останатите симпатизери (често и останатите лица кои случајно или не сакаат да отворат ваква пропагандна содржина која е пласирана од терористичките организации) да ја прикријат својата моментална локација од каде што се објавуваат содржините и со тоа да ја отежнат работата на разузнавачките органи во борбата против тероризмот. [97] Преку користење на овие платформи кои се познати како VPN – Virtual Private Network, овозможуваат да не бидат откриени од безбедносните органи, а тие слободно може да објавуваат и ги шират своите пропагандистички содржини во интернет-просторот. Но, тука не завршува, ова на корисниците им овозможува пристапување до содржина која е блокирана во дадениот регион и/или држава. Преку употреба на овие VPN корисниците можат да пристапат до различна содржина која е блокирана или недозволена во нивната држава, а притоа да не бидат лоцирани од безбедносните органи. Со тоа се отежнува работата на службите во идентификувањето на симпатизерите или идните регрути, особено кога станува збор за реализирање терористички напад од волци самотници.

Но, предностите кои ги имаат терористите во интернет-просторот не запираат ниту со користењето на горенаведените предности. Така, со обезбедување навидум легитимна причина за плаќање, прекумерните цени и фантомските трансакции може да го олеснат финансирањето на тероризмот. Во 2015 година, во Америка (станува збор за американска кривична пријава) детализираше како американски осомничен добил најмалку 1200 долари од член на ДАЕШ (исто така познат како Исламска држава на Ирак и Сирија,

---

[97] Bradly Arthur, Shadnia Deeba, *Examining online migration to terrorist and violent extremist – owned domains*, Tech Against Terrorism, Program on Extremism THE GEORGE WASHINGTON UNIVERSITY, 2022, p. 8. Достапно на: https://extremism.gwu.edu/sites/g/files/zaxdzs2191/f/Examining_Online_Migration_to_Terrorist_and_Violent_Extremist-Owned_Domains_TATFinal.pdf Пристапено на 8.2.2023

ИСИС) преку „PayPal“ под изговор дека продава печатачи на „eBay“. Осомничениот се изјасни виновен и е осуден на 20 години затвор во 2018 година.[98]

### 4.2.1 Како терористите шифрирано комуницираат преку интернет-платформи

Во истражувањето на овој мошне сложен феномен, неминовно стигнуваме до прашањата како и зошто терористите почнале да развиваат свои платформи за шифрирано комуницирање? Кои сѐ платформи се развиле во текот на изминатите години? Дали и какви предности им овозможиле? Во ова поглавје ќе дадеме одговори на овие прашања и ќе се обидеме да направиме една ретроспектива на настаните кои се случувале во минатото, со што одговорите ќе се таложат во целокупниот текст што ќе биде напишан.

Потребите за изнаоѓање решение кое ќе овозможи тајни или шифрирани комуникации се поврзуваат со поранешниот агент на американската ЦИА, Едвард Сноуден. Тој во јуни 2013 година објави тајни документи од Агенцијата за национална безбедност (NSA) во однос на шпионските активности кои тајно ги изведувала. Овие документи Едвард им ги предал на „Гардијан“ и „Вашингтон пост“. Неговите обелоденувања за НСА одекнаа кај Американците уште од првиот ден. Но, тие исто така експлодираа низ светот. Оваа дебата беснееше низ временските зони: од САД и Латинска Америка до Европа и до Азија.

Препукувањата беа големи, од една страна имаше личности, како што беше конгресменката Зои Лофгрен, кои сметаа дека ова е едно од виталните прашања за нашето време – одбрана на демократијата во дигиталната ера. Додека, пак, за разузнавачката заедница (особено за NSA) во САД, ваквите тврдење се неточни и тие ги отфрлаа во целост под изговор дека нивните програми се уставни и дека тие се предмет на ригорозен надзор од страна на конгресот и судот во САД. Тајноста, велат тие, е од суштинско значење за исполнување на нивната главна цел да се заштити јавноста од терористички напади. Но, неколку години подоцна тврдењата на разузнавачката заедница во САД пропаднаа со одлуката на

---

[98] Anton Moiseienko, Understanding Financial Crime Risks in E-Commerce*, RUSI Occasional Paper*, January 2020, p. 9,18. Достапно на: https://static.rusi.org/20191312_e_commerce_risks_moiseienko_final.pdf Пристапено на 8.2.2023

Апелациониот суд, кој истакна дека телефонската мрежа воспоставена од НСА која тајно без налог собирала записи на милиони Американци (и странски државјани) го прекршила Законот за надзор на разузнавачките агенции, а дури постои можност дека истата постапка била спротивна на Уставот.[99]

Во изградената т.н. „мрежа на живот“ податоците беа земени од многу голем број на луѓе, од нивните лаптопи, мобилни телефони, „Фејсбук“, „Скајп“, како и виртуелните платформи за разговор. Ова ѝ овозможило на NSA да изгради „мрежа на живот“, или, со други зборови, детален профил на целта[100] (одредено лице, група луѓе, организација или слично) и секој поврзан со нив.

Она што ќе даде уште еден одговор на горенаведените прашања е токму што Агенцијата може да собере податоци во мрежата од многу луѓе, користејќи го принципот „Три степени на одвојување“ или „Три скока“. На Агенцијата со овој метод ѝ е дозволено да пребарува „Три скока“ од своите цели. На пример тоа би изгледало вака: За да стигнат до вас и вашите податоци, тие може да пристапат до луѓе (X1) кои разговараат со луѓе (X2), кои пак разговараат со други луѓе (X3) кои ве познаваат и разговараат со вас. На сликата може да видиме колку пријатели треба да се поминат за да се стигне до главната цел.




*Слика бр. 6: Пример за методот „Три скока“*[101]

---

[99] Reuters, “U.S. court: Mass surveillance program exposed by Snowden was illegal“, News paper, 2020, достапно на: https://www.reuters.com/article/us-usa-nsa-spying-idUSKBN25T3CK Пристапено на 9.2.2023

[100] *TheGuardian, “NSA files: DECODED“,* News Paper, 2013 Достапно на: https://www.theguardian.com/world/interactive/2013/nov/01/snowden-nsa-files-surveillance-revelations-decoded#section/1 Последно пристапено на 9.2.2023

[101] Ibid,

Откривањето на овие документи имаше пресудно влијание на методи кои ги користат терористичките организации за да контактираат помеѓу себе. Информациите им ги открија на терористите бескрајните технолошки можности што ги спроведува НСА за шпионирање на граѓаните во светот. Како одговор на овој инцидент, членовите на терористичката организација Ал Каеда почнаа да користат алтернативни механизми за комуницирање. Компанијата „Threat Intelligence, Recorded Future" објави детален извештај за да покаже дека членовите на Ал Каеда за прв пат усвоиле нови апликации за шифрирање, а компанијата исто така го поврза настанот со откритијата на Сноуден.[102] Како што истакнува Арон Брантли, терористичките организации како што се ИСИС и Ал Каеда развиваат организациски капацитети за да ја подобрат нивната оперативна безбедност преку учење од искуство. Тука се вклучува искуството од сопствените постапки и акции, но и искуството од другите недржавни актери и групи кои се соочувале со слични бариери и ограничувања, како што е Руската деловна мрежа (RBN) па сè до хакерски групи како Анонимуси, активисти за човекови права кои се обидуваат да ги поттикнат правата на жените, печатот и медиумите, па дури и од угнетуваните владини институции на одредени држави.[103]

Во 2007 година Ал Каеда го разви првиот[104] софтвер за шифрирано комуницирање под името **Mujahideen Secrets** (или познат како Asrar al Mujahideen), а подоцна во 2009 година тие го надградија овој софтвер под името **Mujahideen Secrets 2**. Овој криптософтвер не беше креиран од страна на терористите, односно криптокодот не беше кодиран од нула, туку тој беше набавен од страна на веќе постојни криптокодови, односно од одредени криптографи. Создавањето на свој криптографски код што функционира без поголеми проблеми многу тешко.

---

[102] Security Affairs, "Al-Qaeda is developing new Encryption tools in response to NSA surveillance", *News paper,* 2014, достапно на: https://securityaffairs.co/24978/cyber-crime/al-qaeda-encryption-tools.html Пристапено 8.2.2023

[103] Aaron Brantly, "Innovation and Adaptation in Jihadist Digital Security", *Survival*, No.59:1, 2017,p. 79-102 Достапно на: https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/00396338.2017.1282678 Пристапено на 9.2.2023

[104] Според литературата која ја прегледавме, најчесто се смета дека Mujahideen Secrets е првиот софтвер за шифрирано комуницирање кој е развиен од страна на терористичка организација. Иако не бил совршен поради метаподатоците кои успеала NSA да ги собери и со нив извршувале низа на напади, тој претставува еден чекор напред во дигиталната ера и дигиталното работење на терористите.

Но, една од големите лекции која треба да ја сфатат креаторите на политиката е дека терористите се речиси еднакво спремни да стигнат до секаков вид платформи/ кодови/средства за да ја остварат нивната кауза. Употребата на шифрирање е многу распространета во терористичките групи за да се заштити нивната комуникација и информации, во 2011 година Deutch Intelligence откри дека милитантите во земјата користеле саморазвиени алатки за шифрирање за да обезбедат комуникација со нивните оперативни ќелии во Пакистан.[105]




*Слика бр.7 Лого на Mujahedeen Secrets*[106]

Медиа центарот Ал-Фаџр, кој се смета за официјален онлајн дистрибутер за потребите на терористите, ја истакна важноста на безбедноста на интернет и тврди дека стравот да не бидат фатени е она што ги спречува некои муслимани активно да учествуваат во „службата на џихадот", бидејќи тие веруваат дека „разузнавачките агенции ги бројат здивот и нивните движења".

Разузнавачките извештаи потврдуваат дека главните терористички организации поврзани со Ал Каеда, ГИМФ, Техничкиот комитет Ал-Фаџр и ИСИС објавија три нови алатки за шифрирање по откривањето на документите на Сноуден. Сите долунаведени алатки беа развиени почнувајќи од алатката Муџахедински тајни што ја користат терористите на Ал Каеда:

1) Во февруари 2013 година, GIMF ја објави, како што ја нарече, првата „Исламска програма за шифрирани инстант пораки", именувајќи ја **„Asrar al-Dardashah"** или „Тајните на разговорот". Прирачникот на програмата објаснува дека тоа е продолжение на програмата за шифрирање „Асрар ал-Муџахедин" за писмени комуникации и ја

[105] Robert Graham, "How Terrorists Use Encryption", Combating Terrorism Center at West Point, *Sentinel Volume*, Issue 6, 2016, p.22. Достапно на https://ctc.westpoint.edu/wp-content/uploads/2016/06/CTC-SENTINEL_Vol9Iss614.pdf пристапено на 9.2.2023
[106] Извор: Ibid, 22

претставува поддршката на групата за џихадските медиуми и борците.[107]

2) **Tashfeer al-Jawwal,** мобилна платформа за шифрирање развиена од Глобалниот исламски медиумски фронт (GIMF) и објавена во септември 2013 година.
3) **Asrar al-Ghurabaa**, друга алтернативна програма за шифрирање развиена од Исламската држава Ирак и Ал-Шам и објавена во ноември 2013 година, приближно во исто време кога групата се отцепи од главната Ал-Каеда по борба за моќ.
4) **Амн ал-Муџахид,** софтверска програма за шифрирање развиена од Техничкиот комитет на Ал-Фајр, која е мејнстрим организација на Ал Каеда и објавена во декември 2013 година.[108]




*Слика бр. 8 Програма за шифрирање „Asrar al-Dardashah“ на GIMF*

Енкрипцијата е само еден од начините за сокривање. На пример, во текот на париските напади терористи беа стационирани во безбедни куќи во Белгија за да го испланираат својот напад, покрај тоа што користеле апликации за шифрирани пораки (комуникации), во значителен степен тие користеле

[107] INSITE Blog on terrorism and extremism, “PRISM and US Government Surveillance: No News to Jihadists”, *News Paper*, Достапно на: https://news.siteintelgroup.com/blog/index.php/component/content/article?id=3208:prism-and-us-government-surveillance-no-news-to-jihadists Пристапено на 9.2.2023
[108] Security Affairs, “Al-Qaeda is developing new Encryption tools in response to NSA surveillance“, *News pape*r, 2014, достапно на: https://securityaffairs.co/24978/cyber-crime/al-qaeda-encryption-tools.html Пристапено 8.2.2023

телефони за еднократна употреба[109] за да се координираат за време на нападот. За да го опишат ова, технолозите често ги користат збор opsec, или оперативна безбедност.[110]

Во 2016 година ИСИС го објавува своето десетто издание на онлајн списанието „Dar Al-Islam“ каде што во него за прв пат беа посветени 16 страници на онлајн безбедност, нудејќи детални упатства за користење голем број програми за безбеден пристап до каналите на ИСИС и комуникација со други поддржувачи на ИСИС. Ова не беше првиот водич за онлајн безбедност кој го издаде ИСИС, но, за разлика од другите изданија, тука се гледа еволутивното разбирање на ИСИС за безбедност во интернет-просторот. Тој учи како да поставите Tails, да се поврзете на мрежата Tor за да ја скриете локацијата и адресата на интернет, да креирате PGP клучеви, да шифрирате е-пошта и како да користите низа други безбедни алатки за комуникација.[111]

Други оперативци на Исламската држава прибегнаа кон многу поедноставна употреба на шифрирање. Џунејд Хусеин, британски оперативец на Исламската држава, кој бил вклучен во хакирање пред да замине за Сирија и бил убиен во напад со беспилотно летало во август 2015 година, бил плоден корисник на апликацијата за шифрирање пораки „Surespot“, користејќи ја за да обезбеди симпатизери на Исламската држава во Обединетото Кралство со совети за правење бомби и охрабрување да извршуваат напади.[112]

### 4.3 Интернет-платформите како идеална арена за реализирање на терористичките цели

Транснационалните терористички организации своите активности никогаш не ги ограничуваат само на територијата на една држава, тие нападите ги вршат

---

[109] Забелешка: Станува збор за телефони кои се нарекуваат како „Burner Phones“. Наједноставни мобилни телефони.
[110] International Business Time, “ISIS Terrorists Used Disposable Burner Phones, Activated Just Hours Before, To Carry Out Paris Attacks”, News paper, 2016, достапно на https://www.ibtimes.com/isis-terrorists-used-disposable-burner-phones-activated-just-hours-carry-out-paris-2340265 Пристапено 10.2.2023
[111] Buzz feed News, “This Is How ISIS Uses The Internet”, News Paper, 2016, достапно на https://www.buzzfeednews.com/article/sheerafrenkel/everything-you-ever-wanted-to-know-about-how-isis-uses-the-i Пристапено на 10.2.2023.
[112] CNN, “British police tricked terror suspect into handing over phone, source says”, News Paper, 2016, достапно на https://edition.cnn.com/2016/04/01/europe/uk-isis-terror-convictions/index.html Пристапено на 10.2.2023

насекаде низ светот. Денес најголем број од терористичките организации се спонзорирани од една или повеќе држави – спонзори. Тоа значи дека тие добиваат поддршка или охрабрувања во вид на финансиска помош, обука и заштита од страна на државните влади – спонзори. Како пример за ваков вид терористички организации се Ал Каеда, ИСИС, ХАМАС, радикалната палестинска организација Абу Нидал и Фракција на Црвената армија (RAF).[113] Откако се појавија најопасните и најголемите транснационални терористички организации (Ал Каеда и ИСИС), до денес нема мировен договор со ниту една нивна придружна група во светот. Дури може да се каже дека преговарањето со терористичките организации е речиси невозможно кога тие ќе добијат транснационални аспирации. Во 2020 година, во половина од дваесетте најинтензивни вооружени државни конфликти во светот, беа вклучени Ал Каеда и ИСИС или бунтовнички групи поврзани со овие терористички организации.[114]

За овие терористички организации да прераснат во транснационални или глобални, како и тероризмот да стане глобален проблем, потребно е да постои нешто што ќе ја протурка нивната аспирација. Според литературата која ја консолидиравме до сега, овие аспирации на терористичките организации можат да ги протуркаат државите, првенствено нивните разузнавачки служби, бидејќи многумина тероризмот го окарактеризираат и како „војување во друго име“. Вториот фактор кој може да помогне во протуркување на овие аспирации е токму интернет-просторот со неговите платформи.

Може да се констатира дека, според сите индикатори, неминовно тероризмот е во етапата на глобализација на тероризмот, а ние негови сведоци. Во оваа етапа тероризмот стапува на сцена на глобалната сцена како глобална појава која ги засега сите држави, како опасен и мошне деструктивен феномен, закана која влева страв кој веќе одамна ги надминал националните граници. Оваа перцепција е присутна за тероризмот, но дали тој е реално толку опасен феномен, или, пак, само стравување од една закана која е промовирана и мошне

---

[113] Котовчевски Митко, *Национална безбедност*, Филозофски Факултет, Скопје, 2011, стр. 415.
[114] Krause, Dino. "How Transnational Is 'Transnational'? Foreign Fighter Recruitment and Transnational Operations among Affiliates of al-Qaeda and the Islamic State." Perspectives on Terrorism, vol. 16, no. 1, 2022, pp. 23–37. JSTOR, https://www.jstor.org/stable/27107495. Accessed 10 Feb. 2023.

умешно пропагирана во интернет-просторот е едно од прашањата кои заслужуваат внимание во точките кои ни следуваат. Но, за тоа малку подоцна.

Имено, целта на оваа кратка елаборација е токму транснационалниот карактер на тероризмот. Тие го добија овој епитет благодарение на современиот комуникациски систем, пред сè интернетот. Интернетот е во центарот на тековната револуција во комуникациите и вмрежувањето што овозможува нови форми на организација и поголема дисеминација на информации. Над два милијарди луѓе во светот сега имаат пристап до интернет, како и можност да се поврзат помеѓу себе на големо растојание. Ова ја отвора можноста за формирање заедници, или потрага по идентитет (или во крајна мера потребата да се креира истиот), тоа резултира во формирање заедници кои прераснуваат во виртуелни заедници базирани на афинитет, за разлика од „замислените заедници“ за кој пишува Бенедикт Андерсон во својата студија за национализмот.[115]

Како што напомнавме, виртуелните заедници се базирани на одреден афинитет, најчесто тие афинитети се базирани врз одредени разочарувања, или израз на незадоволство, дискриминација, отуѓеност, омаловажување и нерамноправен третман во заедницата во која живеат. Аномалиите на општествениот систем ги креираат и принудуваат овие виртуелни заедници да прават промена по пат на сила. За нив ваквата конструкција на општеството може да се промени единствено по пат на сила. Поведени од гневот, насилните екстремисти доаѓаат со радикални идеи за некое идеално општество без овие рани на него. Борбата за идеално општество е нивниот заеднички свет на кој ги креираат нивните „виртуелни заедници“ на афинитет. Некои од верски, некои од етнички, политички и слични идеали, се приклучуваат на каузата на одредена терористичка организација (или насилна екстремистичка група) и, наместо во градење, тие тргнуваат во рушење на општеството во пат на сила, интернетот на многу начини е идеална арена за активност на терористичките организации, меѓу најзначајните работи или предности кои ги нуди се:

[115] Michael George. “The New Media and the Rise of Exhortatory Terrorism.” *Strategic Studies Quarterly,* vol. 7, no. 1, 2013, pp. 40–68. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/26270575.

- Лесен пристап;
- Мала или никаква регулатива, цензура или други форми на владина контрола;
- Потенцијална огромна публика распространета низ целиот свет;
- Анонимност на комуникацијата;
- Брз проток на информации;
- Евтин развој и одржување на нивното веб-присуство (веб-страници);
- Мултимедијална средина (способност да се комбинираат текст, графика, аудио и видео и да им се овозможи на корисниците да преземаат филмови, песни, книги, постери и слично); и
- Способност за обликување на покриеноста во традиционалните масовни медиуми, кои сѐ повеќе го користат интернетот како извор за приказни.[116]

### 4.3.1 Почетокот и еволуцијата на симбиотската врска помеѓу тероризмот и (социјалните) медиуми(те)

Социјалните медиуми кои спаѓаат во делот на онлајн платформите, исто така, заземаат значајно место во процесите на радикализација и регрутација, како во однос на терористичките организации така и за екстремистичките групи. Но, нивната активност не запира тука, туку тие развија мошне умешна стратегија за да си го осигурат нивното место во дигитална ера.



*Слика бр.9*

На самиот почеток ќе напомнеме дека една од нашите хипотези се однесуваше на социјалните медиуми како фактор кој придонесува тероризмот да опстојува на високото место на безбедносната агенда. Иако постојат дрги

[116] Gabriel Weimann, “How modern terrorism use the Internet”, United States Institute of Peace, Special Report 116, 2004, p. 3. Достапно на: https://www.usip.org/sites/default/files/sr116.pdf Пристапено на 10.2.2023

посмртоносни безбедносни закани со кои треба да се справат државите на национално, регионално и меѓународно ниво, тероризмот останува на врвот на таа агенда за државите и меѓународната заедница. Во овој дел ќе одговориме на прашањето зошто тероризмот опстојува на врвот на таа агенда. Имено, тргнуваме од премисата дека тероризмот успева да остане како една од најголемите закани за човештвото од две причини.

Прво, самите терористички организации најголем дел се финансирани од страна на одредени држави – спонзори[117] со цел да ги реализираат нивните национални интереси. Или, со други зборови, тероризмот стана средство преку кое на државите им се овозможува индиректно војување, надвор од нивната територија, без директна конфронтација со друга (не)пријателска држава, односно тероризмот е замена за класичната војна.

Второ, несомнено тероризмот најде добар соработник – социјалните медиуми (и медиумите воопшто), кои му овозможуваат да ја промовира нивната кауза, пропаганда и, што е најважно, тие ги пренесуваат насилните терористички акти до најшироката публика. Ова на тероризмот му обезбедува публицитет и влева страв врз најшироката публика, со тоа се овозможува индиректен тероризам – да се влијае не само врз луѓето кои се нашле во непосредна близина на терористичкиот акт, туку да се изврши терор врз целокупната јавност.

Така, свесноста за значењето на публицитетот за тероризмот најчесто во литературата се поврзува со говорот на поранешната премиерка Маргарет Тачер, која наведува дека мора да се преземат, односно изнајдат начини како да се запре тероризмот кој преминал во киднапер на кислородот (публицитетот), од кој тие зависат.[118]

Причина за свесноста на државите во оваа насока, а воедно и непрекинатите обиди на терористите да стигнат до широката јавност – публицитет може да ја поврземе најмалку со два (позначајни) настани: Прво, киднапирањето на израелски спортисти на Олимпијадата во 1972 година, одржана во Минхен.

---

[117] Котовчевски Митко, *Национална безбедност*, Филозофски Факултет, Скопје, 2011, стр. 415 - 418.
[118] Margaret Thatcher Foudation, “Speech to American Bar Association“, Thatcher Archive: speaking text, 1985, достапно на https://www.margaretthatcher.org/document/106096 Пристапено 10.2.2023

Членовите на Црн септември сфатија дека најголемите и најреномираните медиуми ќе бидат присутни на олимписките игри и дека веста рапидно ќе се прошири на сите страни на светот и така ќе влеат страв низ целокупната јавност. Второ, со иста замисла, преземањето на американската Амбасада во Техеран од страна на иранските студенти во ноември 1979 година помогна да се фокусира светското внимание на моќта на исламскиот фундаментализам, особено со тоа што настанот траеше 444 дена. [119] Во заложништво беа чувани околу 50 вработени, почнувајќи од амбасадорот, па сè до последниот вршител на должноста во Амбасадата.[120] Конечно, терористичките напади од 11 септември се чинеше дека се темпирани така што телевизиските камери ќе го снимат вториот авион кој удира во кулите на Светскиот трговски центар.

За важноста на публицитетот за терористите говори и пораката која ја испрати човекот кој ја водеше една од најозлогласените терористички организации, Осама бин Ладен. Тој уште во 2002 година во писмото до Мула Мохамед Омар, кој беше духовен водач на талибанците, напишал:

„Очигледно е дека медиумската војна во овој век е еден од најсилните методи; всушност, соодносот може да достигне 90 проценти од вкупната подготовка за водењето на борбата.“[121]

Покрај големите платформи, неколку рабни платформи се користат од десничарски екстремисти. Овие се посветени десничарски екстремистички платформи *(Gab, Voat, 8Chan)* или се колонизирани од десни екстремисти *(Reddit, 4Chan)*.

Габ е идентификуван од многумина како безбедно прибежиште за екстремно десничарски движења, вклучувајќи ја и дивизијата Фоекриг, кои се чини дека водат екстремистичка содржина на платформата. 8Chan, особено,

---

[119] Ian Ross, J, "Deconstructing the terrorism–news media relationship", *Crime, Media, Culture*, 3(2), 2007, p.215–225 Достапно на https://journals.sagepub.com/doi/10.1177/1741659007078555 Пристапено на 13.2.2023

[120] Office of the Historian, "Iranian crises", Department of state, USA, достапно на: https://history.state.gov/departmenthistory/short-history/iraniancrises Последно пристапено 13.2.2023

[121] ZD net, "Terrorist encryption tools nothing more than 'security cape' and gov't red flag", *News paper*, 2015, Достапно на: https://www.zdnet.com/article/black-flag-ops-exposed-terrorist-security-tools-a-red-flag-to-govt-agencies/ Последно пристапено на: 13.2.2023

беше искористен во 2019 година од неколку напаѓачи за да ги објават своите „манифести", во кои тие ги објаснија своите постапки и ги повикаа истомислениците да извршат напади. Ова се однесуваше на нападите од 15 март во Christchurch (Нов Зеланд), нападот на 27 април во Powey (Калифорнија, САД) и нападот на 3 август во El Paso (Тексас, САД). По нападот во Ел Пасо, „8Chan" отиде офлајн, откако „Cloudflare" ги прекина своите заштитни услуги за страницата. По некое време офлајн, „8Chan" се обиде да се воспостави под името „8Kun", но беше отстранет од регистраторот на домени во рок од неколку дена.[122]

Напаѓачот на 10 август Бјерум (Норвешка) објави декларација за напад на Ендчан,  табла за деривати Чан. Додека дериватите на Чан, наводно, останаа на интернет кон крајот на 2019 година, иако без да бидат индексирани од пребарувачите, значителен број корисници, наводно, мигрирале на други шифрирани платформи, како што се „Telegram" или „Discord".[123] Затворените простори за комуникација, како што се оние што ги нуди „WhatsApp", одиграа голема улога во формирањето десничарски терористички ќелии размонтирани во 2019 година.

Покрај тоа, Швајцарија објави дека спречила еден напад во мај 2019 година, кога бил уапсен малолетник под сомнение за планира да убие муслимани и да изврши напади врз џамии во Швајцарија. Осомничениот комуницирал со странските десничари екстремисти на „Инстаграм" (и веројатно на други социјални мрежи).

Според медиумското известување, членовите на десничарските екстремистички мрежи дизајнираат и работилници меми кои се шират како пропаганда, со цел да се истакнат  во популарната култура со неонацистичка агенда.[124] Една белгиска крајно десничарска организација е осомничена дека подигнала **„тролска армија"** за поддршка на нејзината пропаганда преку

---

[122] Macklin, G., 'The El Paso Terrorist Attack: The Chain Reaction of Global Right-Wing Terror', CTC Sentinel, Vol. 12, Issue 11, December 2019, pp. 1-9. Достапно на: https://ctc.usma.edu/el-paso-terrorist-attack-chain-reaction-global-right-wing-terror/

[123] Macklin, G., 'The El Paso Terrorist Attack: The Chain Reaction of Global Right-Wing Terror', *CTC Sentinel*, Vol. 12, Issue 11, December 2019, pp. 1-9. Достапно на: https://ctc.usma.edu/el-paso-terrorist-attack-chain-reaction-global-right-wing-terror/

[124] Makuch, B. and Lamoureux, M., 'Neo-Nazis Are Organizing Secretive Paramilitary Training Across America', *VICE News*, 20 November 2018. Достапно на: https://www.vice.com/en_us/article/a3mexp/neo-nazis-are-organizing-secretive-paramilitary-training-across-america

координирани омразни и заканувачки коментари по објавување на интернет или насочување кон страница на „Фејсбук“.

Овие тролови практикуваат и „докс“, т. е. акумулација на отворен извор или хакирана информација за нивните противници со цел заплашување. Покрај тоа, тие ги поддржуваат нивните сопствени публикации преку генерирање голем проток на хитови преку лажни профили, ботови или со користење на услугите што ги нудат фармите со кликови. Исклучителната виралност, брзина и обем на дифузијата на материјалите преку интернет укажува на разумна употреба на интернет-технологии и комуникација, не само од напаѓач, но од повеќе заедници на корисници на интернет, надвор од десничарските екстремистички симпатизери. Интеракцијата на мрежните заедници кои споделуваат ист сленг и меми на интернет придонесе за широко распространето ширење на содржината и нејзината дигитална издржливост. Корисниците на интернет усвоија различни техники за да ги заобиколат напорите за нарушување од страна на давателите на услуги на интернет.[125]

Пилот-студијата спроведена од Џон Л. Мартин многу умешно ја објаснува важноста на социјалните медиуми за терористите. Така, традиционалните медиуми (печатот и телевизијата) несомнено дека им даваат публицитет на терористите, но често ја испушта пропагандната порака бидејќи терористите би сакале истата да биде пренесена до јавноста, како што се одредени прилози и извештаи за нивните подвизи, со ова тероризмот се сведува само на обичен криминал или саботажа, во однос на способноста да се соопшти одредена пропагандна порака. Наспроти ова, во ерата на интернетот, во суштина секој може да стане репортер или коментатор на фотелја. Затоа, социјалните медиуми може да се сметаат за „менувач(и) на играта“, бидејќи можат да ги надминат ограничувањата на традиционалното известување и селективност и им овозможуваат директно да се поврзат и да комуницираат со јавноста,

[125] Macklin, G., 'The El Paso Terrorist Attack: The Chain Reaction of Global Right-Wing Terror', *CTC Sentinel*, Vol. 12, Issue 11, December 2019, pp. 1-9. Достапно на: The El Paso Terrorist Attack: The Chain Reaction of Global Right-Wing Terror – Combating Terrorism Center at West Point (usma.edu)
Reed, A., Whittaker, J., Votta, F. and Looney, S., '*Radical Filter Bubbles: Social Media Personalisation Algorithms and Extremist Content*', The Global Research Network on Terrorism and Technology, Technology, Terrorism, 26 July 2019 Recommender systems and the amplification of extremist content | Internet Policy Review
Makuch, B. and Lamoureux, M., 'Neo-Nazis Are Organizing Secretive Paramilitary Training Across America', VICE News, 20 November 2018, Neo-Nazis Are Organizing Secretive Paramilitary Training Across America (vice.com)

пренесувајќи ја целата нивна порака. Оттука, кога (не) објавуваме мислење на „Фејсбук“, „Твитер“ или на која било друга страница на социјални медиуми, издаваме пропаганда, информација дизајнирана да ги натера оние што ја читаат да размислуваат за одредено прашање или да се однесуваат на одреден начин, што придонесува за она што ние сакаме од нив. Корпорациите мошне умешно ја сфатија моќта на социјалните медиуми, затоа се присутни во голем обем. Но, идентично како нив и терористите ја сфатија моќта на брендирањето и рекламирањето на социјалните медиуми [126] и тоа стана составен дел во дејствувањето на терористичките организации.

### 4.3.2 Влијанието на (социјалните) медиуми во радикализацијата и регрутирањето

Како што поминуваше времето така веб-страниците и социјалните медиуми добија голема важност и почнаа да привлекуваат многу голем број корисници во раните и особено во средината на 2000-та година. Голем број групи се приклучија на овие т.н. мејнстрим платформи, како што се „Мајспејс“, „Фејсбук“, „Твитер“ и „Јутјуб“, пред сè поради нивната брза еволуција и големиот број можности што им ги нудат. Некои форуми како што е „Stromfront“ издржаа да останат на интернет-сцената, но другите форуми, како што е „New Saxon“, пропаднаа бидејќи корисниците се префрлија на други пософистицирани веб-платформи, форуми и социјални медиуми.

Леви Ј. Вест смета дека преовладувачката цел, или една од основните причини, за која се користат новите медиуми е токму дистрибуцијата на пропаганда. Тој смета дека дистрибуцијата на пропагандата од терористичките субјекти и употребата на социјалните медиуми претставува значителна еволуција на можностите за дистрибуција на пропаганда од страна на терористичките организации. Она што социјалните медиуми го прават исклучиво лесно е вечната дистрибуција на аудио, видео и други содржини од невидени размери, со што се овозможува воспоставување и зајакнување на

[126] Scaife Laura, *Social Networks as the New Frontier of Terrorism,* Routledge, New York, 2017, p. 6-7.

главниот наратив. Овој наратив обезбедува контекст, значење и цел на насилството преземено од терористичка група.[127]

До почетокот на 2010-тите, беше јасно дека интернетот им обезбеди на екстремистите механизам за организирање за да ги операционализираат нивните идеи за омраза и да предизвикаат вистински штети низ различни страни во светот. Од друга страна, технологијата на социјалните медиуми вети можност за создавање и ширење материјали во невидени размери, носејќи екстремистички идеи во новите заедници и радикализирајќи нови приврзаници на нивната идеологија и/или кауза.[128]

Да се има силно присуство на социјалните медиуми и следбеници е едната страна на паричката, но конфликтот кој се води помеѓу терористичките организации и антитерористичките коалициски сили, предводени од САД, бара луѓе кои активно ќе се вклучат во остварување на каузата, без разлика дали се борци кои се борат на терен, или, пак, станува збор за луѓе кои се дел од онлајн џихадот. Без сомнение, постои огромна количина радикализирана активност на интернет, која им овозможува на симпатизерите да учествуваат без физички ризик да бидат убиени борејќи се или заробени во брутален режим без слободите што ги дозволува западната демократија. Откако објавите ќе бидат постирани на социјалните медиуми од страна на членови на ИСИС, корисниците од втор ред (луѓето кои се симпатизери), ретвитуваат и ги споделуваат објавите на нивните профили, но и ги споделуваат и на други платформи на кои тие се активни. ИСИС овие луѓе ги нарече „пчели работници“ – муџтехдиун/mujtahdiun (вредните).

Терористите како Нил Пракаш, кој се нарекува со борбено име Абу Калед ал-Камбоди, дејствуваат како главни регрутери на Исламската држава, појавувајќи се на избраната листа на клучни контакти за потенцијалните странски борци кои сакаат да се приклучат на терористичката група на Блискиот Исток. Тој управува со една од многуте сметки на ИСИС, и сите што сакаат да се приклучат на бојните полиња се поврзуваат со него како врска и лика за

[127] West, Levi J. “#Jihad: Understanding Social Media as a Weapon.” *Security Challenges*, vol. 12, no. 2, 2016, pp. 16-17. *JSTOR*, www.jstor.org/stable/26465604 Accessed 7 June 2021.
[128] Heather J. Williams, Alexandra T. Evans, Jamie Ryan, Erike E. mueller, *The online extremist ecosystem,* RAND corporation, 2021, p. 6-7.

регрутирање повикувајќи на џихад преку социјалните медиуми. Исто така, една од поистакнатите личности е британскиот регрут Абу Фарис ал-Британи. Меѓутоа, едно од лицата кое се смета за клучна фигура во регрутирањето и радикализацијата на социјалните медиуми (особено „Твитер“), често сметан и како лице кое придонело за медиумски пресврт за ИСИС, е корисникот познат под името „@reyadiraq.60“. Иако овој профил беше отстранет, тој повторно се појави со нов под името @dawlh_i_sh на официјалната страница (профил) на ИСИС, но повторно беше креирана нова и истата повторно суспендирана. По тоа во 2014 се појавија пет сметки последователно и истите беа суспендирани.[129]

Видеото Ya Junod Al-Haqq Hayya, објавено на почетокот на јуни 2014 година, имаше видно прикажани англиски преводи на песна која се фали за воените освојувања на ИСИС и нејзината способност да внесе страв кај своите непријатели. Подоцна истиот месец, видеото наречено Хаја ал-Џихад или „Ајде да одиме на џихад!“ содржи песна на германски јазик, со истакнати англиски преводи, со текст: „Браќа, придружете ни се/Колеме до судниот ден“. Песната беше придружена со слики од експлозии, жртви и борби со членовите на ИСИС. Во февруари 2015 година, претседателот Обама изјави, за време на самитот во Вашингтон за борба против насилниот екстремизам: „Терористичките групи како Ал Каеда и ИСИЛ намерно ја таргетираат нивната пропаганда со надеж дека ќе допрат и ќе им го исперат мозокот на младите муслимани, особено на оние кои можеби се разочарани или се борат со нивните идентитет.“[130]

Несомнено е дека денес терористичките организации можат да ги користат социјалните медиуми, па дури и да создаваат своја содржина, за да го креираат својот јавен имиџ без да се потпираат на медиумите како канали за вести.[131]

Специјалниот извештај на американското Министерство за национална безбедност наведува различни неколку начини на кои терористите го употребуваат „Фејсбук“:

---

[129] Scaife Laura, *Social networks as the new Frontier of terrorism,* Routledge, New York, 2017, p. 60-80.
[130] Ibid.,
[131] KEARNS, ERIN. “*Terrorism: AS COMMUNICATIVE AND MISCOMMUNICATIVE VIOLENCE.*” COUNTERTERRORISM YEARBOOK 2020, edited by Isaac Kfir and John Coyne, Australian Strategic Policy Institute, 2020, pp. 81–86. JSTOR, достапно на: http://www.jstor.org/stable/resrep25133.18.

- Како начин за споделување оперативни и тактички информации, како што се рецепти за бомби, одржување и употреба на оружје, тактичко пукање итн.;
- Како порта за екстремистички сајтови и други онлајн радикални содржини преку поврзување на страниците на групите на „Фејсбук“ и на форумите за дискусија;
- Како медиум за терористичка пропаганда и екстремистички идеолошки пораки;
- Како богатство на информации за далечинско извидување за цели на таргетирање.[132]

Терористите на модерната доба не сакаат во секој случај да припаѓаат на една терористичка група со јасен наслов како Ал Каеда или Исламската држава или т.н. НСУ (Националсоцијалистичко подземје). Сепак, нивната радикализација се случува во општествената клима во која живеат. Интернетот и социјалните мрежи им овозможуваат на денешните терористи досега невидено вмрежување и ширење, дури и пренос во живо на нивниот чин на „Фејсбук“, како што беше последниот случај во 2019 година во Нов Зеланд,

Многу експерти се согласуваат дека терористите се производ на своето време. Во претходните години се етаблираше општествен тренд, како на пример пораст на интолеранција, распламтена од политиката со растечки знаци на популизам. Токму тој копнеж по едноставни одговори поларизира – неистомислениците се странци и непријатели. Етаблирањето на екстремизмот во општеството се зајакнува и со дигитализацијата на човечкиот живот. Реалните врски се заменуваат со виртуелни, но и виртуелните контакти имаат реални последици. Давид Сонболи, кој на 22 јули 2016 година во трговски центар во Минхен уби девет луѓе, интензивно се движел во виртуелниот свет на мрежата на ксенофоби. Сонболи свесно за датум на нападот ја избрал петгодишнината од терористичкиот напад на Андерс Брејвик, напад кој во виртуелниот свет доби пофалби од истомислениците. Дури и џихадистичките атентатори, кои во Европа извршија напади како поединци можни членови на Исламската држава,

---

[132] Weimann Gabriel *New Terriorism and New Media,* DC: Commons Lab of the Woodrow Wilson International Center for Scholars, Washington, 2014, p.6. Достапно на: http://www.wilsoncenter.org/publication/newterrorism-and-new-media Пристапено на 20.2.2023

пред атентатите имале непосредни контакти со членови на ИСИС во Сирија и Ирак.

Ако Австралиецот Терант е автор на манифестот од 74 страници, тогаш тој изричито се повикува на Андерс Брејвик и на Американецот Дилан Руф, кој во црква во Чарлстон уби девет Афроамериканци. Докажани се контактите на Брејвик и Тернат со други десничарски екстремисти, како во земјата така и во странство. На неговиот во меѓувреме избришан профил на „Фејсбук", Терант ги споделувал десничарските идеи и написи за десничарски екстремизам, меѓу кои и најмалку еден текст за десничарски екстремизам меѓу војниците на Бундесверот, кои очигледно за него се браќа според дух.

Брејвик и Терант себеси се гледаат како модерни крстоносци во борба за зачувување на чистата, и веројатно загрозена бела, европска раса. Тие двајцата во муслиманите гледаат наводни „освојувачи" кои стремат кон инвазија во светот.

Концептите членство во групи и дејствувањето самостојно сè потешко може да се применат во свет каде што терористичките организации сè повеќе се организираат преку социјалните медиуми.

Ова докажува дека општествените врски играат клучна улога во текот на процесот кој води од идеолошка радикализација до планирањето и подготовката на терористичките напади.[133]

Имајќи предвид дека сите социјални медиуми ги нудат овие основни услови, присуството и на останатите социјални медиуми (кои нудат и други предности) им дава на терористите многу можности, а тоа значи уште поголема опасност од радикализација и регрутирање во онлајн просторот.

### 4.3.3 Пропаганда

Сегашното разбирање на „пропагандата" е развиено и обликувано низ историјата во интеракција со техничките, религиозните и пред сè со општествените промени. Независно од нејзината сегашна форма, пропагандата сè уште е вкоренета во истите принципи. Терминот потекнува од латинскиот

---

[133] Милошевска Тања, Концептот на терористи волци самотници, *Годишен зборник,* Филозофски факултет, книга 72 , 2019, Скопје. Достапно на: http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/godzb/GZ72(2019)/GZ72.31.%20Milosevska,%20T.%20-%20Konceptot%20na%20teroristi%20volci-samotnici.pdf

збор „propagare“ што значи „да се шират растенија на нови локации“. Овој збор за прв пат бил употребен во 1622 година од страна на папата Григориј XV. Тој го употреби овој поим во неговата конгрегација за ширење на католичката вера – „Congregatio de Propaganda Fide“. Гледајќи station наназад низ историјата овој термин, односно самата пропаганда била користена за многу работи меѓу кои и војната. На пример, за време на Втората светска војна, терминот беше суштински измислен од германскиот министер за пропаганда Гебелс (Тејлор, 2003), кој изјави: „Ние го направивме Рајхот со пропаганда.“ Затоа, не е изненадување што пропагандата е поврзана со психолошка војна. „Битката на идеите“ се водеше од секоја официјална институција или владина партија во текот на 20 век, достигнувајќи го својот врв во ерата на Студената војна. Политичарите беа свесни за фактот дека „освојувањето на умовите на цивилите е клучно за победа или губење војна.“ Главно негативната конотација што е вродена во терминот „пропаганда“ денес се должи на оваа историска асоцијација.[134]

Наједноставно дефинирање на пропагандата би било: информации, идеи, мислења или слики, кои често даваат само еден дел од аргументот (или приказната), кои се емитуваат, објавуваат или на некој друг начин се шират со намера да влијаат врз мислењата на луѓето.[135]

Пропагандата и управувањето со информациите придонесуваат за дискурс на страв и симболична негација на „другиот“ и го валоризираат криминалното однесување како неопходно и херојско. Беер и други тврдат дека одговорите на јавноста на терористичките напади се сложени и динамични, кои вклучуваат повеќе политички актери и различни психолошки димензии, кои се менуваат со текот на времето.[136]

Клучно за нашата хипотеза е анализа на пропагандата и наративите како средство со кое тероризмот опстојува на глобалната безбедносна сцена. Најчесто

---

[134] Rieger, Frischlich, Bente, *Propaganda 2.0 Psychological effects of right-wing and Islamic extremist internet videos,* Wolters Kluwer Deutschland GmbH, Luxemburger, 2013, p. 6. Достапно на https://eucpn.org/sites/default/files/document/files/39._propaganda_2.0_-_psychological_effects_of_right-wing_and_islamistic_extremist_internet_videos.pdf Пристапено на 16.2.2023

[135] Извор: Cambridge Dictionary, “Meaning of propaganda in English”, достапно на: https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/propaganda Пристапено 15.2.2023

[136] Marin Ion, “The role of news media in connection with global terrorism“, Geopolitics, History, and International Relations, vol. 1, no. 2, 2009, pp. 159–63. JSTOR, достапно на: https://www.jstor.org/stable/26804006.

пропагандата се врзува со појавата на новата технологија или често со појавата на глобализацијата, компарирајќи ги недостатоците и предностите кои ги носи со себе. Ова е точно, доминацијата на пропагандата за да привлече свои борци за терористичката кауза е повеќе од јасна. Нејзината дистрибуција го доживува пикот со развојот на онлајн платформите, но пропагандата како средство на тероризмот се користел уште пред да се развијат новите (социјалните) медиуми и онлајн платформите. Ова ни укажува дека пропагандата е составен дел, дури може да се каже дека го зазема местото во фундаментални елементи за остварување на терористичките цели.

Како што се менуваше медиумската технологија така се менуваа и стратегиите на екстремистите и терористите. Традиционалните печатени списанија и билтени беа прилично скапи, не толку нивната обработка и пуштање во промет колку што беа потребни средства за истите да се дистрибуираат (поштенски трошоци) до широката публика. Ваков е примерот со билтенот „Al Hussam“ („The Sword“) кој беше објавуван во печатена форма, а подоцна истиот беше заменет со „Исламскиот извештај“ кој беше испраќан по електронска пошта. Разликата е во тоа за билтенот биле потребни најмалку 1000 $ месечно кој бил печатен во Бостон, додека пак за „Исламскиот извештај“ тој ништо не чини за истиот да се испрати на електронските пошти на потенцијалните регрути.[137]

Во дел од пропагандниот материјал промовиран низ овие списанија и билтени (а сега веќе и преку социјалните медиуми и онлајн платформи), се искористувала исламската обврска на секој муслман да дава „зекат“[138] или во најблизок превод би дошло милостина. Податоците говорат дека за овие списанија голем дел од финансииите доаѓале преку манипулацијата на луѓето дека дел од таа милостина (зекат) е религиозна обврска да оди за финансирање на џихадот.[139] Денес, во екот на социјалните медиуми, во ерата каде што

[137] Stern Jessica, J.M. Berger, ISIS *the state of terror*, First EPub Edition, MARCH 2015, p.118 Достапно на: https://www.pdfdrive.com/isis-the-state-of-terror-e158774806.html Пристапено 12.1.2023

[138] Во исламот еден од петте столбови е токму давањето зекат. Зекат или милостина се остварува на тој начин што 2,5 % од своите финансиски средства собрани во текот на една година секој човек треба да ги додели на сиромашно семејство. Тоа е нужност да се прави секоја година од секој муслиман.

[139] Matthew Levitt, The Washington institute for near east policy, “Prosecuting Terrorism beyond 'Material Support“ Policy Analysis, 2018, Достапно на: https://www.washingtoninstitute.org/policy-analysis/prosecuting-terrorism-beyond-material-support Пристапено на 15.2.2023

медиумската пропаганда која ја шират терористите далеку повеќе може да се манипулираат луѓето воедно и да се стимулираат оваа милостина да ја дадат на терористичките организации.

Оттука, ќе констатираме дека експлоатацијата на информациските и комуникациските системи од страна на терористичките организации отсекогаш била витална компонента во нивното работење. Претставувањето на нивните идеолошки агенди до широката публика отсекогаш претставувало, продолжува да претставува и ќе претставува основна цел за преземање и употреба на терористичкото насилство. Оваа употреба и експлоатација на онлајн платформите од страна на терористичките, екстремистичките и другите недржавни актери ја претставува најновата еволуција во односот помеѓу терористичките организации, медиумските платформи и информациската и комуникациската технологија.

Употребата на овие платформи на терористичките организации, кои се ефикасни во нивно искористување, им нуди специфична можност да им нанесат суштински последици на нивните противници. ИД, преку комбинација на инкорпорирање на прагматична џихадистичка стратегиска доктрина, префинетост на нов и повеќеслоен наратив и подготвеност да се дозволи висок степен на автономија меѓу нејзините индивидуални оперативци во западните јурисдикции, се етаблираа како највешта терористичка група во присуството и експлоатацијата на социјалните медиуми. Нивното присуство и експлоатација служи за зајакнување на нивните наративи до повеќе публика, придонесува за регрутирање и радикализација, дури за голем број на западните безбедносни агенции, ова има суштински придонес во терористичките напади во западните земји.[140]

Долги години разузнавачките агенции работат на спречување на терористичките организации да употребуваат интернет за оперативните цели. Така, справувањето со терористичката употреба на интернетот е исто толку од витално значење како за спречување на тероризмот така и за следење на терористите кои го користат истиот. Многу програми, кои имаат за цел борба против насилниот екстремизам и тероризам, својот фокус го ставаат во оспорување на терористичката идеологија ширена на интернет преку ефективни

[140] West, Levi J. “#jihad: Understanding Social Media as a Weapon.” Security Challenges, vol. 12, no. 2, 2016, pp. 9–26. JSTOR. Достапно на: http://www.jstor.org/stable/26465604.

контранаративи, позитивни пораки од вородостојни извори и критичка анализа на терористичката и екстремистичката пропаганда. Но, ќе напомнеме дека постојат голем број специфични мерки кои треба да се преземат за да се справиме со радикализацијата[141] која се спроведува преку онлјан патформите. Ова би опфаќало чекори кои водат до:

- Ограничување на пристапот до штетни содржини на интернет во одредени сектори или простории (особено училишта, јавни библиотеки и други јавни згради); и
- Преземање мерки за отстранување на пропагандните и терористички содржини на овие платформи.

Во оваа насока, со цел да се направи чекор напред, Европскиот парламент ги одобри новите правила кои ги принудуваат на интернет компаниите во рок од еден час, откако ќе добијат наредба од националните власти,  да ја избришат терористичката содржина од нивните платформи. Оваа одлука беше изгласана на 28 април 2019 година. Една од главните причини за ваквата одлука е рапидното ширење на овие терористички содржини преку платформите. Компаниите што нема да ја испочитуваат оваа наредба може да бидат казнети 4 % од нивниот глобален промет. Земјите на ЕУ ќе треба да назначат надлежен орган и да го достават до Европската комисија, која потоа треба да објави список со сите релевантни тела.

Земјите на ЕУ ќе треба да назначат надлежен орган и да го достават до Европската комисија, која потоа треба да објави список со сите релевантни тела. Откако националните власти ќе означат терористичка содржина, наредбата за отстранување ќе биде испратена до интернет-платформите, кои ќе имаат рок од еден час да ја избришат или да го оневозможат пристапот до неа во сите земји членки на ЕУ.[142]

Тековните напори за борба против иновативната пропаганда од страна на Исламската држава се огромни. Стејт департментот на САД воспостави во

---

[141] Home Office, *Prevent Strategy*, The Stationery Office Limited, United Kingdom, 2011, p.77 Достапно на https://www.gov.uk/government/publications/prevent-strategy-2011
[142] European Parliament, “MEPs approve removal of online terrorist content within an hour”, *News*, 2019, Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/news/en/headlines/priorities/terrorism/20190919STO61425/meps-approve-removal-of-online-terrorist-content-within-an-hour Пристапено на 15.2.2023

декември 2013 година свое присуство (профил) против насилниот екстремизам на социјалните мрежи, насловено „Повторно размисли, одврати се“, кое имаше 11 000 следбеници на „Фејсбук“ и 23 000 на „Твитер“ од септември 2015 година. Не можеше да се натпреварува ниту со емоцијата или обемот на пропагандата на ИСИС. „Твитер“-профилот на САД објави или ретвитна повеќе од 8390 твитови до септември 2015 година. За споредба, еден профил од медиумското крило на ИСИС објави или беше ретвитуван повеќе од 42 000 пати во истиот период, и покрај тоа што „Твитер“ го затвори на половина пат.[143]

Оттука, врз база на сето изнесено погоре, се наметнува потребата да констатирам како треба тероризмот да се перципира. За тероризмот да биде разгледуван на начин кој ќе овозможи негово осознавање, но и спротивставување на овој деструктивен феномен, неопходно е во борбата со него да се земе предвид дека:

*„Тероризмот не може да се разбере само во смисла на насилство. Треба да се сфати првенствено во однос на пропагандата. Насилството и пропагандата, сепак, имаат многу заедничко. Насилството има за цел менување на однесувањето со принуда. Пропагандата цели во исто со убедување. На тероризмот може да се гледа како на комбинација од двете. Тероризмот, користејќи насилство врз една жртва, се обидува да ги принуди и убеди другите. Непосредната жртва е само инструментална.“*

## 4.4 Неисцрпната мотивација и инспирација за терористите – Al-Awlak

Пишувањето текстови за терористички списанија беше речиси еднакво на книга која е оставена на полица која за да ја прочитате прво мора да имате физички пристап, како и некоја ваша блиска личност да ви ја предложи, или во краен случај чисто случајно да налетате на неа. Ако ширењето на пропагандата беше ограничено со печатените списанија, а регрутирањето се одвиваше во верски објекти (најчесто џамиите), денес овие процеси добија нив придружен

[143] Brantly Aaron, “Innovation and Adaptation in Jihadist Digital Security“, *Survival*, 59:1, 79-102, Достапно на: https://cyber.army.mil/Portals/3/Documents/publications/external/Innovation%20and%20Adaptation%20in%20Jihadist%20Digital%20Security.pdf?ver=2017-09-26-112945-287 Пристапено 21.2.2023

метод за остварување на терористичките цели. Така, Чарли Винтер последната деценија во која интернетот, заедно со онлајн платформите, имаат значајна улога за оние кои знаат да ги искористат, ја опишува како деценија во која онлајн платформите се појавија како „радикални џамии". Додека радикализацијата во најголем дел се спроведуваше во физичкиот (офлајн) простор, негуваа ситуација каде што љубопитните може да имаат директен контакт со поранешни или сегашни борци, да слушнат приказни од прва рака од бојното поле и да добијат одредени совети. Оваа стратегија за мотивација и регрутирање членови еволуираше, односно оваа функција во последната деценија ја преземаа „радикалните џамии" – онлајн платформите. Во дигиталната ера, платформите на социјалните медиуми се просторот каде што се случува сето ова. [144] Социјалните мрежи им овозможија на терористите да допрат до нивната целна публика и виртуелно да „чукаат на нивните врати" – за разлика од постарите модели на веб-страници на кои терористите мораа да чекаат посетителите да дојдат до нив.

Во потрагата по мотивацијата и причините за поддршка и приклучување кон тероризмот, Тања Милошевска, меѓу другото, истакнува дека терористите често може да бидат мотивирани од системската дискриминација, расизмот и религиозното омаловажување.[145] Како суштински фактори кои го стимулираат тероризмот може да ги потенцираме неправедноста во општеството, недостатокот од политичка партиципација, како и неподдржувањето (непостоењето на поддршка) од страна на елитата, [146] или, пак, социо-економската ситуација на групата/поединецот.

Во последната година стана повообичаено тероризмот во западните земји да се поттикнува со онлајн пропаганда, што може да доведе до саморадикализација, наместо да биде раководен или планиран од одредени екстремистички групи. Во 2003 година, инвазијата и окупацијата на Ирак беа моќен извор на она што може да се нарече мотивациско прелевање, а социјалните психолози предложија дека гневот поради западната надворешна

[144] Charlie Winter, *The Virtual 'Caliphate': Understanding Islamic State's Propaganda Strategy*, Quilliam, 2015, p. 7-8.
[145] Милошевска Тања, *Глобален тероризам*, Филозофски Факултет, Скопје, 2018, стр. 149-150.
[146] Котовчевски Митко, *Менаџирање на терористички закани,* Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.84.

политика продолжува да ја поттикнува радикализацијата и да ги легитимира терористичките напади на Запад.[147] Во глобалниот индекс за тероризам, јасно се констатира дека политички мотивираниот тероризам го надмина религиозно мотивираниот тероризам, со што религиозно мотивираниот тероризам се намалил за 82 % во 2021 година. Сега има забележителни сличности помеѓу екстремно левичарските и екстремно десничарските екстремистички идеологии, односно тие ги таргетираат владините институции и политичките (најчесто владините) претставници.[148]

Оттука, нашата цел на оваа елаборација беше да се изнајдат причините поради кои самите терористи посегнуваат да извршат терористички акт и покрај тоа што голем дел од самоубиствените напади на волците самотници се етикетираат како мотивирани од левичарска или десничарска идеологија, факт е дека истите се извршени од групи или поединци без формална припадност кон признаена терористичка организација.[149] Така, терористичкиот акт е само култ на големи неправди и поделби во општеството, помеѓу групите, народите, државите, или, пак, губење на чувството за припадност на поединецот. Затоа не случајно терористите ги таргетираат владините институции и претставници, бидејќи истите ги сметаат за виновници за нивната ситуација во која се наоѓаат. Често тоа е ситуација која многумина од извршителите на терористичкиот чин ја гледаат како безизлезна ситуација, и како единствениот начин за решавање на оваа ситуација тие сметаат дека е употребата на сила и деструкција во општеството кое нема место за нив.

Анвар ал Авлаки е роден во 1971 година во Ново Мексико, но поголемиот дел од своето детство го поминал во Јемен, каде што се родени неговите родители. Тој се вратил во САД во 1991 година за да студира градежно инженерство на Државниот универзитет во Колорадо. За тоа време, тој, наводно, служел и како претседател на Муслиманската студентска асоцијација (МСА) и работел како имам во Исламското друштво во Денвер. Во јануари 2001 година, Ал-Авлаки се преселил во Фолс, Вирџинија, каде што почнал да работи на својот докторат по

---

[147] Martha Crenshaw, „*Rethinking Transnational Terrorism: AN INTEGRATED APPROACH*“, United States Institute of Peace, 2020, No.158, p.8-10.
[148] Institute for Economics & Peace. *Global Terrorism Index 2022: Measuring the Impact of Terrorism*, Sydney, March 2022. Достапно на http://visionofhumanity.org/resources Пристапено 18.2.2023.
[149] Ibid, 2-3.

развој на човечки ресурси на Универзитетот „Џорџ Вашингтон". Ал-Авлаки јавно ги осуди терористичките напади на 11 септември, но ги искористи и како можност да ја критикува американската надворешна политика, особено во однос на поддршката на САД за Израел.

Ал-Авлаки е еден од најбараните терористи во САД кој беше директно поврзан со низа на терористички напади, меѓу кои и обидот да се разнесе авионот во 2009 година кој леташе за Детроит. Тој од мејнстрим муслиман се претвори во личност која е најјавна и највлијателна во крилото на Ал Каеда. Ова се должи на неговата умешност да се искористат онлајн платформите за да се прошири неговата пропаганда порака до што поголем дел од населението во целиот свет, најчесто преку проповеди и снимање видеоматеријали.

Можеби и со право САД го нарекува и како „Клучен водич" на Ал Каеда имајќи предвид дека тој ги охрабруваше американските муслимани да ги напаѓаат немуслиманите и западните интереси преку неговата литература, проповеди и други материјали на неговиот блог веќе неколку години.[150]

Во 2006 година тој се вратил во Јемен и бил уапсен од страна на безбедносните сили на Јемен. Тој останал во затвор речиси една и пол година без да се покрени конкретно обвинение. По излегувањето од затвор тој почнува уште пожестоко да ја критикува САД бидејќи сметал дека таа извршила влијание врз јеменските безбедносни сили за да биде приведен. Неговите изјави, исто така, почнаа да добиваат влијание кај западните муслимани кои бараат религиозно оправдување за насилството врз САД. Неговиот снимен серијал предавања за книгата „Thawābit ʿalā darb al-jihād" (2005; „Постојаните на патот на џихадот"), на пример, што може да се преземе од интернет, помогна да се инспирира група од шест мажи осудени за терористички заговор од 2006-07 година против базата на американската армија во Форт Дикс, Њу Џерси.[151]

Во литературата често е нарекуван и како пропагандист кој направил најмногу за да ја обликува денешната закана против Западот. Некогаш окарактеризиран како „бин Ладен на интернет", изјавите на Ал-Авлаки се

---

[150] Anti Defamation League, "Profle: Anwar al-Awlaki", Imagine a world without hate, 605 third Avenue. Достапно на: https://www.adl.org/sites/default/files/documents/assets/pdf/combating-hate/anwar-al-awlaki-2013-6-4-v1.pdf Пристапено 17.2.2023

[151] Brachman, Jarret. "*Anwar al-Awlaki*". Encyclopedia Britannica, 2022. Достапно на: https://www.britannica.com/biography/Anwar-al-Awlaki

емитуваат на сајтови како „YouTube". Американските разузнавачки агенции го идентификуваа Ал-Авлаки како „шеф на надворешните операции" на огранокот на Ал Каеда во Јемин. Неговите проповеди исто така го инспирираа Фајсал Шахзад, кој се обиде да активира автомобил-бомба на Тајмс сквер во Њујорк во мај 2010 година. Со вешто комбинирање на религиозната доктрина со разговорните западни референции, Ал-Авлаки апелираше до незадоволните муслимани на Запад кои ги поттикна да се приклучат на џихадот на Ал Каеда. Презентирани во емотивен наместо во интелектуален стил, неговите проповеди беа лесно разбирливи без длабоко познавање на исламската историја или сложени теолошки аргументи.[152]

Инкорпорирањето нови членови во организацијата не е секогаш резултат на тоа колку организацијата прави напори за да ги зголеми своите капацитети и да ги идентификува новите т.н. таленти. Новите инкорпорирања може да бидат случајни, односно она за кое многумина зборуваат и го нарекуваат „саморадикализација". Меѓутоа, и за оваа условно кажано саморадикализација мора да стои одреден фактор кој придонел истиот да се приклучи кон терористичката кауза. Така, овој метод на „саморадикализација" и инспирирање лица кои не се членови, туку само симпатизери на терористичката организација, да извршат терористички напади во западните јурдисакции, односно овој патент се препишува на најмоќното дуо наречено Авлаки – Кан (проповедник Анвар ал Авлаки и пакистанскиот сајбер-активист Самир Кан).

Дуото Авлаки – Кан не управуваше само со влијателна пропагандна платформа, туку нивниот придонес имаше големо влијание врз тактичката ориентација на групата. На страниците на списанието „Inspire" трајно се охрабруваа поединечни терористички акти во светот, тактика на која досега не беше обрнувано внимание во дискурсот на Ал Каеда. Фигурата на „волк самотник ", по налог на овие двајца пропагандисти, почна да игра сè поважна улога во стратегијата на џихадизмот против Западот.[153]

---

[152] Michael, George. "The New Media and the Rise of Exhortatory Terrorism." *Strategic Studies Quarterly,* vol. 7, no. 1, 2013, pp. 40–68. JSTOR. Достапно на: http://www.jstor.org/stable/26270575.
[153] ISPI, "Digital Jihad: Online Communication and Violent Extremism", Edited by Francesco Marone, Milano, First edition: 2019, p.40-42. Достапно на: https://med.ispionline.it/publication/digital-jihad-online-communication-and-violent-extremism/ Пристапено на 10.2.2023

### 4.5 Терористичките активности и темната страна на интернетот (дарк веб)

Како што веќе ни е познато од претходните точки, интернетот стана идеална средина за насилните екстремистички групи и терористичките организации низ идеолошкиот спектар. Како што времето изминуваше, традиционалните екстремистички и терористички веб-страници беа заменети со форуми и виртуелни простори за разговор, кои потоа се префрлија на социјалните медиуми и преминаа на шифрирани платформи за комуникација. За многумина, во иднина темната страна на интернетот би можела да претставува нова граница[154] на која ќе се сретнат разузнавачко-безбедносните служби и терористичките организации.

Темната мрежа или дарк веб е всушност платформа која овозможува пристап до содржина која не е индексирана од стандардните пребарувачки кои ги користиме секојдневно. Дарк вебот може да се опише како платформа која е составена од слоеви или делови. Најосновно, може да се подели на „површински или горен слој“ и „подлабок слој“. Секој од нас има пристап секојдневно до голем дел од содржина која припаѓа на оваа прва категорија, или, со други зборови, најголем дел од корисниците мислат дека интернетот се состои само од тоа што го гледаат преку нивниот „Google“, „Yahoo“ или друг пребарувач. Сепак, „подлабоките“ слоеви не се индексирани од традиционалните пребарувачи како „Google“, „Yahoo“, „Edge“, „Опера“ и слично.

Мајкл Бергман дава многу добро објаснување за улогата која ја има темната страна на интернетот, односно лепезата на содржина која е достапна во тој дел. Темната страна е како да пуштаме мрежа и да ја влечеме низ морето. Главните информации се наоѓаат длабоко во слоевите долу под морето, за разлика од содржината која е достапна на површината. Тој со овој пример објаснува најелоквентно како типичните пребарувачи се ограничени само на горниот слој, но не овозможуваат да стигнеме до лепезата на информации и содржини кои се кријат длабоко во темната страна.[155]

---

[154] Ibid, 10-11.
[155] Bregman Michael, “The Deep Web: Surfacing Hidden Value“, BrightPlanet - Deep Content, 2001.

Оттука, генерално може да кажеме дека дарк вебот е приватна глобална компјутерска мрежа која им овозможува на корисниците да вршат анонимни комуникации и трансакции без да откријат никаква трага од нивната локација или нивните дејства. Како за пример ќе го наведеме софтверот „TOR“ (The Onion Routher) кој е употребуван од страна на терористичките организации, а им овозможуваа шифрирана комуникација. Компјутерите на мрежата „Tor“ користат шифриран комуникациски протокол до кој не може да се пристапи со тековни веб-прелистувачи. Наместо тоа, тие бараат употреба на специјален софтвер, како што е прелистувачот „Tor“. Правилната употреба на мрежата „ Tor“ практично им оневозможува на владите да ја следат локацијата на компјутерите што хостираат „скриени“ веб-локации на мрежата, локацијата на компјутерите што пристапуваат до тие скриени веб-локации.[156]

Можностите и предностите кои ги нуди темната страна се неколкукратно поголеми, потајни, речиси без остатоци за нашите преземени активности, и на крај речиси и да ја рушат надежта на разузнавачко-безбедосната заедница во борбата против криминалот и тероризмот кои активно мигрираат на темната страна, а особено појавата на web 3.0 за нив ќе стане исклучителен предизвик, можеби како што немале до сега.

Како што напомнавме и во претходните точки, терористите се присутни на различните онлајн платформи далеку пред 11 септември 2001 година, но нивната експанзија станува многу повидлива по овие напади. Со текот на времето, особено по настаните на Едвард Сноуден, како и дел од државите, високи функционери и корпорации, така и терористичките организации и екстремистите станаа свесни дека површинскиот дел (surface web) веќе не им оди во прилог. Таму тие лесно може да бидат пронајдени, лоцирани и уапсени од државните органи за борба против тероризам. Оваа слаба заштита на површинскиот дел овозможи следење на веб-страниците и социјалните медиуми, односно од каде, кој и во кое време и од која локација пристапува одреден корисник со што лесно беше истиот да се лиши од слобода. Овие веб-страници беа лесно згаснувани од страна на службите за борба против

[156] Ghappour Ahmed, “Searching Places Unknown: Law Enforcement Jurisdiction on the Dark Web”, Stanford Law Review, vol. 69, no. 4, 2017, pp. 1075–136. JSTOR. Достапно на: http://www.jstor.org/stable/26166304.

тероризмот. За разлика од површинскиот дел, темната страна нуди исклучителна тајност во комуникацијата, заштита на локацијата од која се пристапува и исклучување на стравот кај симпатизерите дека тие може да бидат следени и затворени од страна на државните служби.

Како што државните агенции и меѓународните организации и тела преземаат активности и мерки за запирање на публицитетот на тероризмот, особено спласнување или обид за тотално отстранување на терористичката пропаганда од онлајн платформите (првенствено од социјалните мрежи, форуми и веб страници), така овој обид на владите да ја отстранат или филтрираат екстремистичката и терористичката содржина ги принуди терористите да бараат нови засолништа во интернет-просторот. Како што истакнува Беатрис Бертон[157], темната мрежа е совршена алтернатива за терористите бидејќи е недостапна за повеќето, но пловна за малкумина иницирани – и е целосно анонимна.

По нападите во Париз во ноември 2015 година, ИСИС почна да мигрира кон темната страна на интернетот со цел таму да ги дистрибуира нивните пропагандни материјали, да ги заштити нејзините членови, симпатизери и оние борци кои сакаат да им се приклучат во нивната кауза, како и да ги заштити своите содржини од отстранување и напади од страна на државните служби и активистите.[158] Ова доаѓа како резултат на операцијата наречена *OpParis* која беше спроведена од страна на аморфниот хакерски колектив *Anonymous,* во која беа исклучени стотици страници на ИСИС. Медиумите на ИСИС, „Ал-Хајат медиа центар", објавија линк и објаснувања за тоа како да се дојде до нивната нова страница на „Dark Net" на форум поврзан со ИСИС.[159]

Во 2018 година извештајот насловен како „Терор во мракот" укажува на зголемената употреба на темната мрежа од страна на терористичките групи.

---

[157] Beatrice Berton, "*The dark side of the web: ISIL's one-stop shop?*", European Union Institute for Security Studies, 2015. Достапно на https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/791a3c06-8847-4006-8fe5-a9edeb899029 Пристапено на 21.2.2023

[158] Забелешка: Под овој поим се подразбира одредени лица или група на луѓе кои функционираат самостојно и поседуваат информатичко знаење и вештини, па тие често ги пробиваат и државните институции со одредена цел, односно дали поради револт кон истите, дали за да се истакнат себеси или пак за одредена финансиска корист, уцени и закани за пуштање од притвор одредени лица, бришење досие и слично.

[159] Gabriel Weimann, *Going darker? The challenge of dark net terroris*m, Wilson Center, 2018. Достапно на: https://www.wilsoncenter.org/sites/default/files/media/documents/publication/going_darker_challenge_of_dark_net_terrorism.pdf Пристапено на 21.2.2023

Овие наоди укажуваат како терористите и екстремистите создаваат свои безбедносни засолништа на темната мрежа, за планирање идни напади, собирање средства и регрутирање нови следбеници. Додека првата деценија беше насочена и окарактеризирана како борба против „безбедносните засолништа“ – физички лоцирани во Авганистан, Сирија, Иран, Јемен, Пакистан и слично, главно со употреба на воена сила и современа воена опрема, последната деценија може да се означи како „виртуелни безбедносни засолништа“ – шифрирани комуникациски канали, скриени делови од интернет, сметки за криптовалути кои не се регистрирани во ниту една банка и многу повеќе. Овој извештај ги истакнува следните употреби на темната мрежа за терористички цели:

- Терористите користат шифрирање за да сокријат: Подоброто следење на површинската мрежа од страна на компаниите за социјални медиуми и безбедносните службеници резултираше со побрза стапка на отстранување на екстремистичка содржина од платформите на социјалните медиуми. Во корелација со ова е зголемената употреба од страна на екстремистичките мрежи на „Darknet“ како „засолниште на џихадистите“ за планирање напади. Доказите сугерираат дека регрутерите ја користат „Darknet“ за планирање и започнување терористички напади, бидејќи откривањето од страна на органите на редот е помалку веројатно. Додека првичниот контакт може да се оствари на површинските веб-платформи, често се даваат дополнителни инструкции на апликациите за шифрирање од крај до крај, како што е „Telegram“, за тоа како да пристапите до веб-локациите на џихадистите на „Darknet“.
- Терористи кои го користат „Darknet“ за регрутирање: со оглед на во голема мера недостапната природа на шифрирани канали како „Telegram“ и областите на „Darknet“, можеби не е изненадувачки што масовното регрутирање ретко се случува на овие канали. Наместо тоа, ИС има за цел да ги привлече заинтересираните симпатизери од површинската мрежа и социјалните медиуми во побезбедните вдлабнатини на „Darknet“ за понатамошна интеракција и индоктринација.

- Терористи кои ја користат „Darknet“ како резервоар за пропаганда: Отстранувањето на екстремистичка и терористичка содржина од површинската мрежа и длабоката мрежа – особено во случај на програми за вештачка интелигенција кои можат да направат „големо“ отстранување – го зголемува ризикот доказите потребни за кривично гонење на поединци, ширењето содржина или обезбедувањето материјална поддршка на терористичките организации да се изгубат. Голем дел од овој материјал подоцна повторно се појавува на Darknet. Технолошките компании треба да соработуваат со органите за спроведување на законот за да се осигурат дека овој материјал е ефикасно архивиран за да се разберат моделите на однесување.
- Терористи кои користат криптовалути за да избегнат откривање и да соберат средства: Терористите, како и другите криминалци, користат криптовалути затоа што обезбедуваат ист облик на анонимност во финансиските услови како шифрирањето за комуникациските системи. Со собирање средства и правење финансиски трансакции преку интернет со биткоин, терористите и другите криминалци можат да избегнат мешање од финансиски регулатори или други трети страни кои инаку би можеле да преземат чекори за да ги спречат нивните операции.[160]

# 5 Препораки за справување со тероризмот и насилниот екстремизам

Иако Маргарет Тачер уште во 80-тите ја потенцира важноста на медиумите за тероризмот, државите, меѓународните, организации, дел од академската заедница и другите недржавни институции и тела почна да се собираат и дискутираат со цел да изнајдат начини како да го запрат кислородот.

[160] Malik Nikita, *Terror in the dark: how terrorists use encryption, the darknet, and cryptocurrencies*, Centre for the response to radicalisation and terrorism, 2018, p. 6. Достапно на: https://henryjacksonsociety.org/wp-content/uploads/2018/04/Terror-in-the-Dark.pdf Пристапено на 20.2.2023

Сите овие средби ако сумираме во основа се базираа и повикуваат на дејствување од страна на медиумските работници, односно на медиумскиот етички кодекс и личниот морал. Првиот ваков обид се прави во 2004 година со одржување на првиот меѓународен медиумски форум за борба против тероризам. Тука се формулираа начините за борба на граѓанското општество и медиумите против тероризмот. Нејзината резолуција зборуваше за итната потреба на новинарската заедница „да продолжи, во својата професионална активност, од принципите на граѓанска одговорност, заштита на човечките вредности прегазени од оние кои сакаат да разгоруваат омраза и страв.

Во ноември истата година се одржа интернационална конференција „Новинарите против тероризмот“. Тие дискутираа за тоа како медиумите му овозможуваат публицитет на тероризмот. Учесниците решително го осудија теророт како една од најголемите закани за човештвото и, откако ја препознаа сопствената одговорност, постигнаа договор за изготвување нова антитерористичка повелба.

Во контекст на формирањето меѓународен антитерористички фронт, вклучително и оној во информатичката област, Советот на Европа позитивно одговори на руската иницијатива за усвојување нов кодекс на однесување на државите и медиумите во борбата против тероризмот. На 2 март 2005 година, Комитетот на министри на Советот на Европа усвои Декларација „за слободата на изразување и информирање во медиумите во контекст на борбата против тероризмот“. Документот се заснова на рамнотежа помеѓу слободата на говорот и медиумската одговорност при покривање кризи.

Во јуни 2005 година, Парламентарното собрание на Советот на Европа ја усвои препораката „Медиуми и тероризам“ со која се бара од Комитетот на министри „да го следи третманот на тероризмот во европските медиуми, особено во врска со гореспоменатата Декларација“. Исто така, беше препорачано да се „подготви, под водство и во тесна соработка со медиумски експерти и професионални организации, со УНЕСКО и други организации

кои работат на истото поле, прирачник за новинари кои известуваат за акти на тероризам и насилство."[161]

Сите овие „рани" обиди за борба против тероризмот, вклучувајќи ги низата на стратегии за борба против тероризмот, радикализацијата и регрутирањето, па сѐ до последниот обид на Европскиот парламент кој ги одобри новите правила кои ги принудуваат на интернет компаниите во рок од еден час, откако ќе добијат наредба од националните власти, да ја избришат терористичката содржина од нивните платформи, остануваат само еден мал дел од суштинскиот проблем со феноменот тероризам (вклучително и проблемите со радикализација, регрутација и насилен екстремизам).

Често се запрашуваме дали сето ова е доволно или барем дали се постигнуваат добри резултати. Одговорот би бил во најмала мера дека не во целост, односно фокусот се става исклучително врз тоа дека терористичките организации преку онлајн платформите и медиумите успеваат да извршат низа на терористички активности, да регрутираат, радикализираат и да собираат финансиски средства. Меѓутоа, во сите дискусии и дебати најчесто се бега да се постави и одговори на прашањето зошто толку многу луѓето се впуштаат и заплеткуваат во терористичките мрежи?

Како што Абрахам Милер истакнува, „Тероризмот е способен за пишување на која било драма – без оглед колку е ужасно – да се принуди вниманието на медиумите, тероризмот може да се перципира како медиумско посвоено дете, кое за жал медиумите не можат ниту целосно да го игнорираат ниту да го негираат.

Ако се прашуваме зошто тие не можат да го игнорираат тероризмот и да престанат да ги објавуваат тие вести, одговорот лесно ќе се најде во поимот корпоративни медиуми.

Анализата на содржините на корпоративните медиуми (од типот на „CNN", „BBC", „New York Times") покажува јасна доминација на центрите на економска и политичка моќ. Во делот на информативната дејност, а во контекст на случувањата во безбедносната сфера, доминира легитимацијата на

---

[161] Perešin Anita, "Mass Media and Terrorism", *Medij. istraž.* (god. 13, br. 1) 2007, p.5-22. Достапно на https://hrcak.srce.hr/file/28073 Пристапено на 22.2.2023

употребата на сила и секуритизацијата. Како што напомнува Билјана Ванковска, голем дел од оваа машинерија функционира како „индустрија на стравот“. Тие не запираат тука, продолжуваат со тривијализација на обичниот живот, преку сапунски серии, популарни реалити шоу-емисии, воајеризам, промовирање на деградацијата на човековата приватност, порнографија, насилство. Сето ова се содржини кои не само што создаваат медиумска и општа неписменост туку и носат големи профити.[162]

Како пример за ова се наведува американскиот ТВ-канал „ИВС“, чиј сопственик во 90-тите години станува корпорацијата „General Eletric“, кој е производител на делови или сервисер за речиси секој поголем систем на вооружување користен од САД во Првата заливска војна, вклучувајќи ги проектилите „патриот“ и „томахавк“, бомбардерите „стелт“ и „Б-52“, па сѐ до „аваксите“ и сателитскиот систем „КАУSТАК“. Така, кога кореспондентите и платените консултанти на ТВ го фалеа успехот на американската војска и нивното оружје, тоа беше со јасна намера.[163]

Ваквите корпоративни медиуми ниту можат да се одвојат од терористите и нивните содржини, ниту пак ќе го сторат тоа сѐ додека истите функционираат врз нивната основна компонента – профит.

Причината за тероризмот лежи во самиот општествен (државен) систем кој врши структурно насилство врз современиот човек, како што забележува Галтунг, скратувајќи му ги неопходните услови за живот подеднакво како и останатите.

Доколку погледнеме каде тероризмот е сконцентриран, несомнено ќе видиме дека станува збор за држави кои се со висок степен на корупција, сиромашни, непочитување на човековите права, непостоење на правда и висок степен на дискриминација, како и слаба законска регулатива. Сиромаштијата повлекува многу други безбедносни проблеми, меѓу кои и тероризмот. Како што напомнавме во почетокот на оваа магистерска теза, во 2021 година, околу 698 милиони луѓе, или 9 % од глобалното население, живеат во екстремна сиромаштија - односно живеат со помалку од 1,90 долари на ден. Над една

[162] Ванковска Билјана, *Меѓународна безбедност: Критички пристап,* Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 183.
[163] Ibid.,

петтина од глобалното население живее под повисоката линија на сиромаштија од 3,20 долари (1803 милиони луѓе), а над две петтини (3293 милиони луѓе) живеат под 5,50 долари на ден.

Понатака, како проблем кој се надоврзува на ова е токму корупцијата. Од теоретска гледна точка, корупцијата може да се гледа како извор на поплаки од кој би можеле да се развијат општествените движења и со кој тие би можеле да освојат ресурси. Аргументот овде е дека во земјите каде што политичките активисти забележуваат повисоки нивоа на корупција, тие активисти ќе имаат тенденција да прибегнуваат кон акти на насилство со поголема стапка отколку во земјите со ниска забележана корупција.[164]

Ова е токму она што го анализира Доминик Мојси во делото за „Геополитиката на телевизиските серии“. Анализирајќи ја серијата „Homeland“ во корелација со останатите случувања во меѓународната политика, во еден момент сите случувања делуваат како стратегијата за борба против тероризмот да не функционира, како да се поставува прашањето *Што всушност ние правиме тука во овој пекол?* Во еден момент како да одекнуваат само две реченици, како да се излезени од белата куќа, односно од нејзината политичка дебата. Првата гласи „Ништо добро не може да произлезе од нашето мешање во тој дел од светот“, кажува еден од ликовите. Додека, пак, висок функционер од пакистанската безбедносна служба му одговара „Пуштете нè сами да ги решиме проблемите – нашите проблеми.“ Она што може да се подвлече од оваа анализа е следната порака: Во таков сложен и непријателски регион како што е Блискиот Исток, подобро е да се придржувате на дипломатијата отколку на сила.[165]

Следен проблем кој ќе треба да се зема предвид при изготвување стратегии за борба против насилниот екстремизам и тероризам е токму законската регулатива. Имено, Стејт департментот во својот извештај за тероризам од 2020 година наведува со кои проблеми се соочуваат државите во справувањето и борбата против тероризмот. Како пример, Република Македонија е наведена како земја во која за 2020 година не биле реализирани

[164] Simpson Matthew, “Terrorism and Corruption: Alternatives for Goal Attainment Within Political Opportunity Structures”, *International Journal of Sociology*, vol. 44, no. 2, 2014, pp. 87–104. JSTOR. Достапно на: http://www.jstor.org/stable/43301234.
[165] Dominik Mojsi, *Geopolitika televizijskih serija,* Postanak Clio, 2016, p. 83-99.

терористички инциденти, но забележани се повратници од боиштата на ИСИС од Сирија. Од боиштата се вратиле еден маж и три жени, мажот добил затворска казна од 5 години. Се наведува дека законската рамка е соодветна, односно дека е имплементирано кривично дело за гонење тероризам, но стануваат голем предизвик ниските и благи казни за дела поврзани со тероризам. Исто така, се потенцираат неколку држави кои се главни спонзори на тероризмот,[166] ја потврдува нашата констатација дека тероризмот во најголем дел е финансиран од страна на државите бидејќи истото претставува замена за класична конвенционална војна.

Еден од главните предизвици со кои ќе се соочуваат државите во борбата против недржавните актери, меѓу кои и тероризмот, еволуцијата на World web wide 3.0. Треба да се подготвуваме и да размислуваме за можностите кои ги нуди идниот развој на web 3.0. Имено, тој, за разлика од web 2.0, кој овозможува плаќање во одредена валута (долар, евро и слично) чиј трансфер може да се открие далеку полесно за разлика од плаќањето кое ќе го нуди web 3.0 во криптовалути кои се шифрирани дигитални валути. Децентрализацијата на податоци ќе биде исто така предизвик, имено повеќе нема да има монопол за анализа и складирање податоци од страна на мегакорпорациите. Исто така, тој својот фокус ќе го стави на заштита на приватноста и анонимноста. Понатаму, повеќе апликации може да пристапат до податоци, секој уред е поврзан на веб, а до услугите може да се пристапи насекаде. Сите овие предности ќе бидат исклучително тешки бидејќи ќе ги хранат терористите уште повеќе со кислород, а државите ќе се соочат со уште поголеми тешкотии во ваквата борба.

На крај, доколку сакаме да се бориме со тероризмот и насилниот екстремизам, мораме да ги искорениме овие аномалии кои се вградени во општествени системи кои се клучната причина за тероризмот и насилството.

---

[166] U.S. Department of state, “Country reports on terrorism: 2020”, BUREAU OF COUNTERTERRORISM, Достапно на: https://www.state.gov/reports/country-reports-on-terrorism-2020/north-macedonia/ Пристапено на 15.1.2023

# 6 ЗАКЛУЧОК

Тероризмот останува проблем кој ќе ги засега државите и безбедносните институции уште долго време. Изнаоѓањето решенија за да се спречат процесите на радикализација и регрутрација преку онлајн платформите ќе остане клучен предизвик, кој ќе зависи од политичката волја за истите да бидат спречени. Класичните медиуми го заседоа местото во онлајн просторот во натпревар за публика додека социјалните медиуми сѐ повеќе вложуваат во развој на истите и гарантирање на приватноста на корисниците.

Пропагандата е клучна алатка на терористичките организации и насилните екстремистички групи. Онлајн платформите само овозможија мошне умешно да се таргетира публиката која подлегнува на овие пропагандни материјали. Ова се должи на проблемите кои егзистираат и се мултиплицираат во општествените системи (кои ги споменавме во магистерскиот труд). За справување со тероризмот и насилниот екстремизам останува клучен фактот за изградба на еден поправеден и поморален свет, во кој правдата, вистината, човековите права и демократијата ќе бидат фундаментални елементи на тој систем, а, пак, индивидуалните морални вредности доминантни над индивидуалните материјални вредносни комплекси.

Водењето политика и стратегија која беше позната како „борба против тероризмот“ (СТ) од страна на државите (особено САД заедно со НАТО членките од кои голем дел се и членки на ЕУ, како и државите кои не се членки на ниту една од овие две организации и нарекувани како партнерски земји) во која се правеше исклучиво борба против тероризмот на терен, со примена на воена сила, се покажа како неефикасна бидејќи терористите се приспособија на новите трендови и ситуации, ја искористија празнината која ја остави стратегијата за контратероризам – потценување на противниците и желбата за воена доминација и разрешување на овој глобален проблем со воени средства и/или воена надмоќ над противникот. Оваа стратегија го стави фокусот на воените методи, без притоа да го земе предвид (или пак недоволно) проблемот со екстремизмот, радикализацијата и регрутацијата.

Светот се обиде да даде одговор преку стратегијата за „борба против тероризмот“ (СТ), но, откако ова не даде посебни резултати, се воведе и

стратегијата за борба против насилен екстремизам (CVE) која се обидува да ги пополни празнините кои ги остави CT стратегијата. Развојот на онлајн платформите овозможи формирање двоен калифат попрецизно, оној наречен „вистински“ – во физичкиот простор, но и уште еден нов наречен „онлајн“ калифат. На овој начин терористите се обидуваат да го искористат секој можен дел од интернет-просторот и неговите предности. Уште позначаен факт е дека тие успеваат да учат од грешките на државните институции, безбедносните служби и поедниците кои работат во нив.

Тероризмот не само што многу мутирал туку и многу умешно ги совладал онлајн платформите. Од воведувањето на првата генерација на интернет, терористичките организации ги искористија онлајн просторите за мноштво оперативни и стратегиски цели. Џихадистичката мрежа нѐ предизвикува најголема грижа кога врските воспоставени на интернет стануваат односи во реалниот свет. Има огромна количина радикална активност на интернет, но мал дел од таа активност ќе се претвори во закани од реалниот свет. Интернетот исто така се перципира како инкубатор за почетниот радикализам и канал за пренос на терористичка пропаганда. Ова се важни фактори, но не толку суштествени како односите. Релациите создадени на интернет доведоа до обиди за терористички напади и насилни радикални активности во голем број случаи. Ова го нагласува фактот дека онлајн платформите имаат исклучиво значајно влијание во функционирањето на терористичките организации, односни, тие даваат исклучителен придонес за нивниот опстанок, прибирајќи средства, регрутирање нови членови, како и инспирирање на нивните симпатизери за преземање терористички акти, наречени и како волци самотници. Ако до сега употребата на воена сила беше главен метод за борба против тероризмот, сега повеќе овој метод не може да функционираа самостојно, односно државите мора да започнат борба и во интернет-просторот, која бара умешност и знаење. Блиските односи кои се воспоставуваат преку овие платформи ја нагласуваат потребата од нови методи за справување со тероризмот, кое оди во констатирање и потврдување на нашата општа хипотеза.

Со децении, глобалниот тероризам тивко ги собира редовите во светот. Американската способност да остане несвесна за новите движења заврши на 11 септември 2001 година. Исламските фанатици во глобалниот салафиски џихад

(насилното, преродбеничко општествено движење чиј дел е Ал Каеда) го таргетираат Западот, но против терористичките операции безмилосно убиваат илјадници луѓе од сите раси и религии низ целиот свет во име на демократијата и човековите права, под превезот на меѓународни хуманитарни интервенции, а како оправдување за таквите операции кои ги преземаат (првенствено Русија, САД и земјите на ЕУ) невините човечки животи се бројат само како колатерална штета, израз кој стана фарса во последната деценија. Клучот за спротивставување на тероризмот и насилниот екстремизам, како и од идни нивни напади, е темелното разбирање на мрежите што му овозможуваат на новиот терорист да ја шири својата порака.

Тероризмот го промени и својот *модус операнди*, иако и во минатото интернетот се употребуваше, терористите беа далеку поскептични за својата безбедност од неговата употреба. Но, денес нивниот модус операнди доживеа промени, пред сѐ поради бенефитите кои се наоѓаат во овие платформи. Земајќи предвид дека за да опстане терористичката организација се потребни многу финансиски средства, како и човечки ресурси, а притоа да се делува и во западните јурисдикции, терористите почнаа масовно да го користат интернет-просторот. Онлајн активностите на насилните екстремистички и терористички организации се одвиваат во т.н. екосистем од различни типови на платформи кои го олеснуваат комуницирањето (директно и индиректно), нивната координација, ширењето на пропагандата, планирањето на нивните акции, насочувањето на членовите, финансирањето, регрутирањето, ширењето пропаганда, набавката на оружје и слично. Овие платформи во информацискиот екосистем се движат од отворени и централизирани како што се „Фејсбук“, „Твитер“, „Јутјуб“, па сѐ до шифрирани сервери и групи, на пример „Телеграм“, и други децентрализирани платформи па сѐ до дарк веб, или познат и како темната страна на интернетот. Особено, употребата на шифрирани, децентрализирани или базирани на дарк веб платформи ги олеснуваат тајноста и дополнителното прикривање на активностите. Овој тренд, исто така, ги отежнува напорите за следење на онлајн активностите кои се поврзани со насилни групи и предизвикуваат значителни безбедносни закани.

Со појавата на социјалните медиуми, досегашните традиционални медиуми добија значајна конкуренција – реалност која ги принуди и тие да

креираат свои профили на социјалните медиуми со цел да опстојат и понатака. Ова овозможи мртва трка по профит, односно во огромната публика која е достапна на овие мрежи се наметна потребата од привлекување на вниманието на оваа голема публика бидејќи од вниманието на публиката зависи и нивниот профит. Така, традиционалните медиуми (печатот и телевизијата) несомнено им даваат публицитет на терористите, но често ја испуштаат пропагандната порака бидејќи терористите би сакале истата да биде пренесена до јавноста, како што се одредени прилози и извештаи за нивните подвизи. Наспроти ова, во ерата на интернетот, во суштина секој може да стане репортер или коментатор на фотелја. Затоа, социјалните медиуми може да се сметаат за „менувач(и) на играта“, бидејќи можат да ги надминат ограничувањата на традиционалното известување и селективност и им овозможуваат директно да се поврзат и да комуницираат со јавноста, пренесувајќи ја целата нивна порака. Сето ова, пак, ги принудува и традиционалните медиуми да ги пренесуваат терористичките акти и нивните активности за да станат соодветно конкурентни.

Новите и традиционалните медиуми се кислород на тероризмот и истите придонесуваат за ширење насилни екстремистички и терористички идеологии. Како што истакнува Ахрахам Милер, тероризмот е способен за пишување на која било драма – без оглед колку е ужасно – да се принуди вниманието на медиумите. Тероризмот може да се перципира како медиумско посвоено дете, кое за жал медиумите не можат ниту целосно да го игнорираат ниту да го негираат.

Разбирањето на тероризмот исклучиво преку насилство доведе до преземање воени дејства по 11 септември. Таквите воени дејства не вродија со плод бидејќи истите беа преземени со цел да се искоренат терористичките организации кои беа присутни во недемократски држави и да се инсталира демократија која ќе се темели на нејзините основни постулати. Тероризмот не може да се разгледува само низ призмата на насилството, тој мора да се разгледува и низ призмата на пропагандата. И насилството и пропагандата се одраз на револт на поединецот, често насочени кон владата или нејзини носители на функции, за да се искаже гневот кој им бил нанесен. И двата методи кои се применуваат од екстремистите и терористите имаат една заедничка цел,

промена на однесувањето, насилството цели кон тоа со употреба на сила, дури и абнормален метод, додека пак пропагандата цели кон истото само со убедување.

Светската заедница треба да реши една многу тешка задача: да најде одговор на прашањето како да се неутрализира нагласената терористичка ориентација кон користење на медиумите со цел да се постигне страв и во исто време да се обезбеди слободата на говорот – клучниот демократски принцип. Транснационалната природа на современиот тероризам бара заеднички напори на национално и меѓународно ниво.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Anti Defamation League, “*Profle: Anwar al-Awlaki”, Imagine a world without hate*, 605 third Avenue, Достапно на: https://www.adl.org/sites/default/files/documents/assets/pdf/combating-hate/anwar-al-awlaki-2013-6-4-v1.pdf
2. Australian Government, “Psychologists: Understanding radicalisation to violent extremism”, Living Safe Together helping community counter violent extremism, достапно на: https://www.livingsafetogether.gov.au/Documents/fact-sheet-psychologist-understanding-radicalisation-extremism.pdf
3. Beatrice Berton, “*The dark side of the web: ISIL’s one-stop shop?*“, European Union Institute for Security Studies, 2015, Достапно на: https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/791a3c06-8847-4006-8fe5-a9edeb899029
4. Bennett, Nell. “One Man’s Radical: The Radicalisation Debate and Australian Counterterrorism Policy.” *Security Challenges*, vol. 15, no. 1, 2019, pp. 47–62. JSTOR, https://www.jstor.org/stable/26644517.
5. Brantly Aron, “Innovation and Adaptation in Jihadist Digital Security”, *Survival,* No.59:1, 2017,p. 79-102 Достапно на: https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/00396338.2017.1282678
6. BHULAI, RAFIA. “*EXAMINING LOCAL PERCEPTIONS OF DRIVERS OF VIOLENT EXTREMISM.” GOING LOCAL: Supporting Community-Based Initiatives to Prevent and Counter Violent Extremism in South and Central Asia,* Global Center on Cooperative Security, 2017, pp. 5–9. JSTOR,http://www.jstor.org/stable/resrep20260.6.
7. Bloom Mia, Constructing Expertise: Terrorist Recruitment and “Talent Spotting” in the PIRA, Al Qaeda, and ISIS, *Studies in Conflict & Terrorism*, 2016, 40:7, p. 603-623.
8. Brachman, Jarret. "*Anwar al-Awlaki*". Encyclopedia Britannica, 2022, Достапно на: https://www.britannica.com/biography/Anwar-al-Awlaki
9. Bradly Arthur, Shadnia Deeba, Examining online migration to terrorist and violent extremist – owned domains, Tech Against Terrorism, Program on

Extremism THE GEORGE WASHINGTON UNIVERSITY, 2022, p. 8. Достапно на: https://extremism.gwu.edu/sites/g/files/zaxdzs2191/f/Examining_Online_Migration_to_Terrorist_and_Violent_Extremist-Owned_Domains_TATFinal.pdf

10. Brantly Aaron, "Innovation and Adaptation in Jihadist Digital Security", *Survival,* 59:1, 79-102, Достапно на: https://cyber.army.mil/Portals/3/Documents/publications/external/Innovation%20and%20Adaptation%20in%20Jihadist%20Digital%20Security.pdf?ver=2017-09-26-112945-287
11. Bregman Michael, "*The Deep Web: Surfacing Hidden Value*", BrightPlanet - Deep Content, 2001.
12. Brian M. Jenkins, "*The Study of Terrorism: Definitional problems",* Santa Monica: RAND, 1980.
13. Brian Michael Jenkins, "*The New Age of Terrorism*," in David G. Kamien, The McGraw-Hill Homeland Security Handbook, New York: McGraw-Hill, 2006.
14. Buzz feed News, "This Is How ISIS Uses The Internet", *News Paper*, 2016, достапно на: https://www.buzzfeednews.com/article/sheerafrenkel/everything-you-ever-wanted-to-know-about-how-isis-uses-the-i
15. Cambridge Dictionary, "Meaning of propaganda in English", достапно на: https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/propaganda
16. Charlie Winter, The Virtual 'Caliphate': Understanding Islamic State's Propaganda Strategy, *Quilliam,* 2015, p.6-8 Достапно на: https://core.ac.uk/download/pdf/30671634.pdf
17. CNN, "British police tricked terror suspect into handing over phone, source says", *News Paper,* 2016, достапно на: https://edition.cnn.com/2016/04/01/europe/uk-isis-terror-convictions/index.html
18. Commission of the European Communities, "Terrorist recruitment: addressing the factors contributing to violent radicalisation", Brussels, 21.9.2005, стр. 1-3, достапно на:

https://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2005:0313:FIN:EN:PDF

19. COUNCIL OF EUROPE HANDBOOK, For prison and probation services regarding radicalization and violent extremism, Strasbourg, 1 December 2016, p.10. Достапно на: https://rm.coe.int/16806f9aa9
20. Development Initiatives, Poverty trends: global, regional and national, November, 2021, p. 7-10.
21. Diego Muro, „*WHAT DOES RADICALISATION LOOK LIKE? Four visualisations of socialisation into violent extremism*", Barcelona Centre for International Affairs, December 2016. Достапно на: https://www.cidob.org/publicaciones/serie_de_publicacion/notes_internacionals_cidob/n1_163/what_does_radicalisation_look_like_four_visualisations_of_socialisation_into_violent_extremism
22. Dominik Mojsi, *Geopolitika televizijskih serija*, Postanak Clio, 2016, p. 83-99. EL PAIS, Spain. Достапно на: https://english.elpais.com/elpais/2016/04/11/inenglish/1460370181_128829.html
23. European Comission, "Counter terrorism and radicalisation", достапно на: https://home-affairs.ec.europa.eu/policies/internal-security/counter-terrorism-and-radicalisation/prevention-radicalisation_en
24. European Comission, „Strategic Orientations on a coordinated EU approach to prevention of radicalisation 2022-2023", достапно на: https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/2022-03/2022-2023%20Strategic%20orientations%20on%20a%20coordinated%20EU%20approach%20to%20prevention%20of%20radicalisation_en.pdf
25. European Commission's Exprets Group on Violent Radicalisation, "Radicalisation Processes Leading to Act of Terorrism", Report 15 May, 2008, p. 9, report for the European commission, 2008.
26. European Parliament, "MEPs approve removal of online terrorist content within an hour", News, 2019, Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/news/en/headlines/priorities/terrorism/20190919STO61425/meps-approve-removal-of-online-terrorist-content-within-an-hour

27. EUROPOL, "European Union Terrorism Situation and Trend report", Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2021. Достапно на: https://www.europol.europa.eu/publication-events/main-reports/european-union-terrorism-situation-and-trend-report-2022-te-sat
28. Evans T. Aleksandra, Williams J. Heather, How extremism operates online: A primer, RAND Corporation, 2022.
29. Fazli, Reza, Casey Johnson, and Peyton Cooke. "Understanding and Countering Violent Extremism in Afghanistan." US Institute of Peace, 2015 http://www.jstor.org/stable/resrep12211
30. Fisher Ali, Nico Prucha and Emily Winterbotham, "Mapping the Jihadist Information Ecosystem", *Global Research Network on Terrorism and Technology*: Paper No. 6. p.19-20. Достапно на: https://static.rusi.org/20190716_grntt_paper_06.pdf
31. Gabriel Weimann, "How modern terrorism use the Internet", United States Institute of Peace, Special Report 116, 2004. Достапно на: https://www.usip.org/sites/default/files/sr116.pdf
32. Gabriel Weimann, Going darker? The challenge of dark net terrorism, Wilson Center, 2018, Достапно на: https://www.wilsoncenter.org/sites/default/files/media/documents/publication/going_darker_challenge_of_dark_net_terrorism.pdf
33. Gemmerli, Tobias "RADICALISATION: A POLITICALLY CONTRIVED CONCEPT", Danish Institute for International Studies, 2015. JSTOR,http://www.jstor.org/stable/resrep13232
34. Ghappour Ahmed, "Searching Places Unknown: Law Enforcement Jurisdiction on the Dark Web", Stanford Law Review, vol. 69, no. 4, 2017, pp. 1075–136. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/26166304
35. Government of Canada, National Strategy on Countering Radicalization to Violence, Canada centre for community engagement and prevention of Violence, 2018, p. 13. Достапно на: https://www.publicsafety.gc.ca/cnt/rsrcs/pblctns/ntnl-strtg-cntrng-rdclztn-vlnc/ntnl-strtg-cntrng-rdclztn-vlnc-en.pdf
36. Government of Sweden, Action plan to safeguard democracy against violence promoting extremism, Government communication 2011/12:44, p. 9. Достапно на:

https://www.government.se/49b75d/contentassets/b94f163a3c5941aebaeb78174ea27a29/action-plan-to-safeguard-democracy-against-violence-promoting-extremism-skr.-20111244

37. Hatam El Zein, "*Is the internet the main medium of transmitting terrorism?*", 2015, Edith Cowan University, Joondalup Campus, Perth, Western Australia, 16th Australian Information Warfare Conference 2015.
38. Heather J. Williams, Alexandra T. Evans, Jamie Ryan, Erike E. mueller, *The online extremist ecosystem,* RAND corporation, 2021.
39. Hedges, Paul. "Radicalisation: Examining a Concept, Its Use and Abuse." Counter Terrorist Trends and Analyses, vol. 9, no. 10, 2017. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/26351560.
40. Home Office, Prevent Strategy, The Stationery Office Limited, United Kingdom, 2011 Достапно на: https://www.gov.uk/government/publications/prevent-strategy-2011
41. Ian Ross, J, "Deconstructing the terrorism–news media relationship", *Crime, Media, Culture,* 3(2), 2007, p. 215–225. Достапно на: https://journals.sagepub.com/doi/10.1177/1741659007078555
42. INSITE Blog on terrorism and extremism, "PRISM and US Government Surveillance: No News to Jihadists", *News Paper*, Достапно на: https://news.siteintelgroup.com/blog/index.php/component/content/article?id=3208:prism-and-us-government-surveillance-no-news-to-jihadists
43. Institute for Economics & Peace. *Global Terrorism Index 2022: Measuring the Impact of Terrorism,* Sydney, March 2022. Достапно на: http://visionofhumanity.org/resources
44. International Business Time, "ISIS Terrorists Used Disposable Burner Phones, Activated Just Hours Before, To Carry Out Paris Attacks", *News paper,* 2016, достапно на: https://www.ibtimes.com/isis-terrorists-used-disposable-burner-phones-activated-just-hours-carry-out-paris-2340265
45. ISPI, "*Digital Jihad: Online Communication and Violent Extremism*", Edited by Francesco Marone, Milano, First edition: 2019. Достапно на: https://med.ispionline.it/publication/digital-jihad-online-communication-and-violent-extremism/

46. Israel: New Comprehensive Counterterrorism Legislation Adopted," Library of Congress: Global Legal Monitor, 15 June 2016.
47. J.M Berger, "Internet prvides terrorists with tools – just like everyone else", News *IntelWire*, Jully, 2011 Достапно на: http://news.intelwire.com/2011/07/internet-provides-terrorists-with-tools.html
48. Kangdim Dingji Maza, Umut Koldas and Sait Aksit, "Challenges of Countering Terrorist Recruitment in the Lake Chad Region: The Case of Boko Haram", Religions 2020.
49. KEARNS, ERIN. "Terrorism: as communicative and miscommunicative violence", Counterterrorism yearbook, 2020, edited by Isaac Kfir and John Coyne, Australian Strategic Policy Institute, 2020. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/resrep25133.18
50. Kent Layne Oots, "*Organizational Perspectives on the Formation and Disintegration of Terrorist Groups," Terrorism – Critical concepts in political science*, Routledge, Volume III, 2006. Достапно на: https://books.google.mk/books?id=kdGlbkQm5bgC&pg=PA64&lpg=PA64&dq=Kent+Layne+Oots,+Organizational+Perspectives+on+the+Formation+and+Disintegration+of+Terrorist+Groups&source=bl&ots=CbKYk2ZoiV&sig=ACfU3U0EAEUncrTwjcx0IYYlpNyv4y8Xcw&hl=en&sa=X&ved=2ahUKEwih97CClOj8AhXOl4sKHdGoABcQ6AF6BAgIEAM#v=onepage&q=Kent%20Layne%20Oots%2C%20Organizational%20Perspectives%20on%20the%20Formation%20and%20Disintegration%20of%20Terrorist%20Groups&f=false
51. Kirdemir Baris, EVOLUTION OF VIOLENT EXTREMIST AND TERRORIST THREATS ON SOCIAL WEB, Centre for Economics and Foreign Policy Studies, 2020. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/resrep26085.
52. Krause, Dino. "How Transnational Is 'Transnational'? Foreign Fighter Recruitment and Transnational Operations among Affiliates of al-Qaeda and the Islamic State." *Perspectives on Terrorism*, vol. 16, no. 1, 2022, pp. 23–37. JSTOR, https://www.jstor.org/stable/27107495
53. Lacquer, Walter "*The futility of Terrorism*" Harper's, March. 1976.
54. Laqueur, Walter. *The Age of Terrorism* (2nd ed.). Boston: Little & Brown, 1987.

55. LOWE, PETA. "*Youth and Violent Extremism*." COUNTERTERRORISM YEARBOOK 2020, edited by Isaac Kfir and John Coyne, Australian Strategic Policy Institute, 2020.
Достапно на: JSTOR, http://www.jstor.org/stable/resrep25133.9.
56. Macklin, G., 'The El Paso Terrorist Attack: The Chain Reaction of Global Right-Wing Terror', CTC Sentinel, Vol. 12, Issue 11, December 2019, pp. 1-9. Достапно на: https://ctc.usma.edu/el-paso-terrorist-attack-chain-reaction-global-right-wing-terror/
57. Makuch, B. and Lamoureux, M., 'Neo-Nazis Are Organizing Secretive Paramilitary Training Across America', *VICE News*, 20 November 2018. Достапно на: https://www.vice.com/en_us/article/a3mexp/neo-nazis-are-organizing-secretive-paramilitary-training-across-america
58. Malik Nikita, *Terror in the dark: how terrorists use encryption, the darknet, and cryptocurrencies*, Centre for the response to radicalisation and terrorism, 2018, Достапно на:
https://henryjacksonsociety.org/wp-content/uploads/2018/04/Terror-in-the-Dark.pdf
59. Margaret Thatcher Foudation, "Speech to American Bar Association", Thatcher Archive: speaking text, 1985, достапно на:
https://www.margaretthatcher.org/document/106096
60. Marin Ion, "The role of news media in connection with global terrorism", *Geopolitics, History, and International Relations*, vol. 1, no. 2, 2009, pp. 159–63. JSTOR, https://www.jstor.org/stable/26804006
61. Martha Crenshaw, "*Rethinking Transnational Terrorism an integrated approach*", United States Institute of Peace, Peaceworks No. 158, 2020.
62. Maza, K.D.; Koldas, U.; Aksit, S. Challenges of Countering Terrorist Recruitment in the Lake Chad Region: The Case of Boko Haram. Peace, Politics, and Religion: Volume 1, 2020, p.3-4. Достапно на:
https://doi.org/10.3390/rel11020096
63. Moiseienko Anton, Understanding Financial Crime Risks in E-Commerce, *RUSI Occasional Paper*, January 2020, p. 9,18. Достапно на:
https://static.rusi.org/20191312_e_commerce_risks_moiseienko_final.pdf

64. Michael George. "The New Media and the Rise of Exhortatory Terrorism." *Strategic Studies Quarterly*, vol. 7, no. 1, 2013, pp. 40–68. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/26270575
65. Nacos, B. Mass-Mediated Terrorism: *The Central Role of the Media in Terrorism and Counter-Terrorism* (2nd edition) Rowman and Littlefield, Maryland, 2007.
66. New's papers, The Irish Sun, достапно на: https://www.thesun.ie/news/9723936/istanbul-bomb-suspect-confesses-paraded/
67. News paper Vice media group, "How Jihadists Use The Internet", 2014, Достапно на: https://www.vice.com/en/article/7b7bmx/how-jihadists-use-the-internet
68. Norwegian Refugee council, "Countering Violent Extremism and Humanitarian Action Countering Violent Extremism and Humanitarian Action", 2016, p.2. Достапно на: https://www.nrc.no/globalassets/pdf/position-papers/170622-nrc-position-paper_cve-and-humanitarian-action---fv.pdf
69. Office of the Historian, "Iranian crises", Department of state, USA, достапно на: https://history.state.gov/departmenthistory/short-history/iraniancrises
70. Organisation for Economic Co-operation and Development, An Introduction to Online Platforms and Their Role in the Digital Transformation, OECD publishing, Paris, 2019. Достапно на: https://read.oecd-ilibrary.org/science-and-technology/an-introduction-to-online-platforms-and-their-role-in-the-digital-transformation_53e5f593-en#page4
71. Oxford Dictionary, "Definition of radicalisation", достапно на: https://www.oxfordlearnersdictionaries.com/definition/english/radicalization?q=radicalisation
72. Perešin Anita, "Mass Media and Terrorism", Medij. istraž. (god. 13, br. 1) 2007, p.5-22 Достапно на https://hrcak.srce.hr/file/28073
73. Public Safety Canada, "Assessing the Risk of Violent Extremists", Research Summary, vol. 14, 2009 no. 4.
74. Randy Borum, *Psychology of Terrorism*, University of South Florida, 2004. Достапно на: https://www.ojp.gov/pdffiles1/nij/grants/208552.pdf

75. Rankovic Miodrag, "*SAVREMENI/GLOBALNI TERORIZAM: SOCIOLOŠKI PRISTUP*", Beograd, 2005.
76. Reuters, "U.S. court: Mass surveillance program exposed by Snowden was illegal", *News paper*, 2020, достапно на: https://www.reuters.com/article/us-usa-nsa-spying-idUSKBN25T3CK
77. Rieger, Frischlich, Bente, *Propaganda 2.0 Psychological effects of right-wing and Islamic extremist internet videos*, Wolters Kluwer Deutschland GmbH, Luxemburger, 2013. Достапно на: https://eucpn.org/sites/default/files/document/files/39._propaganda_2.0_-_psychological_effects_of_right-wing_and_islamistic__extremist__internet_videos.pdf
78. Robert Graham, "How Terrorists Use Encryption", Combating Terrorism Center at West Point, *Sentinel Volume*, Issue 6, 2016, p.22. Достапно на: https://ctc.westpoint.edu/wp-content/uploads/2016/06/CTC-SENTINEL_Vol9Iss614.pdf
79. Scaife Laura, *Social Networks as the New Frontier of Terrorism,* Routledge, New York, 2017.
80. Schuurman, Bart. "Non-Involvement in Terrorist Violence: Understanding the Most Common Outcome of Radicalization Processes." *Perspectives on Terrorism,* vol. 14, no. 6, 2020, pp. 14–26. Достапно на: JSTOR,https://www.jstor.org/stable/26964722.
81. Schmid P. Alex, Radicalisation, De-Radicalisation, Counter-Radicalisation: A conceptual Discussion and Literature Review, International Centre for Counter-Terorrism – The Hague, 2013, p. 17-18. Достапно на: https://www.icct.nl/app/uploads/download/file/ICCT-Schmid-Radicalisation-De-Radicalisation-Counter-Radicalisation-March-2013.pdf
82. Security Affairs, "Al-Qaeda is developing new Encryption tools in response to NSA surveillance", *News paper*, 2014, достапно на: https://securityaffairs.co/24978/cyber-crime/al-qaeda-encryption-tools.html
83. Simpson Matthew, "Terrorism and Corruption: Alternatives for Goal Attainment Within Political Opportunity Structures", *International Journal of Sociology,* vol. 44, no. 2, 2014, pp. 87–104. Достапно на: JSTOR, http://www.jstor.org/stable/43301234

84. Sirkku Hellsten, "*Radicalisation and terrorist recruitment among Kenya's*", Nordic Africa Institute, 2016.
85. Stern Jessica, J.M. Berger, ISIS the state of terror, First EPub Edition, MARCH 2015, p.118 Достапно на: https://www.pdfdrive.com/isis-the-state-of-terror-e158774806.html
86. The Financial Action Task Force, "Annual Report 2020-2021", FATF, Достапно на: https://www.fatf-gafi.org/en/ publications /Fatfgeneral /Annual-report-2020-2021.html
87. The Washington institute for near east policy, "*Prosecuting Terrorism beyond 'Material Support*" Policy Analysis by Matthew Levitt, 2018, Достапно на: https://www.washingtoninstitute.org/policy-analysis/prosecuting-terrorism-beyond-material-support
88. The Guardian, "NSA files: DECODED", *News Paper,* 2013 Достапно на: https://www.theguardian.com/world/interactive/2013/nov/01/snowden-nsa-files-surveillance-revelations-decoded#section/1
89. U.S. Department of state, "Country reports on terrorism: 2020", BUREAU OF COUNTERTERRORISM, Достапно на: https://www.state.gov/reports/country-reports-on-terrorism-2020/north-macedonia/
90. United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization, Preventing violent extremism through education, Paris, 2017. Достапно на https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000247764
91. UNODC, *Handbook on Children Recruited and Exploited by Terrorist and Violent Extremist Groups: The Role of the Justice System,* Viena, 2017. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/terrorism/Publications/HB%20Children/Handbook_on_Children_Recruited_and_Exploited_by_Terrorist_and_Violent_Extremist_Groups_the_Role_of_the_Justice_System.E.pdf
92. Weimann Gabriel, *New Terrorism and New Media*, DC: Commons Lab of the Woodrow Wilson International Center for Scholars, Washington, 2014. Достапно на: http://www.wilsoncenter.org/publication/newterrorism-and-new-media

93. West, Levi J. “#Jihad: Understanding Social Media as a Weapon.” *Security Challenges*, vol. 12, no. 2, 2016, pp. 9-26. JSTOR, www.jstor.org/stable/26465604

94. Ванковска Билјана, *Меѓународна безбедност: Критички пристап, Филозофски факултет*, Скопје, 2011.

95. Ванковска Билјана, *Меѓународната безбедност во 21 век: војанта е мир, мирот е војна*, Бомат графикс, Скопје, 2007 година.

96. Котовчевски Митко, *Менацирање на терористички закани*, Филзофоски Факултет, Скопје, 2011.

97. Котовчевски Митко, *Национална безбедност*, Филозофски Факултет, Скопје, 2011.

98. Котовчевски Митко, *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје. 2003 година.

99. Лажетиќ Гордана, Нанев Лазар, Кошевалиска Олга, Петровска Невена, “Меморандумот од НУШТЕЛ: Добри практики за правда за децата во антитерористички контекст”, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 2019 година, Достапна на: http://maclc.mk/Upload/Documents/Microsoft%20Word%20%20Lazetic%20Nanev%20Koshevaliska%20Petrovska_%D0%9B%D0%95%D0%9A.doc.pdf

100. Милошевска Тања, *Глобален тероризам*, Филозофски Факултет, Скопје, 2018.

101. Мирослав М. Талијан, *Политика националне безбедности*, Универзитет одбране у Београду, Војна академија, Београд, 2016 година.

102. Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, “Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018-2022), Влада на Република Македонија“, Скопје, 2018.

103. Пол Д. Вилијамс, *Студии по безбедност:Вовед*, Арс Ламина, Скопје, 2012 година.

104. UNODC, “E4J University Module Series: Counter-Terrorism”, 2018, Достапно на: https://www.unodc.org/e4j/en/terrorism/module-2/key-issues/drivers-of-violent-extremism.html

105. ZD net, “Terrorist encryption tools nothing more than 'security cape' and gov't red flag”, *News paper*, 2015, Достапно на: https://www.zdnet.com/article/black-flag-ops-exposed-terrorist-security-tools-a-red-flag-to-govt-agencies/